МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ
„ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН“
СВЕТИ НИКОЛЕ – БИТОЛА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА



ФАКУЛТЕТ ЗА ПСИХОЛОГИЈА
СТУДИСКА ПРОГРАМА: КЛИНИЧКА ПСИХОЛОГИЈА

МАГИСТЕРСКИ ТРУД

ИСТРАЖУВАЊЕ ЗА ОДНОСОТ НА ЦРТИТЕ НА ЛИЧНОСТА ОД СПЕКТАРОТ НА ТЕМНАТА ТРИЈАДА И АФЕКТИВНАТА ПАРТНЕРСКА ПРИВРЗАНОСТ

МЕНТОР:
ПРОФ. Д-Р САШО КОЧАНКОВСКИ

СТУДЕНТ:
ДРАГАН ЈОВАНОВСКИБРОЈ НА ИНДЕКС: 173006

Битола, 2020

АПСТРАКТ

Основата на овој труд е поврзувањето на два различни психолошки концепти како што се афективната приврзаност со нејзината специфичност изразена преку партнерските блиски врски и особините на личноста изразени преку темните црти на личноста. За разлика од концептот афективна приврзаност кој е присутен во литературата од седумдесетите години на прошлиот век, концепотот темна тријада е од почетокот на дваесетиот век и размерно е од понов датум и сеуште не е доволно истражен. Целта ни е да ја потврдиме поврзаноста на стиловите на партнерската приврзаност со темните црти на личноста. Во истражувањето учествуваа 140 испитаници кои успешно ги пополнаа прашалниците за искуствата во блиските врски и прашалникот на темната тријада. Податоците се добиени со методата *хартијамолив* и *он - лине* преку социјалната мрежа *facebook*. Спроведените статистички анализи ни покажаа дека темните особини се најмалку изразени кај испитаниците со сигурниот стил на афективната партнерска приврзаност кај кои се дефинирани со позитивна слика за себе(ниска анксиозност) и позитивна слика за другите(ниско одбегнување) кои се основа за изградба на квалитетни партнерски односи со доверба и стабилност,додека најголема изразеност на темните особини има кај испитаниците со дезорганизиран стил кои се дефинирани со негативна слика за себе (висока анксиозност) и негативна слика за другите (високо одбегнување) кај кои постои голема зависност од своите партнери и во исто време и страв од таа зависност, односно блискот поради можноста да ги откријат своите негативноси и со тоа да бидат напуштени и оставени сами.

Клучни зборови:Афективна приврзаност, темна тријада- особини, макијавелизам, нарцизам, психопатија

СОДРЖИНА

АПСТРАКТ I

Клучни зборови:Афективна приврзаност, темна тријада- особини, макијавелизам, нарцизам, психопатија I

I. ВОВЕД 1

1.1 Основа на теоријата за афективна приврзаност 4

1.1.1Развој на теоријата за афективна приврзаност 4

1.1.2Внатрешни работно емоционални модели 11

1.1.3.Афективна приврзаност кај возрасната популација 20

1.1.4 . Афективна приврзаност кај блиските партнерски врски 30

2.2. Особини на личноста од спектарот на Темната тријада 38

1.2.1.Макијавелизам 38

1.2.3. Психопатија 57

1.2.4. Темна тријада 64

1.3. Досегашни истражувања 67

1.4. Општа цел и проблеми на истражувањето 69

Хипотези 71

II.МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО 72

2.1. Популација и примерок 72

2.2 Инструменти 72

2.3. Организација и тек на истражувањето 75

III. РЕЗУЛТАТИ 77

IV. АНАЛИЗА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО И ДИСКУСИЈА 110

V. ЗАКЛУЧОК 127

VI. КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА 128

ПРИЛОЗИ..... 139

Приказ на објавени трудови 149

Постер презентација на Објавен научен труд за денови на психологијата Универзитет Загреб, 2015год. ..... А

I. ВОВЕД

Истражувањето е започнато со изборот и дефинирањето на тематаспоред актуелноста и важноста која ја има во денешно време и потребите за проширување на знаењата од областа на теоријата за афективна поврзаност и психичкиот конструкт темна тријада кој го сочинуваат конструктите макијавелизам, психопатија и нарцисоидност. Сакаме да го прошириме знаењето за теоријата на афективна поврзаност преку испитувањето на значајноста на разликите помеѓу сигурниот и несигурните стилови на афективната приврзаност, а во однос на цртите на личноста од спектарот на темната тријада. Со оглед дека не постојат многу истражувања за нивната поврзаност,се укажува потреба за испитување на влијанието на стиловите на афективната партнерска поврзаност врз особините на личноста од спектарот на Темната тријада. Емоциите односно емоционалноста низ историјата на човечкиот живот се тумачела на различни начини.Според Аристотел емоционалноста била резултат на човечките верувања, додека Декарт ги делел на основни и сложени од аспект на физиолошката природа. Дарвин ги сматрал како сретство за преживување односно како адаптивни елементи. СпоредOatley i Jenkins, (2007), Wiliam Jamesce интересирал за физичките промени врз човечкото тело кои се резултат на емоционалните искуства.Во средината на минатиот век најактуелна беше психоаналитичката школа на Сигмунд Фројд која во фокусот ја ставаше патолошката емоционалност и односот на мајката и детето, односно несвесното како резервоар на обрамбените механизми кои ја штитат личноста од болните емоционални искуства. Со оглед на тоа што во психоаналитичката психологија недостасуваше методолошкиот пристап, науката бараше други теории кои ќе можат да ја објаснат теоријата на афективна поврзаност. Најразвиена теорија за емоционалната врска на мајката и детето е теоријата за афективна поврзаност на John Bowlby.СпоредBolwby, (2011), оваа теорија ги објаснува однесувањата на сите луѓе бидејќи моделот на емоционалноста кој детето ќе го усвои во раната доб ги одредува моделите на однесување во текот на животот во возрасната доб вклучувајчи ги и партнерските љубовни односи. Според Bowlby(2011), афективната поврзаност претставува посебен вид на социоемоционални врски помеѓу примарниот старател и детето кој се формира во првата година од

животот на детето. Искуствата кои детето ги добива во односите со фигурите на приврзаност, се интернализираат и чуваат во долготрајната меморија Bowlby (1988).

Тој истакнува дека таквиот однос има еволуциски значај бидејќи детето ги користи емоциите да би ги задоволило некои од своите потреби како глад, жед, топлина и сигурност. Тоа не е способно само да обезбеди исполнување на своите потреби и затоа мора да е поврзано со некого кој ќе му ги исполни неговите потреби. Исто така детето сака и да ја истражува околината околу себе, поради што мора да се одалечи од својот старател и при тоа во зависност од далечината се активира механизмот за афективна поврзаност и тоа се враќа назад под целосна контрола и сигурноста на својата мајка. Овој механизам најдобро е илустриран со истражувањата на Mery Ainswort, Blehar i Wall (1998), при кое детето е оставано само од својата мајка и во присуство на непозната особа. Тоа за него претставуваше непозната ситуација во која се мереа варијаблите, реакција на детето кога мајкаму си заминуваше, негова реакција на непознатата особа и реакцијата кога ќе се вратеше неговата мајка. Според реакциите на детето Мери Ејнсворт правеше класификации на афективната поврзаност во типови на поврзаност како сигурен, анксиозен и одбегнувачки тип. Според Стефановиќ-Станојевиќ(2006), Mary Mainго дефинирала и дезорганизираниот образец на афективната приврзаност. Според Булјан Фландер (2001), типовите на афективна поврзаност се базираат на внатрешни работни модели односно на ментални репрезентации или интернализирани верувања на детето за својата компетентност. Тоа се *модел за себе* за деца кои се чувствуваат дека се вредни за љубовта на старателот и *модел на други*кој се однесува на чувствата и искуствата за својот старател. Ова е сигурен тип на афективна приврзаност, додека анксиозно поврзан тип е кога детето својот старател го доживува како непредвидлив за своите потреби и при тоа има внатрешен работен модел како уплашено и несигурно дете,а својот старател го доживува како недоверлив и несигурен, односно нема доверба во него и има модел за другите како недоверливи и несигурни. Одбегнувачкиот тип има внатрешен модел за себе како несакан и непожелен од примарната околина, а модел за другите е дека не им се потребни, односно немаат потреба за нив (со оглед на негативните искуства). СпоредBowlby (1988), во повеќето настани афективната поврзаност кој е формирана во првите три години од животот останува стабилна низ целиот живот и го обележува нашиот однос со околината, посебно во блиските врски со романтичен карактер. Така, кај анксиозно поврзаните особи, тие стално бараат внимание од својот партнер и

воедно се плашат ако останат напуштени, додека кај оние поединци кои имаат одбегнувачки тип на афективна приврзаност постои нивна одалеченост од нивните партнери и тие малку вложуваат во своите врски и се емоционални независни. Темната тријада претставува супклинички конструкт кој се состои од три црти на личноста кои се наоѓаат на страната на патолошкиот дел од личноста. Тоа се супклинички нарцизам, макијавелизам и супклиничка психопатија кои се разликуваат меѓусебно како концепти, но исто така и се преклопуваат емпириски во маладаптивните области на однесувањето.Исто така тие се манифестираат во одредени ситуации, каде се користат за постигнување на одредени цели преку експлоатирање, агресивно влијание и занемарување на туѓите чувства и интегритети, па во некои ситуации и на своја штета. Класичните класификации на антисоцијалните однесувања и нарцистичките пореметувања ги категоризираат, додека новите сваќања ги посматраат како димензии во супклиничка форма кои се присутни кај сите луѓе. Автори на овој конструкт се Delroy L. Paulhus и Kevin M. Williams од Канада. Според (Paulhus i Williams, 2002), заеднички елементи на овие три компоненти од конструктот темна тријада се манифестациите со користење на измами на другите, безобзирна агресивност, ставање себе во прв план за остварување на сопствените цели и интереси, самопромоции и равнодушност према чувствата на другите луѓе во својата околина. Овие елементи претставуваат заеднички антисоцијални аспекти на личноста, но поради разликите во манифестирањето на однесувањето тие можат да се посматраат и како меѓусебно одвоени. Според Williams, Paulhus i Hare(2007), супклиничката психопатија се карактеризира со антисоцијално однесување, импулсивност, интерперсонални манипулации и недостаток на емпатија. Смалената способност за контрола на импулсите ги доведува личностите кои имаат повисоки вредности на компонентата психопатија да манифестираат неодговорни и неприлагодени однесувања и насилства. Се користат со измами поради постигнување на тренутни добивки. Не учат од своите грешки, ригидни се во употребата на своите планови и се водат со остварување на моментално задоволство (Jones i Paulhus, 2011). Поради недостатокот на емпатија која се огледа во тоа да не можат да ги согледаат и разберат осеќањата на другите, имаат проблеми во интерперсоналните односи со својата блиска и далечна околина, (Ali i Chamorro - Premuzic, 2007).Нарцизмот како една од компонентите на темната тријада Според (Campbell1999), е претставен со грандиозен поим за себе, чувство на привилегираност и супериорност, јака насока на остварување себе си и своите цели и интереси, значајни недостатоци на интереси и емпатии за другите и максимално

искористување на другите. Супклиничкиот нарцизам се разликува од клиничкиот патолошки нарцизам кој е дијагностичка категорија во рамките на нарцистичкото пореметување. Супклиничкиот нарцизам е застапен со нарцистички црти на личноста. Разликите помеѓу нив се истакнуваат по степенот на адаптивност или неадаптивност кога се изразува потребата да се задржи високата слика за себе преку барање на самопотврдувачки искуства од околината(Čuržik i Jakšić, 2012). Според тоа нарцизмот може да биде патолошки како дијагностицирано пореметување, а може да биде и скуп на особини на личноста како грандиозност, доминантност, супериорност, арогантност и преценетост. Макијавелизмот како трета компонента од спектарот на темната тријада не е идентификован како психичко пореметување. Терминот настанал по името на филозофот, политичарот и писателот Никола Макијавели од Фиренца кој ја напишал книгата *Владател*во која се изнесени ставови, какви особини треба да поседува владателот да би владеел успешно. Пораката која се дава преку книгата е дека целта ги оправдува средствата и кажува дека се е дозволено да се користи, а како пример ја наведува себичноста, емоционална неосетливост, моќта, силата, неемпатичноста и неосетливоста за потребите на другите, а се како би се дошло до остварување на поставената цел, (McHoskey, 1999). СпоредRautmann & Kollar, 2012), макијавелизмот го карактеризираат следните карактеристики како ладно, цинично, прагматично и аморално размислување, стратегиско долгорочно планирање, материјалистичка насока и мотивација, измами и искористување на другите.

1.1 Основа на теоријата за афективна приврзаност

1.1.1Развој на теоријата за афективна приврзаност

Целта на предметното истражувањее да се истакне **в**ажностана теоријата за афективна поврзаност, посебно кај возрасната популација и нејзиното влијание на меѓусебните партнерски или љубовни блиски односи. Оваа теорија го дефинира развојниот, емоционалниот и социјалниот аспект на човекот и тоа дека тие аспекти се меѓусебно теоретски и емпириски поврзани (Bowlby, 1988). Творецот на оваа теорија е британскиот детски психијатар и психоаналитичар Bowlby John.



Слика бр. 1. (J. Bowlby, 1907-1990)

Теоријата за афективна поврзаност се ослонува на психодинамскиот пристап каде се дава значење на односот помеѓу детето и мајката, афективниот аспект кој е претставен според квалитетот на афективната приврзаност, која се огледа преку однесувањето да би се градела и одржувала блискоста со примарната личност, односно примарниот старател, потоа на бихевиоралниот аспект кој се застапува преку однесувањето на мајката и детето и заклучокот од опсервациите на однесувањата. Исто така е нагласен и еволуцискиот аспект кој покажува дека детето ги користи емоциите за да би ги задоволило своите физиолошки, емоционални и психолошки потреби. Тоа самото не може да ги задоволи своите потреби и затоа мора да биди поврзано со некој кој ќе му овозможи да ги задоволи своите потреби (Carlson i Sroufe, 1995). Според (Bowlby, 1988), афективната приврзаност претставува карактеристичен и специфичен однос помеѓу мајката и нејзиното дете од најраното детство и кој е усмерен од мајката според детето и како таков претставува асиметричен однос. Наведува дека афективната приврзаност е вродена диспозиција со силна потреба да се бара блискост од мајката како примарна фигура. Оваа диспозиција е посебно истакната во ситуациите кога се појавува страв, несигурност, глад, умор, болест, потреба за топлина, хигиена и нега. Приврзаноста претставува процес на однесување на мајката према детето.Мајката е исто предодредена да одговара на сигналите на детето и со тоа се докажува дека и таа има диспозиција на афективна приврзаност и со тоа способност да се грижи за детето додека тоа е беспомошно и неспособно за самостално грижење за себе. Главна хипотеза на неговата теорија е моделот на емоционалноста кој детето ќе го усвои во раната доб и кој одредува многу аспекти од животот во возрасната доб, како стилот на однесување при барање и одржување блискост со други личности. Тие аспекти можат да бидат емоционалното врзување во партнерските љубовни односи, односот према сопствените деца и нивниот одгој и воспитување, изборот на

професијата и местото на живеење. Таквиот однос и врска кон блиските особи му дава значење на оваа теорија како целоживотна теорија на емоционалниот развој, од периодот на новороденче па рано детство, адолесценција и зрела возраст. СпоредStefanović- Stanojević i sar.(2010), теоријата за афективна поврзаност и потребата за блиска емотивна врска и контакт претставува примарна човечка потреба и во текот на првите две години од животот, детето постепено го развива емотивниот однос со примарниот старател. СпоредRadonjić, (2004), детето може да оствари емотивен однос и со други блиски особи кои се значајни за развој во случаеви на губиток на мајката. неговиот емотивен Тие особи можат да бидат родителот и блиските од семејствотосо кои веќе има воспоставено некаков *емотивен* однос. Меѓутоа во случаевите кога нема адекватна блиска особа која би била трајна, детето воспоставува повеќе краткотрајни врски кои лесно се прекинуваат, а тоа ќе има за последица несигурен емотивен развој. Овие ситуации се чести кога детето е сместено во некоја институција. СпоредStefanović- Stanojević (2011), Болби својот теоретски концепт го претставил во Лондон во 1958 год., а во исто време во Соединетите Американски Држави зоологот Hari E. Harlou, доаѓа до истиот заклучок по експериментален пат на начин да во својот експеримент со тек родени резус мајмуни, кои ги одвојува од нивната мајка и ги сместува во кафези со вештачки мајки. Едната вештачка мајка е направена од жичана конструкција и има шишенце со млеко, додека другата е направена од меко платно и крзно и нема шишенце со млеко. Целта на експерименталното истражувањето беше да се дознае со која мајка младите повеќе ќе го поминуваат времето. Според психоаналитичката теорија повеќето време ќе го поминуваат со мајката која им обезбедува задоволување на примарната потреба, а тоа е потребата за храна. Експерименталното истражување покажа дека повеќето време го поминуваа кај мајката која беше направена одмеко платно и крзно и при тоа се осеќаа потопло и посигурно. Тие одеа до мајката направена од жичана конструкција само да се нахранат и потоа се враќаа назад. Експериментот покажал дека тие се поврзаа со мајката која им беше повеќе слична на правата мајка. Исто се покажа дека врската со мајката е примарна потреба, а не секундарна. Имаше многу критика и оптуживања за монотропизам, така да поради тоа тој мораше да редефинира некои од своите ставови, посебно на деловите од теоријата каде се наведуваат влијанијата на раните искуства на подоцнежниот развој на личноста.

Според Buljan-Flander (2001), теоријата за афективна поврзаност го вклучува и системот на контрола кој го објаснува тоа, зошто детето бара од својата мајка да биде

на одредено растојаније од него али исто така сака да ја истражува околината околу себе. Системот на контрола односно системот на поврзаност се вклучува кога мајката се одалечува од него и тоа тогаш го прекинува истражувањето на околината и ја бара неговата мајка која во овој случај го претставува поимот сигурна база.Овој механизам најповеќе го истражуваа M. Ainsworth, Blehar, Walters i Wall (1978), така што ги одвојуваа децата од нивните старатели и ги доведуваа во непознати ситуации со непознати личности и без присуство на старателите, односно од мајките. Од наведеното може да се препознае дека афективната приврзаност претставува една вродена диспозиција која има траен транзиционен карактер од почетокот како релациски карактер и однос, а понатаму таа може да се посматра како индивидуална особина на личностаод теоретски и емпириски аспект. Исто така афективната поврзаност има и инстиктивен карактер преку однесувањето на детето да ја осигура својата сигурност и да ја задоволи својата потреба која е од базичен карактеркако што претставува гладот или сексуалниот инстикт.

СпоредRoboteg- Saric (2011), афективната приврзаност е посебно изразена во ситуац кога има појави на стрес, кога е потребна присатност и помош од најблиските личности, односно од примарните фигури како би се задоволила потребата за сигурност.

Афективната поврзаност во својата основа има силни емоционални одговори и реакции со позитивни и негативни знаци кои претставуваат силни емоционални искуства на почетокот на животот на една нова единка и се многу значајни за подоцнежниот живот.

Болби ја редефинира теоријата од психоаналитичкиот предзнак односно од емоционална зависност во теорија на афективна зависност.


Постојат четири компоненти кои го одредуваат односот на афективната приврзаност и кои се манифестираат при однесувањето на детето според својот примарен скрбник(Ainsworth, Blehar, Waters i Wall, 1978; Bowlby, 1988, според Stefanovic-Stanojevic,2011).

1. барање на блискост,,

2. база на сигурност,

3. сигурно засолниште и

4. сепарациски протест.



Графикон бр. 1. Карактеристики на афективната приврзаност,
(према Stefanovic-Stanojevic, 2011).

1. Барање на блискоста се однесува на она однесување на детето со кое тоа настојува секогаш да биде во близина на примарната фигура.

2. Базата на сигурност го дефинира однесувањето со кое може слободно али и опрезно да ја истразува околината и сигурно да се врати во сигурниот простор под влијание на контрола на примарната фигура.

3. Сигурно засолниште е се она сто му дава застита од непредвидливи изненадувања и опасности. Тоа е простор на разбирање, давање на сигурност, подршка.

4. Сепарациони протест претставува она однесување на детето кога ја нема примарната фигура во близина

Мери Ејнсворт е позната како канадски научник која најповеќе се бавела со истражувањата во областа на теоријата за афективна поврзаност при што го употребуваше методот на опсервција на односот помеѓу мајката и детето во домашни услови.



Слика бр. 2. (M. Ainsworth, 1913-1999)

Таа работела и била дел од тимот на Болби до 1953 година кога се преселува во Уганда и продолжува со истражувањето на афективната поврзаност во домашни услови со опсервација на паровите мајка- дете. Поради тоа нејзините истражувања во Африка се познати под името *Уганда истражувачки проекти.*

Во истражувањето на *Уганда проектот* Мери Ејнсворт истражувала 28 парови мајка - дете, и при тоа таа ја истакнувала осетливоста на мајката на сигналите од нејзиното дете. Осетливоста ја мерела преку разговорот со мајките и тоа го поврзувала со однесувањето на детето кон мајката, дали е повлечено, повеќе поврзано или поврзано на некаков специфичен начин и однос. Исто така дали плачи малку, ретко или многуплачи.Познат е и нејзинит нареден проект наречен *Балтимор проект* каде ги истражува индивидуалните разлики преку истражување на 26 парови(дијади) мајка - дете и каде најповеќе користи метод на опсервација, додека многу малку употребува интервју како метод на истражување.Според Stefanovic-Stanojevic(2002), Мери Ејнсворт во проектотБалтимор ги утврдува индивидуалните разлики и одредува три основни типови на афективна поврзаност:

А-Несигурна афективна одбегнувачка поврзаност

Б- Сигурна афективна поврзаност

Ц- несигурна амбивалентна поврзаност

Овие видови на индивидуални разлики кои се утврдени помеѓу детето и мајката постојат и можат да се пресликаат и кај возрасните. Тоа се први класификации на индивидуалните разлики во рамките на теоријата за афективна приврзаност. Исто така таа прва ги воведува методите за испитување на афективната приврзаност.

Кај сигурната поврзаност постои пријатност поради блискоста и сигурност и доверба кога ќе се побара помош.

Со сигурната приврзаност е дефиниран поимот сигурна база која претставува основен предуслов за раст и развој на детето.

Кај несигурната амбивалентна поврзаност преовладува потреба за поголема блискост отколку што партнерот сака.

Додека кај несигурната одбегнувачка поврзаност преовладува стравот од блискоста, недоверба и незадоволство во партнерот, според Hazan,C., Shaver, P. R.,(1994).

Дел на *Балтимор проектот*, (Ainsworth, M.1991, според Stefanović- Stanojević 2011), е класичната техника за анализа на афективната поврзаност *Странски ситуации.* Тоа е техника со која се истражува однесувањето на детето, односно се истражува однесувањето и приврзаноста кога детето ќе се најде во ситуација на стрес. Постапката е планирана на таков начин да во просторијата каде е мајката со своето дете влезе странец и потоа мајката ја напушта просторијата. Након кратко време таа доаѓа и пак заминува. Се испитува однесувањето на детето во оваа ситуација. Природна ситуација би била кога детето ќе реагира, ќе се уплаши и ќе ја бара својата мајка. А кога таа ќе се врати, тоа ќе се смири. Ова однесување на детето е наречено примарна стратегија. Додека секундарна стратегија би била кога детето ќе се адаптира на оваа постапка и нема да реагирна осетно него ќе биде смирено али во исто време напето и со активно посматрање на околината околу себе. Врз основа на резултатите од ова постапка таа ги одредува односно ги класифицира индивудуалните разлики и ги дефинира трите наведени модели на афективната поврзаност.

Постојат многу студии кои ги проучуваат прашањата околу сепарацијата на детето од мајката. Bowlby развојот на афективната приврзаност ја има поделено на 4 фази. СпоредMarvin, R. S. i Britner, P. A. (1999), три фази се одвиваат во првата година, додека четвртата фаза почнува околу третата година.

Првата фаза е фаза на ориентација без дискриминација на специфичната особа или примарната фигура, во која детето се однесува така да со своите реакции го задржи вниманието и примарната фигура во своја близина. Меѓутоа детето и со другите фигури кои се во негова близина исто така реагира. На почетокот на односот, скрбникот одржува контакт со детето, али после неколку недели и детето одговара и воедно иницира контакт доколку скрбникот одговара во склад со приврзаното однесување на детето, како на примерсмешкање и плачење. Оваа фаза според Marvin, R. S. i Britner, P. A. (1999), трае од 8 до 12 недели.

Втората фаза е фаза во која се ориентацијата и сигналите усмерени според една или повеќе примарни особи. Меѓутоа сега веќе детето ја селектира едната фигура кој е доминантна според него и кој најповеќе му се посветуваа, а тоа е мајката. Контактот се остварува преку плачење, смешкање, доење, капење, облекување, гласот на мајката и покретите.

Третата фаза се однесува на одржување на близината преку сигнали, покрети, мимики. Ова се догаѓа помеѓу 6 и 9 месеци. Во оваа фаза детето станува приврзено до примарната фигура. Ја користи сигурната база кога истражува.

Четвртата фаза е фаза кога се формира партнерството и почнува помеѓу 3 и 4 година. Доаѓа до соработка и иницијатива од страна на детето во интеракциите. Она можи да го прати родителот и кога ќе му треба помош тоа ја бара. Поради контакти со други деца тоа се повеќе се одваја од мајката. Оваков редослед на фазите е приметен кај повеќе култури без оглед на разликите во начинот на одгајање на децата,Jerković V. (2005).

1.1.2Внатрешни работно емоционални модели

Патот од релацискиот однос помеѓу детето и мајката до трансформација во својство, односно особина на личноста на детето претставува процес во кој детето преку секојдневните искуства со неговата мајка гради свои слики и претстави за неа али и за себе. Според Болби (Bowlby, 2011), внатрешните работни модели се стабилни затоа што се формирани на емоционална база, но се изложени на влијанија на развојниот пат на детето, потоа на промените на старателот и на разни околински случувања како на пример појава на болести и поголеми трауми во блиската семејна

околина. Преку склопување на деталите кои секојдневно се поновуваат и надоградуваат и одговорите кои ги добива од мајката, се формира слика за себе како за единка која е повеќе или помалку заслужна на вниманието кое го добива од својата мајка. Многу е битен квалитетот на меѓусебните интеракции, сензитивноста, точноста како мајката ги декодира и дефинира сигналите кои и се праќаат од детето. Исто така се склопува и сликата и претставата за мајката дали е таа повеќе или помалку достапна за него кога ќе му е потребна. Тие претстави и слики се резултат на личните увереиа и очекувања од меѓусебните интеракции. Освен кон мајката детето развива односи на приврзаност и кон таткото,членовите на фамилијата, а покасно и кон пријателите, партнерите и сите кон кои постои долготраен емотивен однос. Според Болби (Bowlby, 2011), на овој начин се гради и структурира внатрешниот работен модел или механизам на афективната приврзаност, кој претставува операционализација на претставите и сликите кои се темелат на секојдневните заеднички искуства, за себе и за својот примарен скрбник кој најчесто е мајката. Наведената етиологија доведува до развивање на одредени когнитивни структури во биолошкиот систем кај детето како одраз на бихевиоралните образоци, односно доаѓа до интернализација на раните приврзаности. Внатрешните репрезентации на односот дете – родител стануваат важен дел на личноста. Внатрешниот работен модел се развива во постојана структура и делува по автоматизам и без намера. Управува со однесувањето кон родителите и има влијание на очекувањата, однесувањето и стратегиите во идните вероватни настани и врски. Како последица на структурирањето на внатрешниот работен модел е долготрајното влијание на афективната приврзаност врз природата и квалитетот на блиските односи и целоживотниот личен раст и развој (Nekic, 2005).СпоредStefanović-Stanojević (2011), теоријата за афективна приврзаност претставува развојна теорија, затоа што нејзините основачи Болби и другите негови соработници го објаснија процесот на претварање на надворешните интеракции помеѓу мајката и детето во ментални репрезентации односно во психички конструкт кај детето. Менталните репрезентации претставуваат одредени когнитивни и афективни структурикако резултат на интернализацијата на бихејвиоралните однесувања. Овие ментални репрезентации се наречени *внатрешни работни модели*. Врз нив се темелат однесувањата при афективната приврзаност и воедно се надоградуваат со стекнувањето на нови учења и искуства со новите ситуации. Тие претставуваат основа за стален раст и развој. Според Болби (Bowlby, 2011), внатрешниот модел за себе и за значајните други се формира врз база на процесите на интеракциите помеѓу детето со

примарната фигура, а тоа е најчесто мајката и значајните други лочности. Содржината на интеракциите ја сочинуваат примарната потреба на детето за афективно приврзување и одговорите на мајката и значајните други особи од блиската околина на детето. Внатрешните работни модели му помагаат на детето да ја разбере околината околу себе така што ќе го предвиди однесувањето, мислењето, осеќаите и постапките на другите и ќе ги регулира, разбере и управува со нивните постапки, али и ќе стекни почетни сознаниа за неговата улога во тие одговори. Ако мајката реагира адекватно и одговара на неговата експресија за нелагодност детето ќе ги развива очекувањата дека мајката е достапна за него кога се наоѓа во таква ситуација и при тоа е задоволно од нејзиниот одговор и постапка. Верува во својата мајка дека таа е достапна за него кога ќе му треба. Исто така кога има ситуација старателот да се игра со него и тоа му причинува задоволство, тоа ќе настојува да се однесува на таков начин како би се поновувал таквиот одговор на старателот. Ваквиот пример развива позитивен модел за другите кои се значајни за него, али и детето се осеќа дека е вредно и затоа добива одговори кои му причинуваат задоволство и се формита сигурен стил на афективна приврзаност. Во ситуациите кога мајката не одговара на неговите барања за грижа и смалување на нелагодноста тогаш се развива негативен модел за значајните други и истовремено и негативен модел за себе. СпоредMain, Caplan i Cassidy (1985), во индивидуалните разлики во стиловите на афективната приврзаност се наоѓаат индивидуалните разлики во менталните репрезентации, односно внатрешните работни модели на афективната приврзаност. Внатрешните работни модели ги вклучуваат емоциите, верувањата, очекувањата, стратегиите, дефинициите, и правилата на постапување при селекцијата на вниманието, интерпретацијата на информациите и одговорите и самата организација на памтењето. Внатрешните работни модели се и несвесни конструкти со кои се објаснува влијанието на раните искуства на подоцнежниот раст, развој и однесување. СпоредCrowel i Treboux, (1995), со нив се објаснуваат и реакциите во новите ситуации кога доаѓа до манифестација на афективната приврзаност и се објаснува афективната приврзаност која ги поврзува луѓето низ просторот и времето. Со ваквите објаснувања на афективната приврзаност се претставува дека сигурно приврзаното дете кое има интернализирано позитивен внатрешен работен модел за другите значајни фигури и позитивен внатрешен модел за себе како вредно и заслужно за добивање на љубов и внимание, елементите на неговиот внатрешен модел ќе ги употребува во сите комуникации и интеракции. Додека кај несигурно привразаното дете кај кое мајката е недоследна или селективно

доследна, надворешниот свет му изгледа опасен и несигурен, тоа ќе реагира со страв и несигурност и самото ќе се доживува како несакано и невредно за љубов, внимание и грижа. Ваквите верувања и очекувања се интернализирани и како такви тие се релативно постојани и непроменливи, ако не постојат надворешни фактори кои би влијаеле на појава на супротни интернализации. Како последица на негативните интернализации, околината за детето постанува опасно место за живот, односно искривена слика за светот. Според Болби (Bowlby, 1979), раните интернализирани репрезентации влијаат на идните очекувања кон значајните други фигури и воопшто кон другите особи и светот. Истиот образец делува и во ситуациите кога се појавуваат двосмислени информации со голема вероватност дека ќе се интерпретираат во склад со примарниот внатрешен модел. СпоредStefanović– Stanojević(2011), внатрешните модели за себе и моделот за значајните други фигури се комплементарни и тоа го објаснува со дефинициите на внатрешните модели. Моделот за себе претставува збир на очекувања и верувања на детето кои ги има за себе самото. До тие ставови доаѓа врз основа на квалитетот на односите на своите родители кои ги манифестираат кон него. Додека за односот на родителите односно значајните други особи кон него, тоа доаѓа исто врз основа на тоа како тие се однесуваат кон него. Ваквиот однос кој е интерактивен однос се состои од стабилни релации и претставува индивидуален стил на приврзаност и како таков е диференцијален. Болби (Bowlby, 1973), го објаснува внатрешниот работен модел преку главната карактеристика која претставува претпоставка за тоа кои се главните фигури на афективна приврзаност, каде се наоѓаат, каде можи да се најдат и какви одговори можи да се очекува од нив. Исто така и за моделот за себе се дефинира со тоа колку е детето важно за неговите примарни фигури, колку е прифатливо или не е прифатливо. Од квалитетот на овие структури зависи дали детето се чувствува сигурно или несигурно, прифатено или неприфатено.

Со оглед на тоа што наведовме дека работните модели се стабилни кроз време и простор постои потреба да се објасни дали се тие подложни на промени со оглед на тоа што единката се менува кроз цел животен век. Според Stefanović- Stanojević (2011), теоријата за афективна приврзаност дефинира дека раните искуства на детето го формираат внатрешниот работем модел и се поставува прашањето како развојните промени делуваат на постојаноста на внатрешниот работен модел. Одговорот е дека внатрешните работни модели мора да ги следат физичките, социјалните, биолошките и когнитивните промени кај единката кроз целиот животен период. Според Болби (Bowlby, 1973), објаснувањето за промените на внатрешните работни модели се наоѓа

во теоријата на Жан Пијаже за сензомоторниот период на развојот на детето. СпоредPiaget(1954),детето своето сознание за физичкиот свет го гради врз манипулацијата со предметите, додека Болби истакнува дека детето сознанието за социјалниот свет го добива преку комуникацијата и интеракцијата со луѓето кои се околу него и претставуваат примарни фигури за него и врз кои се формира и неговиот внатрешен работен модел. Така го дефинира поимот *коригирано партнерство* специфично за предшколската возраст кога детето ги разбира потребите на своите примарни фигури кои треба да се одвојат од него и својата потреба да биде со нив ја коригира со тоа што ги прати своите примарни фигури односно им се придружува. Ова е пример на промена на внатрешниот модел поради развојните промени кај детето. Bowlby (1973), за разлика од почетниот тврдокорен став дека внатрешниот модел е непроменлив, ја наведува могуќноста на промената на внатрешниот медел поради афективни промени кои настануваат поради промени кај родителите како на пример трауми, разводи, несреќи. СпоредKlark i Klark(1987), постојат можности за промена поради други негативни ситуација поради кои детето можи да го промени внатрешниот модел од сигурен во несигурен и во различен случај, иако одбрамбените механизми на внатрешниот работен модел ги спречуваат промените.

Според Inge Bretherton (Bretherton,1999),асимилацијата ја попречува промената на внатрешниот работен модел на таков начин да промените се прифаќаат на веќе формиран(научен образец) начин на прифаќање. Од друга страна асимилацијата е позитивни кога кај примарните фигури постојат негативни промени и внатрешниот работен модел не се менува поради асимилацијата, меѓутоа ако промените се догаѓаат доследно и упорно тогаш доаѓа до акомодација односно до промени. СпоредStefanović-Stanojević(2011), теоријата за афективна приврзаност дефинира дека детето својата прва афективна врска ја формира со фигурата која прва се грижи за него и понатаму кога ќе стане возрасен/на во форма на својот внатрешен работен модел ја пренесува на својот партнер/ка и на своите деца. Ваков трансгенерациски пренос на афективниот стил би бил премногу едноставен и аутоматизиран затоа што го исклучува влијанието на сите надворешни и внатрешни фактори кои влијаат врз на растот и развојот на човекот. Mein, Kaplan, N., Casidy, (1985), која беше студентка на Мери Ејнсворт, го направи првото истражување со тестирањето на хипотезата за трансгенерацискиот пренос на афективната приврзаност. Нејзината хипотеза ја застапуваше поставката на теоријата за афективна приврзаност дека формираните образоци ќе се премесуваат од една генерација на друга. Истражувањето ја потврди поставената хипотеза на Маин

дека класификацијата на родителската афективна приврзаност е позитивно поврзана со класификацијата на афективната приврзаност на нивните деца. Родителите со сигурна афективна приврзаност тип (Ф) имаа деца со афективна приврзаност тип (Б), родителите со афективна приврзаност тип (Д) имаа деца со нафективна приврзаност тип (А), додека родителите со афективна приврзаност тип (Е) имаа деца со афективна приврзаност тип (Ц). Меѓутоа во ова истражување споредStefanović- Stanojević(2011), не е докажано дека преносот на афективната приврзаност е направен врз база на образоците на афективната приврзаност од родителите. Истражувањето наMein M., & Goldwyn, R., (1998), кое го спроведе со испитување, односно интервју со возрасните, каква е нивната афективна приврзаност, покажа дека не е доволна само содржината на искуството од детството него е важна целокупната организација на вербализацијата при опишувањето на искуството со своите родители. Во ова остражување се наведува дека повеќето родители беа во состојба да дадат складен содржај кој е емотивно отворен и јасен за своето доживување на блискоста со своите родители во периодот на детството. Овие родители во интервјуто јасно и кохерентно говореа дека имале релативно сигурно детство и тие се класифицирани како родители со сигурна – автономна реакција (Ф). Нивното кохерентно интервју имаше висока корелација со сигурното однесување на нивните деца кои беа испитувани со методата *Странска ситуација* без оглед какво беше нивното искуство во детството со нивните родители. Важно е само интервјуто дали е кохерентно, и тие мајки кои имаа кохерентно интерјву, нивните деца беа класифицирани како сигурни со методата *Странска ситуација*. Помал број од родителите од групата отфрлување (Д), покажаа склоност кон избегнување на давање одговори на прашањата при интервуто и при тоа изјавуваа дека не знаат и дека заборавиле. Доста генерализираа со одговорите и не му даваа значај на афективната привреженост за својот развој во детството. Децата на овие родители при истражувањето со методата *Странска ситуација* покажаа тенденција на бихевиорално одбегнување на родителската близина и комуникација кога се наоѓаат во рискантна ситуација, што е во склад со невнимателноста и одбегнувањето на давање одговори на нивните родители при интервјуирањето. Родителите кои беа класифицирани во групата преокупирани (Е), се сеќаваа на нивните конфликти и неразрешени спомени од детството и при интервјуирањето тие ги прескокнуваа зададените прашања продолжувајќи да зборуваат за конфликтите и при тоа изразуваа лутење. Нивните деца при испитувањето со методата *Странска ситуација* покажуваа тендеција да ги бараат али не и да бараат засолниште од нив, него продолжуваа да плачат. Овој образец е

класифициран како амбивалентен. Ваквото однесување на децата е во склад со долгото кажување на нивните родители за конфликтите од детството кои не беа завршени со смирување. Четвртата група на родители е класифицирана како неразрешени – дезорганизирани (Уд), и при интерјуирањето покажаа пропусти кои го попречуваа текот на интервуирањето со лапсуси, неразбирлив говор, недоследности во кажувањата и морбидни содржини без причина. Децата на овие родители класифицирани се како дезорентирани(дезорганизирани) во испитувањето со методата *Странска ситуација*. (Main& Solomon, 1990,Stefanović– Stanojević, 2011), наведената класификација ја објаснија како збунувачко однесување со експресија на нејасни покрети и изрази на лицето, куси гести на страв, продолжена непокретност и стеротипи. (Mein& Hase, 1990, Stefanović– Stanojević, 2011),ја толкуваат оваа класификација со фигурата на родителот како единка која плаши или се плаши и поради тоа нивните деца бараат заштита од нив али во исто време и се плашат од нив. Оваа ситуација е позната како парадоксот *страв без решение* и е адекватна со репрезентацијата *конфузија во вербализацијата.*

Во врска со проблемите кои се јавуваат кога се поставува прашањето за влијанието на културата врз афективната приврзаност, истражувањето на Ван Ијзедоорн(V.Ijzedoorn(1999), ја потврдува универзалноста на резултатите на истражувањата на Мери Ејснворт за афективната приврзаност, додека за разликите кои се јавуваат тој наведува дека причината е поради одстапувањата кои постојат меѓу културите.Stefanović– Stanojević (2011), наведува дека во овие истражувања постои поголема нагласеност на амбивалентиот образец во однос на одбегнувачкиот. Тоа се објаснува со разликите во животот во земјите кои не припаѓаат на Северна Америка и Западна Европа, каде е повеќе нагласена сиримаштијата и моделот на фамилијата е поширок и покомпликован. Во истражувањата на Мери Ејнсворт(Ainsworth, M., 1967,СпоредStefanović- Stanojević 2011), таа ги надоградува првите класификации на афективната приврзаност со следните објаснувања на нејзините резултати од ова истражување и претставување на доминантните образоци на афективната приврзаност кај децата:

1. ТИП (А), *Несигурна одбегнувачка афективна приврзаност*

Во овој образец мајката е претставена како недостапна фигура за детето, односно како фигура која го одбива детето и не е респонзивна. Таа можи да се грижи за него, а да при тоа не одговара на неговите сигнали. Овој феномен е познат како *хоспитализам*кој е карактеристичен за институциите каде се сместуваат децата без

родители. Ова истражување покажува дека тој феномен можи да биди присутен и во фамилијарна средина. Со сталното повторување на однесувањето на мајката кон него тоа учи,формира и добива слика за себе како суштество кое не е доволно вредно и заслужно, а за околината добива слика како место кое е несигурно за него. Поради тоа се заштитува со одбрани во вид на одвојување од другите со дистанцираност и затвореност во себе.

2. ТИП(Б), *Сигурна афективна приврзаност*

Детето одовој тип на афективна приврзаност има слика за значајните други како особи кои му даваат љубов и се секогас присутни и одговараат на неговите сигнали за потреби. Сликата за себе им је како суштества кои се достојни за пружената љубов и внимание(Bowlby, 1988, споредStefanović- Stanojević, 2011). Децата развиваат слика за светот како сигурно место за нив и развиваат поверење во себе и во светот.

3. ТИП (Ц),*Несигурна амбивалентна афективна приврзаност*

Сликата за мајката е таква дека таа е стално недостапна за детето и неговите потреби и тоа не е сигурно во неа. Мајката селективно е респонзивна кон детето. Детето е збунето и оптеретено со себе во врска со неговото однесување како би требало да се однесува и на кој начин, како би го привлекло вниманието на себе. Како последица на ваквиот однос на мајката и ваквото однесување на детето, се развива пренагласено приврзување и лепење Според мајката. Тие деца постануваат зависни, затоа што стално треба да ја трошат својата енергија како би привлекле малку внимание на себе. Постојано се во страв дека ќе ја изгубат мајката и зато стално се со тензија на привлекување на вниманието кон себе и воедно контролирање на мајката. Адекватно со тоа што премногу енергија трошат со ваквото принудено однесување тие помалку се заинтересирани за нивната околина и со тоа слабее нивната истраживачка способност.

Паралелно со ваквата појава слабее и нивната интелектуална способност,оскуство и со тоа доаѓа и до појава на страв од околината, Casidy & Berlin, (1994).

4. ТИП(Д), *Несигурно и дезориентирано дете*

Потребата за појава и одредување на овој образец на афективната приврзаност се појави затоа што при класифицирањата на децата во истражувањата се идентифицираа деца кои не можеа да се класифицираат во предходните наведени образоци. Со истражувањата на (Radke&Yarow, M. at al., 1985, СпоредStefanović-Stanojević, 2011), на примерок од клиничката популација, евидентирани се деца во поголем процент кои не можеа да се класифицираат според предходните три образоци, се појави потреба од додавање на додатен образец. Нивното однесување не е однесување на афективна приврзаност затоа што нема елементи на сигурна и несигурна приврзаност и не се вклопува во концептуализацијата на афективната приврзаност. Како основни знаци и идентификатори за класифицирање на децата во овој образец (Д), претставува необичното и бизарно однесување кое е исклучиво покажано во ситуациите на повторната средба со мајката. Тогаш се евидентира дека кај детето не пости кохерентна организација во однесувањето во ситуацијата на стрес која настанува при повторната средба со мајката. Примери за такво необично однесување е појавата на настојување на се искачи по зидот или пак појавување на неочекувана вкочанетост на положбата на телото. Овие однесувања се дефинираат како бизарни. Според истражувањата овие деца своите родители ги доживуваат како уплашени или се плашат од нив. Во случаевите кога родителите се уплашени децата се плашат од нив и додатно се осеќаат несигурно. Самата фацијална екпресија која покажува страв, е вознемирувачка за децата и им внесува несигурност, страв и безнадежност. Додека во ситуацијата кога родителот е агресивен на било кој начин кај детето се ствара ситуација да мора да се плаши од родителот кој треба да му биде сигурна база и засолниште. Кај детето се ствара феноменот страв без решение. Тоа бара од една страна блискост и заштита, додека од друга страна се плаши од таа блискост и заштита. Доаѓа до појава на збунетост и амбивалентност односно внатрешен конфликт кај детето. Stefanović– Stanojević(2011), наведува дека ситуацијата во која детето го посматра својот родител како огледало во кое бара одговори за своето постапување е многу негативна и ја смета како пореметување кое е потешко и од научената безпомошност поради тоа што сега е случај кога детето формира слика и модел за себе додека кај научената безпомошност се работи за *модел на ситуација*. При истражувањата и испитувањата со методата*Странска ситуација*возможно е кај децата од ТИП(Д), да се идентифицира и секундарна организација на афективната приврзаност од типовите сигурна, амбивалентна и одбегнувачка афективна приврзаност. Ваквите објаснувања ја оправдуваат претпоставката дека афективната

приврзаност од ТИП (Д) се формира со распаѓањето на некоја од основните организации на афективната приврзаност, односно ТИП (А), (Б) и (Ц). Аналогно со овие докази во ситуациите каде се појавуваат знаците наведени во класификацијата ТИП (Д), седобиваат претпоставки за смерот на евентуална психотераписка постапка. Од наведената содржина на карактеристиките за образоците на афективната приврзаностможиме да заклучиме колкава е значајноста на теоријата за афективната приврзаност, односно на раните искуствана децата, како на сепарациското одвојување, така и на квалитетот на афективната приврзаност, на сигурната база и сигурното засолниште.Според Weiss, (1974), сигурната база и сигурното засолниште се примарно важни елементи за непречен раст и развиток кој почива на сталното истражување и откривање на новите сознанија.

1.1.3.Афективна приврзаност кај возрасната популација

Според теоријата на афективна приврзаност, образоците на приврзаноста ги одредуваат доживувањата на единката кроз целиот нејзин живот и како таква се пренесува на идните генерации. И покрај тоа што Болби беше насочен кон разбирањето на природата на односите помеѓу примарната фигура и детето, тој сепак веруваше дека приврзаноста ги одредува човечките доживувања кроз целиот живот. Тој истакнуваше дека работните внатрешни модели се стални, трајни и пренесливи трансгенерациски и дека влијаат посебно и на меѓучовечки релации кај возрасната популација Bowlby (1979). И покрај овие констатации, сепак немаше некои истажувања до средината на 80-те години од прошлиот век. Истражувањата за афективната приврзаност кај возрасната популација се темелат на двете претпоставки што ги постави Болби, (Bowlby,1969):

1.Организацијата на приврзаноста која е стекната во раното детство е релативно стабилна и присатна кроз целиот живот.

2.Романтичните партнери се фигури врз кои во возрасната доб се пренесува афективната приврзаност.

Првата претпоставка претставува основа за понатамошен развој и продолжување на теоријата за афективна приврзаност во областа на возрасната доба.

Додека врз основа на втората претпоставка исто се надоградува теоријата за афективна приврзаност со областа на парнерската афективна приврзаност.

Најголемите истражувања на афективната приврзаност ги работеа истражувачите Маин, Касиди и Каплан во 1985 год. од Калифорнија, од Универзитетот Беркли, (Main, Casidy, Kaplan,1985). Нивната цел беше да се истражува афективната приврзаноста кај возрасната популација и на нивните примарни афективни врски и внатрешни работни модели наафективната приврзаност како концепти кои влијаат врз човекот кроз целиот негов живот. Исто така тие работеа на создавањето методологија за емпириските истражувања и испитувања за проценка на возрасната популација. Тие го направија познатиот инструмент на речен *интервју за проценка на афективната приврзаност кај возрасната популација*(Adult Attachment Interview, AAI;George, Kaplan, & Main, 1985;Main & Goldwyn, 1984, СпоредCasidy, 1994), кој претставува техника која ја детектира природата на раните афективни односи и врски кај возрасната популација. Во основата на оваа техника се наоѓа концептот на траењето на афективната приврзаност од раната возраст па се до зрелата доб, (Stefanović- Stanojević, (2011). Мери Мејн и нејзините соработници при интервјуирањето на родителите не се насочуваја со прашањата специфично на конкретните настани од детството, него претежно се интересираа за реконструкцијата и елаборацијата на тие настани од детинството. Ја истакнуваа важноста на репрезентацијата на настаните од детството. При тоа значајно внимание му даваа на самата вербализација кај родителите на нивната репрезентација на содржината на настаните од детството. Организацијата на вербализацијата е претставена како посебна и многу значајна варијабла која ќе биде предмет на операционална анализа преку одредените индикатори.СпоредStefanović-Stanojević, (2011), самиот психолошки инструмент за испитување на афективната приврзаноста кај возрасната популација е конструиран на основите на теоријата за афективна приврзаност и концептот на внатрешните работни модели кои се состои од тврдењата:

1. Децата своите внатрешни работните модели ги развиваат рано.

2.Внатрешните работни моделите управуваат со однесувањето, вербалното изразување, афективното изразување на единката.

3.Внатрешните работни модели се делумно несвесни во своето функционирање.

4. Нивото на формалните операции е доволен услов за утврдување на внатрешните работни модели дека се значајни за растот и развојот.

5. Образецот на афективната приврзаност можи да се промени и без видливи промени во афективниот однос.

Adult Attachment Interview, AAI, е полуструктуриран психолошки инструмент од 15 прашања кои се темелат на искуствата од раното детинство кои се поврзани со сеќавањата на негативните искуства како што се несреќни случки, болести, одвајања, смрт на некој од најблиските луѓе и сл. Значајно е да се дознаат какви биле искуствата со своите родители во таквите ситуации кога механизмот на афективната привразаност е максимално активен. Резултатите од испитувањето се анализираат како искуство од раното детинство и како квалитет на вербализацијата на одговорите кои се на свесна и несвесна рамнина. При тоа се проценува складноста на вербализацијата и поврзаноста на настаните кои се одвиваа во раното детинство. При тоа е значајно да се добие проценка на способноста за опишување на детинството и влијанието на детинството врз развојот и растот на личноста. Интервјуто настанало врз база на 44 разговори со родителите. Врз нивните деца веќе била направена класификацијата со методата *Странска ситуација* и таа класификација е споредена со анализата на разговорите односно детектирани се содржините кои се во склад со класификацијата на афективната приврзаност кај децата. Проценувањето е направено преку скалите:

1.Скалата на сеќавање е изразена посебно за секој родител преку димензиите:
- отфрлување,
- замена на улогите,
- нгласено потенцирање на успехот на децата
- Занемарување на децата

2. Скала на тренутно расположење изразена посебно за секој родител преку димензиите:

- насокакон идеализација на родителите,
- насока на лутење Според родителите и
- циничен однос кон родотелите.

3. Скала на севкупен однос кон животот која е направена за двата родители заедно

- потенцирање на неможност на паметење на искуствата од детинството
- незаинтересирано излагање
- општ цинизам
- нереален страв од губее на децата
- нерасчистени губитоци
- нерасчистени трауми
- поврзаност односно кохерентност на изложената содржина
- поврзаност или кохерентност на свеста при излагањето

Врз основа на анализите на содржините се прави проценка на психолошкиот однос кои го имаат испитаниците врз афективната приврзаност во сегашноста, а не врз квалитетот на афективната приврзаност која ја имале кон родителите во раното детство односно во прошлоста.

Вербализацијата при излагањето на содржините од раното детство се проценува преку поврзаноста или кохерентноста на содржината или транскриптот и преку поврзаноста или кохерентноста на свеста при излагањето, споредGrice, (1975) кој ги постави правилата или максимите на конверзација.

Тие правила се:

1. Правила на квалитет кои се претставени со тоа што не смее да има нелогичности и контрадикции во заклучувањето

2. Правила на квантитет кои бараат да нема премногу или премалку информации.

3.Правила на релевантноста со кои се представува одговорите да бидат во склад со прашањата.

4. Правила на начинот на излагањето кои претставуваат излагање со јасни зборови.

После направените анализи по наведените критериуми, се прави класифицирање во облиците на афективната приврзаност.Според (Adult Attachment Interview, AAI;George, Kaplan, & Main, 1985;Main & Goldwyn, 1984, споредCasidy, 1994), формирани се 4 постојани образоци на афективна приврзаност кај возрасната популација, кои се темелат на внатрешните работни модели кои се дел од спектарот на емоционалнот живот и како такви влијаат на емоциите, желбите, потребите, мотивацијата и однесувањето во сите сфери од животот. Истражувачите наведуваат дека овие образоци на афективната приврзаност кај возрасната популација поради влијанието на околината и внатрешниот раст и развој се подложни на промени и го редефинираат ставот на Болби, авторот на оваа теорија дека работните модели се непроменливи, Bolby, (1973). Меѓутоа сепак повеќето популација егзистираат во услови кои не се многу променливи и образоците на афективната приврзаност се стабилни и како такви се пренесуваат на блиските особи во текот на животот. (George, Kaplan, & Main, 1985;Main & Goldwyn, 1984, споредCasidy, 1994),ги представуваат како доминанти следните 4 образоци на афективната приврзаност кај возрасната популација:

1. ТИП (Ф), категорија на сигурна афективна приврзаност која означува сигурен образец на афективна приврзаност кај детето и које ќе порасне во возрасна личност со сигурна афективна приврзаност. Имаат позитивен модел за себе дека се прифатени врз основа на нивната прифатеност и достапност од мајката и позитивен модел за другите дека тие се доследно достапни за нив. Додека во текот на животот стануваат личности со самодоверба во себе, самостални се и спремни за совладување на животните проблеми. Нивната спремност за совладување на животните потешкотии не е оптоварена со нерешени конфликти и трауми од детинството и како такви тие се позитивен пример за своите блиски во својот живот и таквите позитивни односи ги пренесуваат на своите деца. Во партнерските односи вложуваат квалитети, поверење и почитување.

2. ТИП (Дс), е категорија на несигурно избегнувачка афективна приврзаност која ги карактеризира личностите од возрасната популација како личности кои се

крути и усмерени на одбрани и отпори во секојдневниот живот. Во нивното детинство имало трауматични искуства како сепарации поради кои направиле штит околу себе како би се заштиле од натамошните искуства без оглед дали се реални или нереални. Затворени се во себе и тоа им се чини како најдобар избор за себе. Позитивниот модел за себе го тестираат со вложување во себе и во материјалните вредности за кои мислат дека нема да ги изневерат. Нивните емоционални реакции кон најблиските се со слаб интензитет, поради тоа што таквите реакции ги немале добиено од своите родители. И затоа внатрешниот работен модел за другите на афективната приврзаност е негативен и обележен е со недоверба во другите.

3. ТИП(Е), е категорија на образец на несигурно преокупирана афективна приврзаност која ги означува личностите кои се преокупирани со фигурата на афективната приврзаност и како деца биле амбивалентни и несигурни. Тие се бореле да го добијат вниманието и таквиот избор ги правело да се несигурни, несамостални и како возрасни личности кои се со неразрешени конфликти од детството и спремни за претерана афективност во односите. Поради оптеретеноста со сопствените очекувања и неразрешените конфликти и трауми тие немаат доволно простор и време да се посветат на актуелните животни задачи и цели и затоа прават погрешни перцепции и конклузии. Нивниот пристап кон блиските фигури е неадекватен и тие често се недостапни за своите блиски или се премногу вклучени кога нема потреба.

4. ТИП(Уд), е категорија на образец на афективна приврзаностkоја се карактеризира со насока на децата кон родителот. СпоредMain, (1999),која е автор на инструментот за пратење на образецот (Д), кај децата и врз тој инструмент го направи и инструментот за пратење кај возрасната популација,истакнува дека децата со оваков образец кога ќе пораснат може да се очекува дека тие личности ќе бидат склони да претерано ги контролираат блиските фигури, како би се ослободиле од сопствените ирационални стравови. Личностите со ваков образец на афективна приврзаност ќе функционираат со еден од наведените образоци ТИП (Дс), ТИП (Ф) и ТИП (Е), додека во стресните ситуации, ќе делуваат дезорентирано, односно ТИП (Уд).

Адолесценцијата е значајна развојна фаза во животот и споредBolby (1969), однесувањето поврзано со афективната приврзаност не е резервирано само за примарните фигури него и за другите особи во социјалната околина на детето кои му даваат подршка и љубов на детето. Со текот на растот и развојот на детето, се формира мрежа на фигури која се зголемува со кои постои афективна приврзаност.

Детето се приврзува со одговорните одгајатели во градинката, потоа со учителите, наставниците и врсниците.Посебно е значајна афективната приврзаност со врсниците. Адолесценцијата е најтежок период во животниот циклус поради тоа што во него се судираат проблемите од предходните периоди кои не биле успешно разрешени со новите развојни барања. Физичкиот излед се менува, се појавуваат интензивни сексуални потреби, околината се менува и се појавуваат разни симетрични реакција и отпори и кон родителите и другите блиски личности. Се појавува *димензијата иднина* која бара вложување на додатна енергија како би се дефинирале целите и правците на делување. Целта е да постигне разбирање и изградба на осеќањето за идентитетот кој ќе му овозможи да се себеси доживува како единствена и постојана личност. Во различен случај би дошло до паојава на збунетост, амбиваленција, изолирање, страв, несигурност и конфузност во мислењето и однесувањето.

СпоредWilkinson (2010), адолесценцијата е период во развојот во кој доаѓа до многу значајни промени во физичкиот изглед, социјалните односи, когнитивниот и емоционалниот развој. Доаѓа до прерасподела на користењето на слободното време, така што повеќето време се проведува со врсниците и пријателите кои се надвор од фамилијарната мрежа на фигури од афективната приврзаност. Меѓутоа родителите сеуште се фигури на афективната приврзаност(Margolese, Markowicz & Doyl, 2005).Овие афективни врски се посебно значајни во касното детинство и во периодот на адолесценцијата кога меѓусебните пријателски врски се многу јаки и многу значајни за психосоцијалниот и емоционалнити развој. Посебно се многу важни во периодот на транзиција помеѓу касното детинсво и адолесценцијта. Адолесценцијата е период на многу промени во интерперсоналните односи посебно кога се однесува на пријателските и интимните врски. Тоа е критичен период за развој на мозокот што влијае на повисоките когнитивни процеси и емоционалното и социјалното однесување. Тие процеси се значајни за квалитетот на социјалните врски, доаѓа до чести промени на расположениото кое е специфично за овој развоен период.СпоредStefanović- Stanojević (2011), теоријата за афективна приврзаност, адолесценцијата претставува развојна фаза во која афективната приврзаност со родителите е сеуште значајна, меѓутоа се наведува дека сега е присутен концептот на *коригирана соработка* што веќе го имавме објаснето. Во овој случај кога детето е во адолесцентна развојна фаза или период, односот со својот родител или примарните фигури би се меѓусебно коригирал и редефинирал. Ваквиот однос подразбира осетливост и чувствоност кај родителите за новите барања и потреби на нивното дете, односно за нивниот адолесцент. Ваквите

постапки на родителите би претставувале услов на развој на самопоузданието и осамосталувањето на нивниот адолесцент. Во овие односи меѓусебната корекција на целите би била со најсилен интензитет и родителите својата улога ја имаат во осетливоста, достапноста и реалната рестриктивност на не секогаш добро проценетите потреби од страна на нивниот адолесцент. (Crotevant & Cooper, 1986; Steinberg, Според Stefanović- Stanojević, 2011), во своите истражувања ги наведуваат добиените резултати а тоа се двата поими на афективната приврзаност кои се специфични за периодот адолесценција:

1. Потребата со која се бара постоење на *сигурна база* е примарно значајна за целата теорија на афективната приврзаност со посебно истакнување на периодот на адолесценција во кој најзначајна улога има потребата за самосталност и автономија на адолесцентот. Сигурната база им овозможува на адолесцентите слободно да ја истражуваат околината и при тоа се стекнуваат со нови информации и сознаниа кои ќе им овозмозат позитивна автономија од родителите и со тоа успешен раст и развој. *Сигурната база* им дава сигурност и самопоуздание при истражувањето и тие се осеќаат сигурно затоа што секогаш ќе можат да се вратат кога ќе имаат таква потреба, Weiss (1982).

2. *Сепарацискиот протест или автономија* кога се однесува на адолесценцијата е вториот појам од теоријата за афективна приврзаност кој е значаен за периодот адолесценција кој според Allen & Land (1999), претставува нов квалитет поради растот и развојот, односно способноста за апстрактно и логичко размислување на адолесцентот кој сега е способен да ја разбере, свати и прифати сепарацијата. Како пример за сепарација се наведуваат тешки болести и смрт на некои од блиските особи. Сепарацискиот процес е карактеристичен за детството, додека сега би бил процес на автономија каде адолесцентот сака да ја превлада потребата за родителите посебно кога е во присуство на врсниците. Потоа адолесцентите послободно можат да ја испитуваат својата автономија кога се сигурни дек имаат подршка од родителите и сегогаш можат да бараат совет и засолниште од нив. Ова е адекватно на истраживањата дека присатноста на автономијата кај адолесцентите, односно нивното автономното однесување високо корелира со позитивниот однос што адолесцентите го имаат со своите родители (Allem, Hauser, Bell & O Connor: според Allen & Land, 1999). Во тие о истражувањадобиени се резултати кои покажуваат дека адолесцентите кои во

детинството имале сигурна афективна приврзаност со родителите, во стресните ситуации повеќе ги одбирале своите мајки како објекти на афективната приврзаност, него адолесцентите кои во детинството имале несигурна афективна приврзаност и кои повеќе им се обраќале на пријателите и романтичните партнери.

Авторитена инструментот на проценување на афективната приврзаност на адолесцентската популација Armsden and Greenberg, (1987), истакнуваат дека афективната приврзаност треба да посматра преку релациите помеѓу квалитетот на комуникацијата, довербата и отуѓеноста кои во периодот на адолесценција добиваат нов квалитет.

1. *Комуникацијата* споредArmsden and Greenberg (1987),е клучно средство со кое се воспоставуваат адеквантни емоционални интеракции кроз целиот живот. Детето ќе бара блискост од родителите, додека адолесцентот ќе бара блискост али во облик на разбирање и совети и што е многу значајно да се истакне дека советите ги сака само тогаш кога тој ќе одлучи за тоа. Тоа е важен детал во тој процес на интреакции со што се изборува за својата самосталност и автономија.

2. *Довербата*како димензија се протолкува и дефинира какосигурност во блиските односи дека врсниците позитивно ќе одговораат на потребите на адолесцентот и со тоа се добива сигурност. Тој слободно ја изразува својата зависност од другата особа.

3. *Отуѓеноста* е димензија која е слична со димензиите отфрлување и одбегнување, и според тоа е многу значајна за афективната приврзаност.

Релациите помеѓу врсниците се со најголем интензитет во периодот на возраст од околу 14 години, апонатаму е во опаѓање преку средната и касната адолесценција (Steinberg, Silverberg, 1986,Stefanović- Stanojević, 2011). Во овие периоди на адолесценција афективна приврзаност со родителите се намалува, а се зголемува со врсниците. Истраживачите Hazan & Shaver(1991), во своите истражувања настојуваа да ги истакнат најважните особености на оваа афективна приврзаност и го конструираа и структурираа поимот наречен *шема на трансфер* каде го дефинираат преносот на *релацијата родител – дете* на *релацијата врсник – врсник*. Нивните резултати

покажаа дека трите компоненти од вкупните четири кои го карактеризираат односот на афективната приврзаност се елементи кои се во структурата на шемата на трансферот.

Првиот елемент на трансферот кој го превземаат врсниците е барање и *одржување на блискоста*. Овој елемент е застапен во периодот на детинството. Вториот елемент е *потребата за засолниште* со која се бара подршка и тешење и кој е присатен во периодот на касното детинство и адолесценција. Додека како трет елемент од *шемата на трансферот* е *базата на сигурност* кој врсниците го превземаат од своите родители дури кога се веќе возрасни и кога се формираат и партнерските афективни релации. Според Stenberg(1990),партнерската афективна приврзаност во адолесцентниот развоен период е во највисока корелација со раната афективна приврзаност. Споредтолкувањата кои произлегуваат од теоријата за афективна приврзаност, пријателството кое адолесцентите го формираат со своите врсници претставува афективна приврзаност врз која се рефлектира почетниот образец на афективната приврзаност со примарниот скрбник. Потоа се наведува дека се проучувани релациите помеѓу афективната приврзаност со родителите и различните аспекти во пријателските релации кај адолесцентите како што се кавалитетот на пријателството, концептот и врсничката компетенција. При тоа се утврдени карактеристиките дека кај сигурно приврзаните деца постојат поквалитетни пријателства, позитивни односи со врсниците, поголема социјална уклученост, поголема друштвена компетентност и поуспешно совладување на комуникацијските препреки, него кај децата кои имаа образец на несигурна афективна приврзаност со својот примарен скрбник.Адекватно со овие резултати може да се претпостави дека кај децата со образец на сигурна афективна приврзаност постои подобро прилагодување, помала анксиозност и подобра регулација на емоционалноста во социјалните ситуации. Според Allen & Land(1999),адолесценцијата емногу значаен период на асамосталување и стекнување на автономија и каде се одвива процесот на пренесување на потребата за афективна приврзаност од родителите на врсниците. Зависноста од врсниците која се јавува во раната адолесценција е резултат на учењето како да се пренесе приврзаноста на врсниците и претставува неснаоѓање во овој процес. Тоа се прави од причините со кои се сака, да му се препустат на врсниците исто како во случајот со родителите. Оваа зависност не е постојана и претставува дел од настојувањето на адолесцентот да ја развие афективната приврзаност во возрасната доба.

1.1.4 . Афективна приврзаност кај блиските партнерски врски

Болбиевата теорија е створена на темелите на истражувањата на афективните врски помеѓу детето кога ќе дојде на свет како доенче и мајката како најчеста примарна фигура, динамиката на процесите на афективната приврзаност кои се формирани во најраното детинство влијаат и на блиските врски во возрасната доба. Втората Болбиева претпоставка за романтичните партнерски фигури на афективната приврзаност кај возрасните личностие основа за јавување на нова област на афективната приврзаност наречена партнерска афективна приврзаност. Според Weiss, (1982,1991,1998), главните компоненти на афективната приврзаност:

1. потреба и постојаност на блискостаод примарната фигура
2. потреба на база на сигурност од страна на примарната фигура
3. појава на сепарацискиот протест при секое прекинување на блискоста
4. потреба на засолништево вид на подршка и утеха.

Овие компоненти се резултат на раните истражувања кај децата од најраниот период како доенчина и нивниот однос со примарната фигура се присатни и кај партнерските афективни врски.

Истражувањата покажаа дека и возрасните личности имаат потреба за блискост од својот партнер, најдобро и најсигурно се осеќаат во неговата близина, кога имаат потешкотии во решавањето на проблемите се враќаат кај својот партнер и бараат подршка, осеќаат несигурност при подолгите одвојувања и добиваат разбирање за своите проблеми. Истражувачите (Rubenstein & Shaver,1982, Shaver & Hazan, 1987, Weiss, 1974; споредStefanović- Stanojević, 2011), истакнуваат дека добиените резултати укажуваат на поврзаност помеѓу осаменоста и несигурната афективна приврзаност. Исто така укажуваат и на поврзаност помеѓу неквалитетните и проблематични врски кои се карактеризираат со специфична осаменост и несигурна приврзаност во раното детинство.При тоа партнерските врски се обележени со премногу окупирање и премногу одбегнување во односите и како такви тие се варијабилни и нестабилни. Први значајни истражувања на оваа област од афективната приврзаност кај возрасната популација се направени од истражувачите Филип Шејвер и Синди Хазан од Универзитетот Дејвис во Калифорнија. Според Stefanović- Stanojević, (2011), нивниот

студиски проект наречен *Студија за романтичната љубов*(Hazan & Shaver,1987), содржи систематизација на дотогашните сознанија за наведената проблематика од областа на партнерските односи каде тие ги објаснуваат аргументите поради кои партнерските врски имаат елементи на афективна приврзаност. На тој начин тие први ја прилагодија теоријата на ефективна приврзаност за партнерските врски. Според нив постојат големи сличности каде партнерот претставува сигурна база од која се усмерува кон запознавањето на непознатите области и откривања и креативни експериментирања. Во ситуација на загрозување, сигурната база претставува сигурност, утеха, заштита и простор за редефинирање на целите и задачите. Постојат паралели помеѓу односите *дете - мајка* и партнерските односи кај возрасната популација. Така се истакнуваат контактите стомак со стомак, галење и разменување на интимните искуства и емоции. Динамика на овие паралелни системи е многу слична.Според Bolby (1969), теоријата за афективна приврзаност, приврзаноста на детето е одредена преку конструктот наречен *вроден мотивациски систем* кој претставува еволуциски елемент и има намена за обезбедување на опстанок и сигурност на детето. *Вродениот мотивациски систем* претставува хомеостаза и тој овозможува во ситуациите кога примарната фигурна е достапна и е во близина детето да се осеќа сигурно, силно,да има самодоверба и да ја запознава и истражува околината околу себе.Во ситуации кога примарната фигура не е достапна и не е физички во близина, детето ќе се осеќа уплашено, несигурно во себе и покажува активизација при однесувањето барајќи ја примарната фигура прво со поглед и ако не ја види, тогаш и со плачење. Истраживачите Хазан и Шајвер афективната приврзаност ја проучаваат на темелите од истражувањата на Мери Ејнсворт, потенцирајќи ги истражувањата на индивидуалните разлики. Така тие на почетокот од своите истражувања класифицираа три различни образоци на афективната приврзаност:

1. Сигурен образец на афективната приврзаност кој е дефиниран со лесно стапување во контакт и без страв, со поверење, без стравови од напуштање.
2. Избегнувачки образец на афективната приврзаност е дефиниран со нелагоден чувство од приближување и поверење и страв од зависноста.
3. Преокупиран образец е дефиниран со страв од напуштање, преголема наметнатост при што се предизвикува нелагодност кај партнерот.


Овие три образоци на афективна приврзаност се дефинирани врз трите образоци од класификацијата на афективната приврзаност на децата што ја постулира Мери Ејнсворт, така што при истражувањето, испитаниците имаа задача да ги најдат сличностите во своите предходни љубавни искуства и да се одредат според образоците на Мери Ејнсвортпо принуден избор. Според Stefanović- Stanojević (2011), Хазан и Шејвер го истакнуваат значењето на внатрешните работни модели кои се резултат на ендогените и егзогените искуства од детскиот развој. Истражувањара покажаа дека внатрешните работни модели се релативно стабилни и отпорни на промени кои доаѓаат од надворешната околина. При тоа надворешните нформации ги прилагодуваат засебе и нема да се акомодираатбез оглед на тоа што тие не се совпаѓаат со нивниот внатрешен работен модел. Од наведеното можиме да заклучиме дека индивидуалните разлики при однесувањето и постапувањето кога е активирана афективната поврзаност се резултатод очекувањата и уверувањата настанати уште во детинството. СпоредStefanović-Stanojević (2011), љубовниот однос има три елементи: *Афективна приврзаност*, *грижа* и *секс.* Афективната приврзаност и грижата кај возрасната популација се испреплетуваат затоа што често има една личност која е послаба или посилна од другата и има поголема иницијатива при разменувањето на улогите околу афективната приврзаност и гризата. Односно една личност е повеќе или помалку заштитнички поставена според другата. Според Nikic(2008), кој во своите истражувања наведува дека наведените компоненти се меѓусебно значајно поврзани со позитивна корелација. Меѓутоа, не постојат многу истражувања во областа на поврзаноста на сексуалноста со афективната приврзаност кои се оправдуваат со разликите на двата концепти и временската разликата во јавувањето, бидејќи афективната приврзаност се јавува во раното детинство додека сексуалноста покасно. Hazan & Shaver, (1987), ја поврзаа афективната приврзаност на децата со афективната приврзаност на возрасната популација. Истражувањата на Ким Бартоломеов и Хоровитз (Kim Bartolomeow i Horowitz, 1991; prema Jerkovic, 2005), истакнаа дека постојат значајни релации помеѓу афективната приврзаност кај возрасната популација со нивните љубавни искуства.Овие истражувања се ослонуваат на наведените истражувања на Хазан и Шејвер со нивниот тест Attachment Style Prototipes, ASP, ((Hazan & Shaver,1987). Со оглед на осетливоста на овој тест во давањето на социјално прифатливи одговори – селф репорти, и со тоа и на слаба објективност на наведениот тест,се покажа потреба да се конструира нов тест кој ќе биде во склад со концептот и кој се темели врз основ на квантитативните истражувања и проверувања.

Направени се модификации на овој тест со тоа што се избегна принудниот избор на еден од дадените модели на афективната приврзаност и се воведоа оценувања врз основа на ликертовите скали за одредување на степенот на согласување со содржината на моделитеLevy & Davis, (1988). Меѓутоа истражувањата покажаа дека при овие проценувања со тестот Attachment Style Prototipes, испитаниците не можеа да се пронајдат само во еден од наведените модели, бидејќосо нивните изјави беа зафатени и другите модели во помал или поголем дел. Во понатамошните истражувачки проекти, Бартоломева и нејзините соработници беа насочени на создавањето нов модел на афективната приврзаност кај возрасната популација кој би се темелел врз првата и втората Болбиева претпоставка и клучните конструкти, односно на внатрешните работни модели. Според истражувањата на Бартоломева, внатрешните работни модели се психички конструкти на афективната приврзаност и кои претставуваат дихотомни модели со позитивен и негативен правец. Според Stefanović- Stanojević (2011), Бартоломева врз основа на своите емпириски истражувања го дефинирала моделот на афективната приврзаност кај возрасната популација кој има четири категории или 4 стила на афективната приврзаност. Според нејзините емпиријски истражувања со статистичката метода факторска анализа на двата работни внатрешни модели на афективната приврзаност добиени се две дихотомни димензии :

1. димензија наодбегнување која се темели на внатрешниот работен модел за другите
2. димензија на анксиозноста која се темели на внатрешниот модел за себе.

Димензијата на одбегнување го претставува внатрешниот работен модел за другите која на позитивниот правец ја истакнува прифатеноста на другите блиски фигури и интимната отвореност според нив. Еве ги следните примери кои ја покажуваат оваа димензија на нејзиниот негативен правец: (Не покажувам што стварно чувствувам), (Нервозен/нервозна сум кога партнерот/партнерката емоционално ми се премногу доближи), (Се трудам да избегнам емотивно зближување со партнерот /партнерката). На позитивниот правец се следните примери: (Се чувствувам пријатно кога своите интимни мисли или чувства ги делам со својот партнер/партнерка), (На мојот парнер/партнерка се им кажувам), (На партнерот / партнерката му се обраќам од многу причина па и тогаш кога ми е потребна утеха и смирување).

Додека димензијата анксиозност го претставува модел за себе, односно сликата за себе, што ја има секоја личност. При тоа ова димензија го претставува интензитетот на анксиозноста која зависи од односот според другата фигура. Во овие примери на прашања можиме да видиме на оваа димензија на нејзиниот негативен правец, каков е тој однос кога се појавува анксиозноста: (Се плашам дека мојот партнер нема да се грижи за мене онолку колку мене ми е грижа за него/неа), (Силно се грижам дека ќе го изгубам партнерот/ партнерката), (Се грижам дека ќе останам сам/сама). Додека следните примери ни го покажуваат односот кој се наоѓа на позитивниот правец од оваа димензија: (Мојата желба за блискост понекогаш ги заплашува и одалечува луѓето), (Му замерувам на партнерот/партнерката кога го поминува времето одвоено од мене).



Графикон бр. 2. Димензии на афективната партнерска приврзаност, (Bartholomew, 1991, према Stefanovic-Stanojevic, 2011).


Графиконот бр. 2.ги прикажува димензиите кои се се вкрстени меѓусебно и при тоа се добиени 4 стила на афективната приврзаност кај партнерските врски. Бартоломев ги дефинира и ги постави индивидуалните разлики на афективна приврзаност кај возрасните особи. СпоредJerkovic, (2005),внатрешните работни модели

се однесуваат на основните верувања за себе, за другите и воопшто за социјалниот свет. Позитивниот моделот за себе е поврзан со јачината на интернализираниот чувство за сопствената вредност, додека негативниот модел би се однесувал на интернализираната анксиозност и несигурност, односно колкава е анксиозноста и зависноста од одобрувањето на другите. Позитивниот модел за другите се однесува на јачината на очекувањата колку се тие доступни кога се потребни и колкава подршка ќе пружат и поврзан е со тенденцијата на барање или избегнување на блискоста. Овие два когнитивни модели се еквивалентни со бихевиорално афективните димензии анксиозност и избегнување.Димензијата анксиозност се однесува на стравот од напуштање и одбивање и недоволно примање на љубов, што претставуав негативен модел за себе. Додека избегнувањето се однесува на неугодноста при блискоста со другите, зависноста од другите и исто така и поради емоционалната отвореност кон другите. Тоа претставува негативен модел за другите. Според Brennan i sur., (1998), димензијата анксиозност е претставена со честичките кои се однесуваат на окупираност со другите, страв од напуштање, страв од одбивање. Димензијата одбегнување е претставена со честичките кои се однесуваат на одбегнување интимност, нелагодност поради интимност, блискост и ослонување на себе. СпоредKamenov i Jelic(2003), Бартоломева ја претставува димензијата одбегнување на два начини, односно ја дели на две формулации:

1. првата формулација е избегавачка афективна приврзаност карактеризирана со одбрамбениот механизам на самодоволност како и

2. втората формулација е плашлива која е карактеризирана со постоење на нереален страв од одбивање од другите личности.

Карактеристично е за овој четирикатегоријални модел на афективна поврзаност дека во неговата основа има две димензиии, тоа се внатрешни работни модели дефинирани како модел за себе и модел за другите.



Графикон бр. 3. Стилови на партнерската приврзаност,(K. Bartolomew,1990, према Stefanovic-Stanojevic, 2011).

.

Според наведените резултати од истражувањата на Бартоломев добиени се 4 доминантни стилови на афективната приврзаност кај партнерските врски:

1. Сигурниот стил на партнерската афективна приврзаностпретставува позитивен внатрешен модел за себе и за другите, со ниска анксиозност и ниско одбегнување, што значи дека овие поединци во интимните врски се осеќаат слободно, лагодно и со поверење во своите партнери од кои очекуваат и бараат подршка кога ќе им биде потребна. Способни се да ја одржуваат уравнотеженоста помеѓу личната слобода и потребата да припаѓаат на партнерот. Проблемите ги решаваат со отворен и искрен разговор.

2. Избегнувачкиот стил на партнерската афективна приврзаност содржи позитивен модел за себе со ниска анксиозност и негативен модел за другитесо високо одбегнување. Овој стил е изразен преку стравот од блискоста со партнерот поради негативните очекувања кои се интернализирани во внатрешниот работен модел за другите. Позитивната слика за себе ја имаа створено со помош на одбрамбен

механизам негирање на важноста на блиските фигури и со зголемување на вредноста за независност. Во ретките врски што ги имаат тие немаат значајни очекувања од партнерот. Додека, ако имаат чести врски, тие се карактеризираат со незаинтересираност за партнерот.

3. Преокупираниот стил на партнерката афективна приврзаност е дефиниран со негативниот модел за себе и високата анксиозност и позитивниот модел за другите со ниско одбегнување. Тие имаат интернализиран став дека не се вредни и се плашливи. Силно се врзуваат за своите партнери и на тој начин ја одржуваат позитивната слика за себе. Оптеретени се со потребата да припаѓаат и несигурноста ја намалуваат со посесивност и контрола на партнерот.

4. Плашливиот стил на партнерската афективна приврзаност е одреден со негативниот модел за себе и висока анксиозност инегативниот модел за другите со високо одбегнување. Овие личности сакаат привреженост, бидејќи преку односот сакаат да се потврдат себе си како вредни особи. Додека во исто време се плашат дека ќе бидат одбиени и затоа избегаваат блискост. Поради овие причини тие имаат ретки врски, и кога ги имаат тие не се складни.

Теоријата за афективна поврзаност станува се поактуелна и во психотерапијата, посебно во брачната и семејната психотерапија и во превенцијата на насилството во школите

Според (Bowlby, 2011), терапевтите кои ја применуваат теоријата на афективната поврзаност, фокусот на својата стручна работа го насочуваат кон обезбедувањето на услови во кои клиентите ќе можат да ги истражуваат своите внатрешни модели според себе и кон своите фигури на приврзаност и на тој начин повторно да го процени и обнови но сега од позиција на новостекнатите сознанија и искуства од односот во актуелната психотерапија во која активно учествува. При тој процес сигурна база би претставувал психотерапевтот кај кого клиентот би се враќал после истражувањата на болните аспекти од својот живот. Исто така се истакнува помошта на психитерапевтот во соочувањата со неговите примарни фигури, што очекува од нив но и од себе. Значителна важност му се става на неговите очекувања од неговата интимна врска, а и од очекувањата на изабраната особа.

Важни се и неговите соочувања со неговите примарни фигури и успоредување со неговото детство. Се истакнуваат и намерите на психотерапевтот да го охрабри клиентот да ги процени своите внатрешни модели за себе и за примарните фигури дали се прикладни како сега така и во минатото. Исто така, теоријата за афективна поврзаност може да биде основа за изработка на разни превентивни и клинички програми. Според наведеното можиме да видиме дека афективната поврзаност е еден траен облик на емоционална врска и однесување кое настанало во раното детство врз основа на односот помеѓу старателот, кој во најголем број на случаеви е претставен од мајката и детето кое настојува трајно да ја одржува таа врска.

2.2. Особини на личноста од спектарот на Темната тријада

1.2.1.Макијавелизам

Поимот макијавелизам потекнува од поставките и содржините во делата на италијанскиот политичар, писател и филозоф Никола Макијавели кој живееше во италијанскиот град Фиренца во 16 век. Негово најпознато дело е книгата *Владател* (PrincipeII), која е објавена во 1513 год. Врз основа на поставките во книгата *Владател,* створена е нова парадигма во политиката, наречена макијавелизам која всушноста претставува ново учење кое се карактеризира со нови ставови во политиката, кон кои дозволени се сите сретстава како би се остварале политичките цели. При тоа најважен е државниот интерес и употребените сретства изразени преку манипулативни интерперсонални стратегии не треба да се преиспитуваат од моралната страна. *Целта ги оправдува сретствата* е универзалната порака која ја претставува филозофската парадигма макијавелизам. Од друга страна во психологијата постои суштински научен интерес да се проучуваат и објаснуваат карактеристичните човечки размислувања, доживувања и однесувања кои во овој случај се претставени со филозофското учење на авторот Никола Макијавели. Според Краљевиќ,американските психолози (Christie& Geis (1970), prema Kraljević, 2014), ги истражуваа препораките и советите во содржините на делото на филозофот Никола Макијавели, за тоа какви особини треба да има владателот и ги успоредуваа со секојдневните однесувања на испитаниците во нивните интерперсоналните односи. Милас наведува дека психолошкиот конструкт макијавелизам претставува сегмент од одредени психички

особини, стекнати вредности и уверенија и човечко однесување кое има манипулативен карактер кој настанал при толкувањето на ставовите кои авторот Макијавели кој ги изнесол во своите дела(Christie& Geis (1970), според Milas, 2004). Како резултати на нивните истражувања тие конструираа психолошки инструмент MACH – IV, за мерење на особината макијавелизам која го доби името според филозофот Никола Макијавели. (Christie& Geis 1970, prema Kraljević, 2014), во нивните истражувања со наведениот прашалник инструмент MACH – IV, добија резултатисо кои ги потврдија нивните предвидувања дека кај индивидуите кои имаат изразен степен на макијавелизам приметни се нивните уверенија во могуќноста на манипулацијата и нивната спремност, склоност и способност да ја прават. Авторите наведуваат дека манипулатиното однесување се учи од родителите со нивното ненамерно наградување или под влијание на социјализацијата со врсниците или под влијание на медиумите. Додека (Kraut & Price (1976), споредMilas(2004),наведуваат дека макијавелизмот се учи споредмоделот. Според Christie & Lehmann,(1970), Милас, 2004), макијавелизмот не е едноставен конструкт, односно содржи повеќе фактори при неговата проверка со факторската анализа. Исто така Милас наведува дека макијавелизмот се наоѓа на тенката граница помеѓу особината на личноста и друштвениот став и многу лесно ја менува припадноста помеѓу нив и станува хибриден психички конструкт. Според истражувањата кои ги наведува Милас (20040, макијавелизмот е операционализација на Ајзенковата димензија од неговата теорија на друштвените ставови која ја претставува друштвената неосетливост. Додека според теоријата на личноста на Ајзенк, макијавелизмот се поклопува со психотицизмот односно со друштвената психопатија или несоцијализираното импулзивно барање на возбудувања. Нивната сличност е претставена преку заедничките облици како што се склоност конпреварите, немање на чувство на вина, цинизам, примитивен егоцентризам, немање на емпатија, насока на сегашноста, склоност кон манипулирањето со другите (Smit, (1985), според Milas,2004).Според Милас постои поврзаност со петофакторскиот модел на личноста преку негативна корелација со димензијата пријатност и совесност Милас, (2004). Исто така значајни се резултатите од истражувањата според кои постои корелациска поврзаност со скалата за посихопатска девијација од тестот (MMPI, Ray, 1982, според Milas,2004).Концептот макијавелизам од досега наведеното, не произлегува од клиничката сфера него од системот на верување и филозофијата на Никола Макијавели која нагласува циничното, манипулативно и неморалното однесување (Christie& Geis, 1970 според

Milas,2004). Ова особина претставува спротивно однесување од конвенционалната моралност, и однесување кое првенствено е обележено со остварување на личните цели со сите расположиви сретства, без оглед на штетите кои ќе им се нанесат на другите од социјалната околина. Исто така оваа особина се претставува инструментално однесување,добро владеење во интерперсоналните ситуации, склопување на сојузи во своја корист, себичност, емоционален дефицит, истакната заинтересираност за моќ, пари и компетиции, непочитување на другите во заедницата, немање на емпатија и грижа за другите. Макијавелистите се препознаваат како самодоволни, доминантни, усмерени кон моќта и слабо просоцијално однесување (McHoskey, 1999).Размислувањето е карактеризирано со цинизам, аморалност, прагматично, стратешко долгорочно, мотивирано материјалистички, искористување на другитеи лажење како би се остварила целта, Rautmann & Kollar,(1999).Мотивацијата им е екстризнична и високо манипулациска поради што ги превземаат ставовите на блиските соработници и при тоа планираат корист за себе и познати се како социјални камелеони.Според Spurk, Keller & Hirchi,(2016), макијавелизмот е позитивно поврзан со политичките вештини и нагласената потреба да се успешни во планираните целни ситуации, а што е поврзано со успешната кариера. Според (Jakobwitz, Egan, 2006; Paulhus, Williams,2002), истражувањата показуваат дека постои сличност помеѓу конструктот макијавелизам и одредени црти на личноста од петофакторскиот систем на личноста. Резултатите покажуваат дека постои негативна корелација со цртата угодност што указува на тоа дека поединците кои имаат висок скор на тестот имаат негативно мислење за другите и сами се себични и самовљубени. Исто така има негативна поврзаност со цртата совесност што укажува на неетичното однесување, поготово во ситуациите каде постои награда.Тоа покажува дека дека се насочени кон себе односно кон добивањето на награди, а не кон другите особи што укажува на ниско просоцијално однесување. При тоа тие можат да глумат лажен алтруизам ако осетат дека можат да добијат некаква корист од таквото однесување (Bereczkei, Czibor, 2014).СпоредKraljević, (2014), макијавелизмот ги застапува личностите кои имаат висок скор на оваа димензија како најповеќе аморални и со најмрачна личност во споредба со нарцизмот и психопатијата односно другите две димензии од спектарот на темната тријада. Вештините за манипулација долго време покажуваа верување дека се резултат на висока интерперсонална интелигенција, меѓутоа новите истражувања на Paulhus i Williams(2002), ја отфрлија оваа претпоставка. Тие пронајдоја слаба корелација од .04 помеѓу резилтатите на прашалникот MACH – IV и резултатите на

Вондерликовиот тест на вербална и невербална интелигенција (Wonderlic, (1977); СпоредPaulhus&Williams,2002). Исто така Paal & Bereczkei, (2007), според Paulhus&Williams,2002), не пронајдоа позитивна корелација нити со емоционалната интелигенција и резултатите на MACH – IV. Додека Austin, Farrelly, Black i More(2007), пронајдоја негативна корелација помеѓу резултатите на MACH – IV и емоционалната интелигенција,(Christie& Geis (1970), споредBereczkei& etc), Според резултатите во нивните истражувања даваат објаснување според кое, кај личностите со високи резултати на скалата MACH – IV постои висока контрола на импулсните однесувања која е претставена со флексибилно однесување во социјалните ситуации каде постојат дилеми во донесувањето на одлуки и решенија. Тие покажуваат способност за завземање на водечки позиции преку успешно ценкање и правење на сојузи и категорички начин на резонирање и донесување на одлуки. Биолошките оправдувања за ваквото однесување се наоѓа во активноста на средниот билатерален фронтален гирус а које важен за апстрактното резонирање во социјалните ситуации. Првиот прашалник (Christie& Geis (1970), СпоредMilas, 2004) , имаше две скали по 20 прашања кој до сега повеќе пати е ревидиран. Во последно време се користи ревидираната скала MM-1, споредMilas, (1987), која има 20 прашања кои се групирани во 4 димензии кои се добиени со факторската анализа. Секоја димензија има по пет прашања:

1.Измама.

1. Човекот треба да делува само тогаш кога е сигурен во моралната исправност на својата постапка.

2. Најдобро е да се биде поштен во сите ситуации.

3. Се на се, подобро е да се биде безначаен и поштен него да се биде значаен и непоштен.

4.Непоштението не доведува до ништо добро.

5.Важно е да се однесува поштено дури и тогаш кога е уште на почетокот видливо дека нема да донесе никаква корист.

2. Аморалност

6.Повеќео луѓе се во суштина добри и љубезни.

7.Љубезноста е карактеристика на повеќето од луѓето.

8. За малку луѓе може да се каже дека се злобни.

9. Добрината е особина која се среќава често.

10. Многу малку луѓе се со лош карактер.

3. Цинизам

11. Најдобро е да не се откриваш на другите.

12. Не треба да се има премногу поверење во другите.

13.Секој кој намерава да ги оствари своите планови во дело, не треба да се доверува на другите околу себе.

14. Секој паметен знае дека со луѓето понекогаш треба да се биде многу опрезен

15. Сопствените намери не треба често да се откриваат.

4. Ласкање

16. Мудро е да им се ласка на важните луѓе.

17. Со додворување е лесно да се добие наклоноста.

18.Со додворувањето често може да се направи повеќе него ли со уверување или со рационални аргументи.

19. Корисно е да се додворува на надредените.

20. Луѓето е најлесно да се заведат со слатките зборови.

Според(Christie, (1970), Според Микец, 2001), главни фактори на макијавелизмот кои го одредуваат неговиот интензитет се:

1.Неструктурираност на социјалните ситуации

2. Постоење на ирелевантни афекти

3. Контакт лице во лице

Неструктурираните ситуации им даваат на лицата со висок резултат на скалата за проценување на макијавелизмот автономија и можност за интерперсонални

манипулации во остварувањето на нивните планови и цели. Додека со ирелевантниот афект се пренасочува емоционалнот аспект од вниманието што доведува до дистракција од целта и во своја корист. Директните контакти во интерперсоналната комуникација им даваат можност за манипулации.

Макијавелизмот е изразен преку следните карактеристики и специфичности:

1. Спротиставување на друштвеното влијание

2.Насочување на когнитивниот аспект и

3.Формирање и контролирање на структурата

Макијавелистите односно лицата кои имаат високи резултати на скалата за проценување на макијавелизмот се противат на друштвеното влијание бидејќи тоа подразбира структурираност, односно постојање на правила кои се општо прифатени. Додека лицата кои имаат ниски резултати на скалата за проценување на макијавелизмот подобро ги познаваат разликите меѓу луѓето.

Макијавелистите го заобиколуваат спонтаниот однос во интеракцијата и се усмеруваат кон задачите, додека немакијавелистите во интерперсоналната комуникација се усмеруваат кон емоционалното спонтано врзување и при тоа се јавуваат споредни компоненти кои ги одалечуваат од задачите.

Макијавелистите своето однесување го условуваат од рационални причини, додека немакијавелистите однесувањето го оправдуваат со менувањето на нивните уверувања и при тоа ја компензираат појавата на когнитивната дисонанца, (Bogart, (1970), според Milas, 2004).

1.2.2.Нарцизам

Психичкиот конструкт нарцизам во овој труд претставува компонента од спектарот на цртите на личноста на конструктот темна тријада. Поимот нарцизам настанал врз основа на митологијата напишана од римскиот поет *Публије ОвидијеНазон* во неговата збирка на книги со наслов *Метаморфози*. Постојат повеќе варијанти на овој мит, а ние ќе го наведиме следниот мит во кого *Нарцис* е прикажан како млад, многу убав и самодоволен млад човек во кого безнадежно била заљубен

нимфатаЕхо, која била неискусна во љубовта. Тој окрутно ги одбивал сите кои ко сакале и поради тоа божицата на љубовта *Афродита* го казнила да ја доживее судбината на сите тие на кои тој ја одбивал нивната љубов. Таа судбина се викала судбина на невозвратена љубов. Еден ден кога се враќал од лов и бил жеден тој дошол крај езерото да се напие вода и во тој момент спазил еден прекрасен лик на површината на водата од езерото кого не го препознал и сакал да го прегрне. Тој ја побарал љубовта од тој лик, а не сватил зошто не му ја возвратува. Покасно сватил дека тоа е неговиот лик и дека таа слика е само неговиот одраз. Тој многу се разочарал и така умрел од жал, а телото му се претворило во жолто бело цвеќе кое го симболизира нежниот и осетлив селф на *Нарцис*. Додека *нимфата Ехо* поради невозвратената љубов исто починала и се претворила во карпи покрај езерото. После нејзината смрт останал нејзиниот глас во вид на ехо чии екот ја ламентира нејзината и смрта на *Нарцис.*



Слика бр. 3. Michelangelo Merisi da Caravaggio:
Narcis, 1594.

Поимот нарцизам прв пат се споменува во 1898 год. од страна на енглескиот доктор Елис Хавелок кој го опишувал однесувањето на неговите пациенти кои претерано се обожавале самите себе си, додека во 1899 год. германскиот психијатар Паул Неке поимот нарцизам го употребува за опишување на перверзното однесување кон себе си како кон сполни објект. Психијатарот Сигмунд Фројд го користел овој поим на ист начин како неговите предходници, се додека не приметил исто такви перверзни однесувања и кај пациентите со други пореметувања и воопшто во текот на човековиот сексуален развој. Според Pulver(1986), споредMarčinko D., Rudan V.,

(2013)поимот нарцизам се користел во раниот развој на психоаналитичка теорија за повеќе аспекти од кои ќе наведеме четири кои се најзначајни:

1.Како прв начин ќе го наведеме клиничкиот пристап кој ги содржи сексуалните однесувањата кои се перверзни затоа што се усмерени кон своето тело како главен сексуален објект и кои однесувања превладуваат во возрасната доб. Овој приступ повеќе не се употребува.

2. Фројд поимот нарцизам го користел во објаснувањето на раниот развој и го конципирал како примарен и секундарен нарцизам во зависност од движењето на либидната енергија. Според неговата теорија примарниот нарцизам е присатен кога детето е сеуште мало и е во најраниот развој, целата либидна енергија е усмерена кон него во вид на аутоеротизам. Оваа фаза трае се додека либидната енергија од личниот селф не се усмери кон другите објекти. Додека секундарниот нарцизам се појавува во ситуациите кога либидната енергија која е усмерена на објектот се враќа на личниот селф. Според Фројдовата теорија за примарниот нарцизам постојат поинакви гледања и истражувања, посебно тоа го нагласува (Balint1960, СпоредMarčinko D., Rudan V., (2013)кој не се сложува со тврдењата на Фројд и нагласува дека примарниот нарцизам е примарна љубов или примитивен однос на детето кон примарните фигури во неговата близина(најчесто тоа е мајката). Додека секундарен нарцизам е целиот нарцизам које предизвикан и кој претставува резултат на односот на примарните фигури на детето кој во овие ситуации бил неадекватен однос. Ови поставки се поврзани со проблематиката во теоријата за афективната приврзаност на авторот Болби,каде сто го наведовме внатрешниот модел за другите каде појавата на неадекватен однос кон детето од страна на примарната фигура доведува до појава на страв, анксиозност, несигурност и недоверба во околината на детето. Поради тие причини детето ја усмерува неговата либидна енергија кон себеси затоа што не постои фигура односно објект кој ја заслужува таа енергиоја. Тоа се повлекува во себе си и го преплавува своето его со либидната енергија. Овој начин на објаснување на нарцизмот можеме да го сведиме на тоа дека е генетски условен.

3. Третиот начин на значење на нарцизмот се однесува на карактеристичното однесување врз околината во ситуациите каде постојат или не постојат здрави

интерперсонални односи и начинот на кој се вложува либидната енергија врз надворешните објекти. Зрели и здрави односи се карактеризираат со вложување на енергијата во емоциите, мотивацијата, однесувањето и свесностаза тоа дека и другите имаат свои потреби, интереси и дека очекуваат тие потреби и интереси да бидат почитувани. Додека незрелите односи се карактеризираат со занемарување на потребите на другите и целата енергија се вложува во корист на сопствените интереси. Овие незрели објектни односи се означуваат како нарцистини, односно овие односи според Фројд претставуваат секундарен нарцизам. СпоредJakobson(19640), постојат незрели интерперсонални односи и големо вложување на енергија во објекти кога има појава на пореметување на функционирањето на личноста која е премногу зависна од објектот и не постои одвоеност помеѓу селфот и објектот, затоа што психичкото функционирање се темели на примитивните проективни идентификации.Овој начин наобјаснувањето на нарцизмот е објектен со оглед на тоа дека се работи за објектни односи.

4. Поистоветувањето на поимот нарцизам со самопочитувањето проистекува од зависноста на самопочитувањето од самиот нарцизам и Фројд го дефинирал самопочитувањето како либидна инвестиција на егото. Меѓутоа самопочитувањето претставува афект, додека нарцизмот според Фројд е нагон и објаснувањето на афектите преку нагоните претставува концептуален проблем.

Од досегашните севкупни научни сознаниа за поимот нарцизам како психолошки конструкт се искристализираа три влијателни теорија за нарцизмот. Тоа се Фројдовата, Кохутовата и Кернберговата теорија на нарцизмот.

1.2.2.1. Фројдова теорија на нарцизмот

Според Marčinko D., Rudan V. (2013), Фројд во своето дело "*O narcizmu*", Freud (1914), го објаснува нарцизмот од страната на неговата психоаналитичка теорија. Според него нарцизмот не го поврзува со перверзијата како што наведовме предходно,

него како либидна катексакоја е дел од егоизмот кој претставува инстикт на нагонот за самоодржување која е својствена кај сите луѓе. Исто така ги наведува тешкотиите при лечењето на неврозите кај пациентите со класичната психоанализа како методабидејќи отпорот е преголем и кај тие пациенти не постои способност за трансфер или е преслаба.Поради тоа тој ги поделил менталните пореметувања на трансферни неврози(хистерија и опсесивни неврози) и нарцистички неврози (психози). Потврдување за концептот нарцизам пронаоѓа кај пациентите кои болуваат од шизофренија и кај кои се значајни две карактеристика на болеста. Тоа се мегаломанијата и повлекувањето на интересот од надворешниот свет Freud (1914). Го истакнува повлекувањето на либидната енергија од луѓето и предметите во надворешниот свет според его – либидото и овој процес доведува до појава на мегаломанија и оваа состојба Фројд ја нарекува дека е нарцизам. При тоа надворешните објекти не ги заменуваат со други луѓе и предмети во своите фантазии, како што се појавува кај пациентите кои болуваат од неврози.Доколку би дошло до појава на фантазиикон други луѓе и предмети, тоа би значело обидување за опоравување и цел да се врати лидидната енергија кон надворешните објекти. Овој процес претставува секундарен процес кај шизофрените болесни. Фројд го истакнува движењето на либидната енергија од его – либидо кон објект – либидо кое зависи од состојбата на личноста. Како најголема инвестиција во објект – либидо ја наведува состојбата на заљубеност, каде цела либидо енергија е пренесена во таа личност, односно во објект – либидо. Како супротност на оваа состојба тој ја наведува фантазијата кај параноидната личност за пропаст на светот каде целата либидната енергија е инвестирана во его – либидото. Овој пример се однесува и kaj site болестi каде болките ги присилуваат болесните лица да се одректнат од интересите кон надворешните објекти и целата либидна енергија ја повлекуват на своето его. После заздравувањето повторно ја враќа либидната енергија кон објектите. Истиот процес се појавува и кај спиењето.Наведениот процес при кој се пренесува катексата од надворешниот објект споредегото Фројд го претставувал одбранбен одговор со кој личноста се штити од анксиозноста и другите емоционални болки од страната на надворешните објекти. Фројд наведува СпоредMarčinko D., Rudan V. (2013), дека дел од примарниот нарцизам останува во его – либидото како оригинална инвестиција. Кај хипохондријата либидо енергијата се повлекува кон болните органи кои се предмет на болни физички сензации.

1.2.2.2 Кохутова теорија на нарцизмот

СпоредKohut (1977), кој за разлика од поставките на Фројд, претставувал дека нарцизмот не треба да се посматра како нешто што е негативно како кај незрелите личности,него како претпоставка за нормален и плодоносен живот со градење на перспективи во објектните односи. Кохут нарцизмот го претставува преко неговата теорија за концептот на селфот, каде селфот претставува идентитет односно севкупна слика за телото, психичкиот внатрешен апарат и презентациите за телото и психичкиот апарат. Тоа се мислењето, осеќањата, делувањето кое го прави самостално или во интеракција со другите и сето тоа со кохерентна ориентација за времето и својата прошлост. Селфот ја претставува специфичната единственост на личноста. Кохутовата психологија на селфот, човекот го посматра како личност која од својата околина бара одговор со цел како би се постигнала состојба на хомеопатија и како би останала во таа состојба. Селфот се развива постепено во тек на раното детство и претставува резултат на сталниот родителски одговор, односно родителското огледување, разбирање, одобравање, прифаќање на детските нормални тежнеења врз идеализирањето и детската грандиозност. При неговата тераписка пракса со личности кои имале нарцистични пореметувања ги приметил нивните емотивни и социјални проблеми во комуникацијата со нивните блиски особи кои се од примарен карактер во однос на невротичните симптоми и знакови. При психотерапијата на нарцистичките пациенти се појавуваат два вида на трансфери:

1. Огледувачки трансфер е појавата на доживувањето на ситуациите од детството кои биле карактеризирани со недоволно внимание и погрешни одговори на детските потреби за прифаќање и потврдување преку огледувањето.

2. Идеализираниот трансфер се однесува на ситуациите кога пациентите показуваат повторно оживување на потребите да се спојат со идеализираната слика на родителите.

Според теоријата на Kohut(1977), нарцизмот претставува еден важен составен дел од структурата на психичкиот апарат кај личноста кој се развива, следејќо го развојот и растот на личноста. Во почетокот на раѓањето нарцизмот е инфантилен и со тек на развојот тој се менува и се надоградува во зрел нарцизам со прилагодливи и културни вредности. Ако во процесот на растот и развојот се појават пречки во односот со примарните фигури и дојде до застој на нормалниот развој тоа претставува причина за појава на нарцистичко пореметување. Најчести пречки кои се појавуваат во текот на развојот се недобивањето на адекватен одговор од родителите или родителско занемарување при што доаѓа до фрагментација на селфот кој ја губи својата кохезивност. При тоа кај детето се појавува страв, несигурност и загуба на самопочитувањето. Нарцистичната структура е составена од примарниот нарцистични селф кој се раздвоја на три дела и формира нарцистичен селф и идеализирана родителска слика, додека остатокот кој се задржува целиот животен век, претставува основен нарцистичен тонус кој ги карактеризира и обележува сите страни на личноста. Растот и развојот на личноста е подлозен на разни негативни влијанија од страна на околината како што се нелагодностите поради занемарувањето од страна на родителите. Сето тоа прави притисок на примарниот нарцизам и на неговата равнотежа, поради што психичкиот апарат на детето се брани на начин да формира нов систем на совршенство, (Kohut, 1977, СпоредMarčinko D., Rudan V., 2013).Во ситуациите кога примарниот скрбник а тоа најчесто е мајката, не може да одговори на барањата на детето од разни причини, психичкиот апарат на детето не го прифаќа губитокот на *објектот – мајка*, него го интернализира односно го интројектира во својата психичка структура и сега тој поунутрен објект ја има функцијата на надворешниот објект – мајка. Интернализираниот објектго зајакнува незадоволството од надворешниот објект, Kohut, (1971). Со постепеното смалувањето на важноста на идеализираната родителска слика се зајакнува егото кое сѐ повеќе ја превзема контролата на нагоните. Ова трансформирање се догодува во предедипското време. Исто така во едипското време со ваквата постапка кога се смалува значењето на идеализираната родителска слика, доаѓа до формирање на суперегото. Намалувањето на значењето на идеализираната родителска слика, односно надворешниот објект се реализира преку намалувањето на значењето на поединитe особини од надворешниот објект кои се интернализираат. Тоа претставува процес кроз целиот развоен период. Од наведеното можеме да заклучиме дека од идеализираната слика на родителите настанале некои помали аспекти на егото и поголеми во вид на супер идеал кај

суперегото. Егото го доживува его идеалот како контрола на нагоните додека нарцистичниот селф е под влијание на нагонитеи како таков со неговата енергија делува врз егото. Нарцистичниот селф е карактеризиран со фантазијата за грандиозност и ако таа се попречува во касниот период се догодува нарцистична осетливост. Кохут во градењето на својата нарцистичка теорија го воведува концептот *селф – објекти* кои се делови од личниот селф. Едниот *селф – објект* го претставува и го потврдува детскиот вроден чувство на снажност и совршенство,наречен огледувачки *селф – објект* и *селф објект* кој е претставен од родителската идеализирана слика која е претставена преку смиреноста и сигурноста која ја осеќа детето. Селфот е јадро и основа на личноста. Јак селф се формира преку интеракција со неговите *селф – објекти* и се состои од три дела:

1. Дел од каде извираат основните тежнеења за добивање на сила и постигнување на успешност

2.Дел од каде извираат основните идеализирани цели

3. Дел каде се наоѓаат талентите и вештините и каде се ствара напматоста помеѓу абициите и идеалите

Според(Marčinko D., Rudan V., 2013, споредKohut,1984) Кохут ги разработил и дефинирал најважните својства на здравио селф:

1. способност за смирување сабе си,
2. чувство за континуитет во времето и просторот и
3. значењето на улогата на селф – објектите за развивање на првите две својства.

Во ситуациите кога постои неадекватна интеракција помеѓу родителот и детето во раниот развоен период можи да доведе до оштетување на детскиот селф делумно или потполно. Делумното оштетување можи да биде со оштетување на некој дел од селфот. Кога таквата личност со оштетен селф дојде на психотерапија се појавува ситуација каде се реактивираат неговите потреби кои останале без одговор уште во раниот период на детството од страна на неговите селф објекти. Така настанува селф

објект трансферот за кого Kohut(1977), наведува дека за физичкиот опстанок на детето е потребна храна, воздух, одредена температура, додека за психичко опстојување е исто потребна специфична психичка околина, присуство на селф објектите кои ќе даваат одговори на детето и ќе реагираат со емпатија кон него.Во тие услови и во таа средина со помош на специфичен процес на психолошко формирање на структура која Кохут ја нарекува трансмутирачка интернализација се кристализира детскиот нуклеарен селф. Градењето на оваа структура е започната со давањето на адекватни одговори од страна на *селф – објектите* со помош на огледување и со идеализираната слика на родителите, али исто и со погрешните одговори меѓутоа кои не беа трауматични. Таквите неуспешни одговори али нетрауматични доведуваа до заменување на селф – објектите и нивните функоции со личниот селф и неговите функции. СпоредKohut(1977) нуклеарниот селф е сложена психичка структура која има свој почеток во родителските надежи, верувања, желби и очекувања од своето дете. Кога детето ќе се роди тогаш родителите се сретнуваат со детските способности и ја планираат неговата иднина. Детскиот селф настанува како резултат на неговите способности и селектираните одговори од неговите родители. Овој процес е причина за појава на нуклеарниот селф кој се појавува околу втората година од животот на детето и е составен од два пола. Едниот пол е наречен *архајски нуклеарни амбиции*, а другиот *архајски нуклеарни идеали*. Напнатоста помеѓу ова два пола ќе го зајакне детскиот селф преку зајакнувањето на вештините и талентите. На детскиот селф повеќе ќе влиае нуклеарниот селф на родителите отколку нивното однесување. Односно родителите со својот оптимизам и самопоуздание преку својата насмевка повеќе ќе влијаат и одговорат на детските истражувања, барања и омнипотенција. Тој дел од омнипотенцијата, односно грандиозноста детето ќе го задржи како основа за сопствената внатрешна сигурност и сопствената вредност која ќе му дава подршка кроз целиот живот. Според (Marčinko D., Rudan V. 2013, споредKohut, 1977), нуклеарниот селф е составен од амбиции, идеали, таленти, вештини, цели и способности кои се специфично дефинирани и претставуваат интризнични образоци меѓу кои владее напнатост која овозможува да се реализираат внатрешните програми во просторот и времето. СпоредKohut(1981) деловите на селфот претставуваат независен центар на иницијативите и импресиите.

1.2.2.3. Кернбергова теорија на нарцизмот

Отто Кернберг**(**1974) теоријата за нарцизам ја изнесува седумдесетите години од двадесетиот век во која тој го нагласува патолошкиот аспект на нарцизмот. Тоа претставува главна разлика во однос на Кохутовата теорија за нарцизмот која нарцизмот го посматра како продолжение на примарниот нарцизам.Кернберг нарцизмот го гледа како последица на патологијата на односите кај селф објектите која настанала во раниот развоен период на детето. Патолошката организација на интернализираните селф – објекти, односно нивните односи доведува до појавана нарцистички карактеризации кај личноста како што се грандиозноста и вулнерабилноста. Како причина за настанак појава на патолошката организација односно патолошката структура се наведува природата на родителскиот однос кон детето кој бил амбивалентен. Од едната страна родителот бил многу воздржан и строг а од друга страна премногу барал од детето со оглед на тоа што го гледал како многу надарено и способно. Исто така последиците од семејните конфликти, занемарувањето и малтретирањето на детето можат да бидат причина за појава на нарцистичките карактеристики. Според (Marčinko D., Rudan V. 2013, според Кернберг, (1974), нарцистичните личности имаат привидно адаптирано однесување испод кое се крие хронична завист и примитивни одбрани од неа. Зависта е изразена кон другите за кои мислат дека поседуваат нешто што тие го немаат, а тоа можи да биди од материјална природа или не. Како на пример здравје, талентираност, способност, физички изглед и однесување. Како главни својства на нивниот емоционален живот се истакнуваат омалуважувањето на другите, покажување на омнипотенција и нарцистично повлекување. Од феноменемолошките својства карактеристични се преголемата насока врз себе и потреба од другите да ги сакаат и да има се диват. Приметна е супротноста кога од една страна се преувеличаваат сопствените карактеристики и себеси, а од друга страна покажуваат голема потреба за добивање на признаниа од другите. Емоционалниот живот е обележен со површност и имаат склоност да им даваат признаниа на оние за кој мислат дека ќе ги задоволат нивните потреби, и да ги обезвреднуваат тие кои не им се потребни. Делуваат дека се зависни од другите и дека им треба многу одобрувања, меѓутоа испод тоа тие не се способни да бидат зависни од другите бидејќи имаат голема недоверба и потреба да ги обезвреднуваат другите. Психоаналитичките истраживања покажуваат дека нивната грандиозноста е всушност

одбрана од параноидните знаци кои се проектираат како афективни испади кои споредКернберг(1970), претставува главен симптом на нивната психопатологија. Имаат слаба комуникација со околината и нивната внатрешна психичка стварност е таква да имаат интернализирани *селф- објекти* од најраното детство обележани со понижувања и омаловажувања додека со позитивните *селф – објекти* не се способни да зависат од нив.

1.2.2.4. Типови на нарцизам

Во психоанализата или поточно во нејзиниот почеток превладуваше мислењето дека постои нормална и патолошка манифестација на нарцизмот. Според (Pincus & etc.,2009),клучните елементи кои ги разликуваат наведените манифестации на нарцизмот се нивото на адаптираност, односно неадаптираност со оглед на карактерната структура и процесите кои се во позадината на психолошките потреби како би се сочувала сопствената позитивна слика за себе, а сето тоа преку пристрасна самоевалуација и барање на потврдните позитивна искуства од околината. Нормалниот нарцизам придонесува за субјективниот успех и позитивната перцепција за себе а како резултат на тоа личностите се повеќе мотивирани за работа и позадоволни од своите резултати во нивното функционирање. Споредистражувања се потврдува дека функционалниот нарцизам е малку повисок кај луѓето кои имаат преувеличена слика за себе и склоност коннатпреварувачко однесување. Тие во исто време се опуштени во интерперсоналните односи, усмерени кон задачите и тежнеат кон успехот. Додека патолошкиот нарцизам ги уклучува неуспешните интерперсонални односи, неуспешни стратегии за справување со неуспесите и критиките и неверувањето во своите способности. Во областа на клиничката психологија и психијатрија тоа се дефинира преку нарцистичко пореметување. СпоредDSM- IV,(APA, 2000), дијагнозата за нарцистичко пореметување е поврзана со ред на дисфункционални однесувања и состојби кои се подложни на стрес и се во коморбидитет со многу пореметувања на личноста како што се анксиозните, суицидот, расположението, антисоцијалните, хистрионските, граничните и биполарните

пореметувањата во хипоманична и маничната фаза. Од наведеното можиме да видиме дека нарцизмот има две страни и некои истражувачи сматраат дека нормалната и патолошката страна се наоѓаат на една димензија од адаптивното па до абнормалното функционирање. Додека други како (Pincus & etc.,2009), претставуваат дека се работи за две различни и посебни димензии.

Здрав нарцизам

СпоредKohut (1977), постои нормален или здрав нарцизам кој се развива преку родителското однесување кон детето со восхит и воодушевеност, потоа детската возбуда со себе и околината и потребното ниво на амбиции и идеали. Во текот на развојот овој примарен нарцизан не се пренесува на *селф – објектот* него се намалува на тој начин што доаѓа до постепено губење на илузиите. Во возрасната доба овој нарцизам е темел на самопочитувањето и склоноста кон реалните цели. СпоредBegić (2011), здравиот нарцизам како аспект на нормалното самопочитување ја смета самодовербата, способноста за самодржување, позитивните емоции кои извираат од задоволството со своето тело, али и асертивноста. Здравиот и зрел нарцизам делува врз нас со позитивна енергија и ни овозможува да функционираме успешно. Ни овозможува вистински идентитет, постигнување на селфот, објектна константност, складност помеѓу егото и суперегото и равнотежа помеѓу либидните и агресивните нагони. Поединците кои имаат здрав нарцизам се амбициозни и се усмерени кон постигнувањето на успеси, а да при тоа немаат потреба за контрола и доминација во односот. Секоја личност е во некоја мера нарцис и да би се постигнал, потребно е да се оствари преку меѓучовечките односи така што ќе биде виден, слушнат и препознат.

Патолошки нарцизам

СпоредMarčinko D., Rudan V., (2013), патолошкиот нарцизам е оној во кој самопочитувањето е во функција на заштита на грандиозниот али многу осетлив селф кој се карактеризира со преценување на сопствените способности и постигнувања. Постојат два типа на патолошки нарцизам кој најчесто се сретнуваат во истражувачката литература и психотерапија. Тоа се грандиозен или отворен нарцизам и вулнерабилен или прикривен нарцизам.

а) Грандиозен нарцизам или отворен нарцизам, кон доживувањето за себе е претставен преку грандиозност, фантазии за богатство, сила, чувство дека има големи права и заслуги за се.

Во интерперсоналните односи има дефицит на длабочина во односите и повремено се изолира;

Социјалната адаптација ја изразува со социјален успех, интезивни амбиции и псеудосублимација

Во врска со етиката и ставовите поседува надворешен ентузијазам за моралните, естетските и социјалните прешања.

Односот кон љубовта и сексуалноста се карактеризира преку заведување, промискуитет и недостаток на капацитет за подлабок и подолготраен однос.

Когнитивниот стил е изразен преку егоцентрична перцепција на стварноста, артикулираност, понекогаш нејаснотија и издржливост (Akhtar S, Anderson Thomson1982).

б) Вулнерабилниот или прикривениот нарцизам во односот на дозивувањето себе си се карактеризира со хиперсензитивност, чувство на инфериорност, ранливост, постојата потрага по снага и пофалби.

Во интерперсоналните односи застапена е хронична идеализација и завидување на доброто кај другите.

Социјалната адаптација е застапена преку стална досада, несигурност, социјално избегнување и недруштвеност.

Ставовите им се неповрзани и имаат склоност кон корупција.

Покажуваат неспособност за љубовен живот и љубовта ја доживуваат како продолжение на себеси.

Конструктот супклинички нарцизам се мери си инструментот Narcissistic Personality Inventory (NPI-40; Raskin i Terry, 1988), кој авторите го направиле врз база на дефиницијата која важи за нарцистичкото пореметување споредDSM – 5.

Инструментот нарцизмот го дефинира како неклиничка појава и се користи за истражување во општата популација. Инструментот се состои од 40 тврдења каде одговорот е дихотомен. Овој инструмент Според (Raskin i Terry, 1988), во оригиналната форма има седум димензии:

1. Експлоатација или искористување дефинирана е со непристојност, непријателство и бескрупулозност и претставува дел од маладаптивниот нарцизам
2. Привилегија која е усмерена кон моќта, нетолеранцијата и грубоста е дел од маладаптивниот нарцизам
3. Ауторитет кој е дефиниран како лидерство, асертивност и друштвеност е претставен како адаптивен дел од нарцизмот
4. Самодоволност која е дефинирана со автономија, самодоверба , мотивираност за напредување, задоволство со себеси како делови од адаптивниот нарцизам и , али и со автократски стил на комуницирање како дел од маладаптивниот дел од нарцизмот
5. Суета која е дефинирана со потребата од признавање на сопствената важност и привлечност има елементи од адаптивниот и маладаптивниот нарцизам
6. Егзибиционизам кој се претставива со барање на внимание, драматизација, агресија али и екстравертност е исто претставен со двата дела од нарцизмот
7. Супериорност која е претставена со самодоверба и самопочитување е повеќе на страната на адаптивниот нарцизам

Во варијаблата супериорност можат да се одвојат меѓусебното самопочитување и нарцизмот затоа што поединците со високо самопочитување се задоволни со себеси али при тоа не се осеќаат супериорно, додека нарцисоидните личности кои имаат високо самопочитување се исто задоволни со себеси али се осеќаат супериорно и така се изразуваат врз околината.

1.2.3. Психопатија

Психопатијата е психолошко патолошки феномен кој е присутен во психијатрискиот и психолошкиот сегмент од деветнаестиот век и се карактеризира со афективни и интерперсонални симптоми и манифестации како што се недостаток на емпатија, површни емоции, нечуствителност, немање на страв, импулсивно реагирање, неодговорност, безобразност, безобзирност, склоност за самоповредување и без чувство за вина, али со способности за резонирање.Во дваесетиот век споредRobins(1966), причините за појава на психопатијата се бараа во социјалната околина. Се истакнува дека поради неадекватна социјализација одредени личности не ги прихваќаат социјалните норми и стануваат неадаптирани, антисоцијални и бунтовни. Поради овие констатации во клиничката околина називот психопатија ќе биде заменет со називот социопатија. Психопатијата претставува синдромски склоп на различни црти кои потекнуваат од повеќе извори. Психопатијата претставува емоционално пореметување со високо ниво на инструментална агресивност која е насоченакон остварувањето на саканите цели и воедно претставува антисоцијално однесување кај личностите кои покажуваат посебен облик на емоционално оштетување. Важно е да нагласиме дека кај психопатијата не е толку битен фактор изразувањето на антисоцијалното однесување,колку што е емоционалното оштетување кое кај личноста предизвикува можност за јака усмерена инструментална агресивност(Blair, Mitchell, Blair, 2008).Психопатијата се класифицира споредDSM – 5 како антисоцијално пореметување на личноста. Антисоцијалното пореметување на личноста е претставено со интензивно и трајно антисоцијално однесување кое е во спротивност со друштвените норми, моралните правила и штетно е за функционирањето на некоја група или воопшто за друштвото во целина(Petz, 2005).

Споредодосегашните истражувања најважни предиктори на антисоцијалното однесување се: хиперактивност, низок IQ, слаб школски успех, криминалитет на родителите, конфликтни односи во семејството, агресивно родителство, одвоеност на детето од родителите, лоша економска сестојба, ниско образование на родителите, врсници со антисоцијално однесување, висока деликвенција во соседството и во школата.

Cleckley (1941. 1976), кој во својата книга *Маска на здравјето*(The Mask of Sanity), наведува 16 критериуми за дијагностицирање на психопатијата:

1. површен шарм и надпросечна интелигенција

2. одсуство на анксиозноста

3.одсуство на суманути мисли и други знаци на ирационално мислење

4. непоузданост/ недоверливост

5. неискреност

6. немање на грижа на совеста или срам

7. антисоцијално однесувае без мотиви за тоа

8.слабо проценување и неспособност за учење од искуствата

9.патолошка егоцентричност и нобност за љубов

10.емоционално сиромаштво

10.неспособност за предвидување

12. површни интерперсонални односи

13.склоност кон необично и непожелно однесување под влијание на алкохол

14.ретко остварен суицид

15.безначаен и безличен и слабо интегриран сексуален живот

16.неспособност за планирање на животот

Овие наведени особини се дефинирани врз база на студија на случај со личен контакт помеѓу психијатрите и пациентите. Недостаток на овие истражувања е во тоа што нема емпириска операционализација, односно квантификацијана истражувањата.

Со психометризацијата на индикаторите одCleckley (1988), Роберт Харе и неговите соработници го конструираа првиот инструмент за проценување на психопатијата наречен Лист за обележување на психопатијата PCL (Psychopathy check List), Hare & Frazile(1980) составен од 22 ајтеми. Овој инструменет се користеше само во институционите средини, односно во форезничките и пеналните средини

(психијатриски болници и затвори).Инструментот е ревидирам после неколку години и при таа постапка се издвоени само 20 ајтеми.

Денес се користи истата скала која предходно е ревидирана два пати. Според истражувањата на Hare (1991), со статистичката постапка со употреба на експланаторните факторски анализи врз PCL – R издвоени се две компоненти или латентни фактори на овој инструмент. Тоа се фактор 1 и фактор 2, околу кои се наоѓаат индикаторите и застапуваат две црти, односно психопатскио собини. Според Medjedovic(2015), факторите се состојат од следните особини:

Фактор 1

1. Манипулативност
2. Превртливост
3. Емоционална површност
4. Недостаток на чувство за кривица и недостаток на емпатија

Фактор 2

1. Импулсивност
2. Неодговорност
3. Паразитски животен стил
4. Антисоцијално и криминално однесување

Особините од првиот фактор се сметаат дека се ендогени и темелни за психопатијата, додека вториот фактор ги претставува облиците на животниот стил .

Постојат многу несогласување од страна на други истраживаќикои предлагаат поинаква верзија на инструмент за мерење на психопатијата. Така на пример се истакнуваат авторите Cooke & Michie (2001), според кои нивниот концепт би имал три фактори:(1). манипулативни тенденции и искористување, (2). сиромашен и површен емотивен живот и (3). лоша контрола на импулсите и непромисленост. Можиме да приметиме дека во нивниот концепт антосоцијалното однесување не претставува дел од конструктот психопатија и индикаторите кои ја претставуваат психопаијата не беа претставени во анализата. Овој инструмент содржи 13 индикатори и недостасуваат индикаторите за антисоцијално и криминалното однесување.

Врз основа на критиките за употребата на статистичките методи и интерпрентацијата на инструментот врз PCL – R, Харе и неговите соработници

конструираат инструмент со 4 фактори кои се:1.Интерперсонален стил, 2. Афективитет, 3. Животен стил, 4. Антисоцијалност.

Фактор 1 - Интерперсонален стил

1.Површен шарм
2,Грандиозно доживување на сопствените вредности
4.Патолошко лажење
5. Манипулативност

Фактор 2 - Афективитет

6.Одсуство на кривица
7.Површни емоции
8. Отсуство на емпатија
16.Неприфаќање на одговорност

Фактор3 – Животен стил

3.Потреба за стимулација или склоност за досада
9.Паразитски животен стил
13. Отсуство на долгорочни животни и реални цели
14.Импулсивност
15. Неодговорност

Фактор 4 - Антисоцијализација

10.Лоша контрола на однесувањето
12. Рани проблеми во однесувањето
18. Малолетничка деликвенција
19.Прекшување на условен отпуст и бекство од институциите
20. Разноврсност на криминалните активности

Недостатокот на овие инструменти е во тоа што не можат да се употребуваат надвор од институциите и таа причина креира потреба за конструкција на инструмент за самопроценка на психопатијата. Со тоа би се добило на штедење на времето и ќе можи да се користи за испитување на групи. Според (Williams, Paulhus &Hare,(2007), споредMedjedovic,2015), конструирана е верзијата SRP3, (Self report Psychopathy),

инструмент за проценка на психопатијата во кој се екстрахирани четири фактори од PCL – R , кои се сега наведени како 1. Интерперсонална манипулација, 2. Површен афект, 3. Неконтролиран животен стил и 4. Криминална тенденција. Истражувањата на Харе и неговите соработници доведоа до сознанија дека овој инструмент може да се употребува и кај општата популација (Mahmut, Menictas, Stevenson & Homewood,2011,споредMedjedovic,(2015).

Денес е актуелена верзијата SRP – IV, (Paulhus, Neumann &Hare, 2016) која ја задржа латентната структура на предходната верзија.

Најнов модел на психопатија е Тријархијскиот модел које конструиран од (Patrick et al., 2009), со цел да ги поравни разликите на другите модели и да биде во согласност со најновите психометријски и статистички техники и во склад со најновите теоретски мултидисциплинарни сознанија. Претставува мета концептуализација на дотогашните сознанија за психопатијата. Овој модел се состои од три фактори:

1. Смелост
2. Безчуствителност
3. Дезинхибиција

Претставува спој на смелоста и безчутноста со дезинхибицијата. Се употребува кај форезничката и општата неклиничка популација и во досегашните истражувања покажува добра екстерна валидност.

1.Смелост е компонента која содржи фенотипски знаци како што се имање на контрола врз себе во критични ситуации, брзо враќање во нормална состојба, висока самодоверба, отпорност на непознатото и опасното. Додека бихевиоралната манифестираност се истакнува со ладнокрвност, социјална хомеопатија, асертивност, храброст и авантуризам (Patrick i sur., 2009. Споредназначените својства, смелоста претставува спој на социјална доминација, отсуствоа на анксиозност и неуритицизам, потреба за возбудување, авантуризам и низок интензитет на реактивноста на стрес(Benning, Patrick, Salekin i Leistico, 2005).Според претставувањето на наведените автори, смелоста не исто што и безстрашноста, него причината за појавата на смелоста е од генотипско порекло, односно од намалената осетливост на одбрамбениот

мотивациски систем во мозокот кога постојат знаци на опасност. При тоа во таквите ситуации генетската безстрашност се манифестира фенотипски (Patrick i sur., 2009).

2. Безчуствителноста според (Patrick et al., 2009) се карактеризира си фенотипските својства како што се слаба емпатија, непочитување на другите и презир, недостаток и сиромашност на блиски врски, барање на возбуди, манипулација и искористување на другите и оснажување преку окрутно однесување. Специфични бихевиорални манифестации на изразување на бесчутноста се арогантно однесување, неподнесување на авторитет од другите и отпор, агресивна компететивност, проактивно разбојничко однесување со намера, физичко круто однесување кон луѓето и животните и барање на возбуда преку деструктивно однесување.

3. Дезинхбицијата во тријархискиот модел е застапена преку фенотипските својства: проблеми со контролата на импулсите, недостаток во планирањето и предвидувањето, неспособност за одлагање на задоволство и слаба контрола на однесувањето. Бихевиоралните манифестирања с изразени со неодговорност, нестрливост, импулсивно однесување кое предизвикува негативни резултати, непријателско однесување кон другите без причина, агресија кон другите и склоност кон дрогата, алкохолот и кршење на законот(Patrick et al., 2009) .

Според (Begić, 2011; Glenn i Raine, 2008; Sadeh i sur. 2010), етиологијата на психопатијата не е доволно истражена и објаснета, али се нагласува дека има јака биолошка основа.Hare (1991, ја нагласува афективно - интерперсиналната компонента на психопатијата и со тоа ја одвојува од антисоцијалното пореметување на личноста. Значајни се истражувањата кои психопатијата ја делат на примарна и секундарна психопатија. Примарната психопатија се карактеризира со однесување кое е одредено генотипски. Додека секундарната психопатија е со етиологија на малтретирање и занемарување во детството. Примарната психопатија е претставена насока на лажење, недостаток на кајање, безосетливост и манипулации. Секундарната психопатија е изразена со импулсивност, слаба толеранција на фрустрации, недостаток на планирање, предвидување и експлозивност. Една од значајните разлики помеѓу овие два вида на психопатија е појавата на силна а анксиозност кај секундарната психопатија, Deana, A. C., Altsteinb, L. L. i Bermanc, M. (2013).

Значајно истражување на херитабилноста на психопатијата е направено во 2005 год. од страна на истражувачите на примерок од 3687 пара близнаци на возраст од 7 год. Viding, Blair, Moffitt i Plomin, (2005), во кое се добиени резултати кои покажуваат дека психопатската особина безчуствителност – безосетливост е генетски условена и не е под влијание на социјалните фактори како што се сосијално економскиот статус, статусот на школата и влијанието на непопспредната околина(семејство, врсници, здруженија, клубови и сл.).


Варијансата на особината безчуствителност – безосетливост е 81% објаснета со генетските фактори. Додека антисоцијалното однесување е под влијание на околинските фактори.

Најголем број од истражувањата на конструктот психопатија се однесува на областа од клиничкиот и правниот сегмент додека поимот успешна психопатија е практично непознат иако и Cleckley, (1941) се бавел со случаеви и на успешна психопатија кои ги истражувал. Неговите истражувања опфаќале познати политичари, бизнисмени и научници кои изразувале психопатски знаци и симптоми како егоцентризам, површен шарм и неодговорност. Тие личности покажувале непотполни манифестации на психопатските својства и не биле во сукоб со законските норми, не биле затварани и судени за своето однесување, а предизвикувале материјални штети и повредувања на правата на другите луѓе околу во нивната околина. Својата психопатска успешност ја докажувале со својата способност да ги избегнат казните за своите недопуштени однесувања (Skeem i sur., 2011). Според предходните истражувања успешната психопатија во поширок смисол се однесува на фактот дека некои од психопатските својства се позитивно поврзани со различни адаптивни активности кои за последица имаат успешно функционирање на поединците во нивната околина.

1.2.4. Темна тријада

Супклиничката форма на психопатијата, нарцизмот и макијавелизмот претставуваат скуп на друштвено непосакувани и неадекватни особини на личноста наречен Темна тријада која може да се опише како еден облик на девијантна социјализација која е карактеризирана со проблеми во меѓучовечките односи и изолирање од другите луѓе. СпоредJones&Paulhus (2011), темната тријада претставува комбинација на предиспозиции за неосетливост и лакомост и се однесува на образоци на однесување кое е усмерено кон искористувањето на другите како би се себично задоволиле личните интереси и потреби. Темната тријада се однесува на цртите на личноста кои се наоѓаат во распонот на нормалното функционирање во општата популација и затоа се нарекуваат супклинички конструкти, додека терминот клинички се однесува на оние црти на личноста кои се во клиничкиот или форензичкиот третман. Макијавелизмот, нарцизмот и психопатијата се три посебни варијабли и нивната концептуализација е спектар на димензии со различни однесувања и особини со кои е застапена аверзивната страна на личноста. Тие имаат различна историја али меѓусебно имаат јаки емпириски врски. Во истражувањата се употребува со цел да се открие и разбери темниот сегмент на човековото функционирање. Темната тријада е социјална стратегија која овозможува искористување на другите личности. Конструктите психопатија и нарцизам произлегуваат од клиничката пракса и се класифицирани како пореметувања на личноста. Додека психопатијата и нарцизмот имаат клиничка и супклиничка страна, макијавелизмот нема клинички третман и се работи за конструкт кој има поинаква етиологија и карактеристики кои се појавуваат во секојдневниот живот и вклучуваат цинизам, неприципиелност и манипулативни стратегии (Jones, Paulhus, 2011). Трите конструкти на темната тријада се преклопуваат меѓусебно али и мерат различни димензии на еден конструт, односно темната тријада.Според McHoskey, Worzel, Szyarto (1998), постои преклопување на трите компоненти на конструктот темна тријада што е покажано на сликата бр.1. Овие автори наведуваат

дека интеркорелацијата помеѓу нарцизмот и психопатијата е ***.50***, додека помеѓу макијавелизмот и психопатијата изнесува ***.31***, а помеѓу нарцизмот и макијавелизмот изнесува ***.25***, (Paulhus, Williams 2002).



Графикон бр. 4. Односот измеѓу компонентите на темната тријада (Paulhus, Williams, 2002).

Една од важните заеднички сличности е заедничката насока или склоност кон искористувњето или експлоатирањето на другите и однесување усмерено на задоволување исклучиво на соопствените импулси и потреби. Исто така во однос на петофакторскиот модел на личноста (McCrae & Costa, 1989), димензиите соработливост и екстраверзија имаат највисоки корелации со сите три компоненти на темната тријада. Во однос на Интерперсоналниот циркумплекс, димензиите од петофакторскиот модел на личноста соработливост и екстраверзија ги дефинираат димензиите доминација и афилација(Schmidt, Wagner et al., 1999). Според овие резултати со оглед на тоа што димензијата соработливост на својот континиум има квалитети сочувствителност и антагонизам и е во позитивна и значајна корелација со димензиите доминација и афилација од Интерперсоналниот циркумплекс произлегува дека несоработливоста(Jakobwitz & Egan, 2006), и интерперсоналниот антагонизам се темелни карактеристики со кои корелираат сите три димензии на темната тријада.

Шестфакторскиот модел на личноста HEXACO(Lee & Ashton, 2004),со факторот поштење – скромност на својот континиум има просоцијални и антисоцијални

квалитети кои јасно се разликуваат и ги има цртите на личноста:поштеност, искреност, скромност и избегнување на похлепност. Компонентите на темната тријада негативно корелираат со оваа димензија што јасно се истакнува разликата, затоа што темната тријада е карактеризирана со антисоцијална насока, експлоативност и искористување, неосетливост и недостаток на емпатија(Williams & Paulhus, 2004).

СпоредJones & Figueredo, (2013) темната тријада има корелација со Херовиот фактор бр.1.наречен примарна психопатија која го опишува специфичниот интерпрсонален стил и произлегува од афективните дефицити и на тој начин ја одредува психопаската личност, претставува карактеистика која е заедничка за сите три компоненти на темната тријада. Примарната психопатија е застапена со особините неосетливост и манипулативност и е темелна особина на темната тријада. Од друга страна факторот бр.2.наречен секундарна психопатија кој ги опфаќа антисоцијалните тенденции и склоноста кон импулсивната агресивност кој го одредува психопатското однесување, претставува динстиктивно својство кое ја разликува психопатијата од макијавелизмот и нарцизмот. Од наведеното можеме да заклучиме дека заедничките елементи им се интерперсоналната манипулација, експлоатирање на другите околу себе и безосетливост.

Покрај сличностите помеѓу компонентите на темната тријада постојат и динстиктивни разлики:

Лицата кои имаат изразени црти на психопатија својата агресија ја изразуваат врз другите на начин да ги малтретираат и ги остваруваат своите планирани освети.

Лицата со изразените нарцистички црти на личноста имат подобри самопретставувања и поради своето осетливо его реагираат со агресија на секое заканување врз нивното его.Макијавелистите се обидуваат да плагираат и опрезни се кај ризичните кладења.

Инструмент за мерење на конструктот темната тријада е мултифакторска кратка скала на темната тријада, (Short Dark Triad,SD3; Jones i Paulhus, 2014) кој ги мери цртите на личноста од спектарот на темната тријада. Прашалникот се состои од три супскали по 9 ајтеми што вкупно е скала со 27 ајтеми.

1. Супскалата за проценување на димензијата макијавелизам е претставена со 9 ајтеми.

2. Супскалата за проценување на супклиничката димензија нарцизам е претставена со 9 ајтеми.

3. Супскалата за проценување на супклиничката димензија психопатија е претставена 9 ајтеми.

1.3. Досегашни истражувања

Меѓусебните односи се детерминирани од особините на личноста која е главен фактор во тие односи. Особините на личноста се присутни во сите области од животот и претставуваат причина за ова истражување. Целта на ова остражување е да се прошират сознанијата за влијанието на еден специфичен спектар на особини на личноста наречен темна тријада, односно темни особини кој како психички конструкт е предмет на истражување од страна на психолозите Paulhus i Williams.

Тие во своите истражувања на антисоцијалните однесувања дошле до сознанија дека постојат три варијабли: макијавелизам, нарцизам и психопатија, кои се во основата на таквите асоцијални однесувања.

Според Paulhus i Williams (2002), пионерското истражување и мета анализите на добиените резултати покажале дека добиените варијабли: макијавелизмот, нарцисоидноста и психопатијата се по концепт посебни,но се и поврзани.

Според Furnham, Richards i Paulhus, (2013), тие претставуваат три различни црти на личноста кои имаат и заеднички карактеристики како што се манипулативно и бесчувствително однесување со изразена надмоќност и недопирливост во однос на околината околу себе. Овие карактеристики имаат големо влијание во сите сегменти на секојдневниот живот. Со ова истражување сакаме да ја испитаме поврзаноста на сигурниот и несигурните стилови на афективната приврзаност во блиските партнерски односи со изразеноста на цртите на личноста на скалата од конструктот Темна тријада. Со оглед на тоа што Темната тријада како психички конструкт е значајно актуелен во последните дваесет години, сепак не постојат многу истражувања за неговото влијаније врз блиските емоционални односи, а кои најповеќе

зависат од особините на личностите со кои се стваараат меѓусебните односи. Познато е дека психопатијата, нарцисоидноста и макијавелизмот се предиктори на многу рискантни однесувања и психички пореметувања и болести, а кои засигурно имаат големо влијание и на квалитетот на партнерските односи. Целта на ова истражување е да се прошири разбирањето на теоријата за афективна поврзаност кај партнерските блиски односи и исто така степенот на влијание кое го имаат на формирањето на цртите на личноста од психичкиот конструкт Темна тријада. Да се испитаат разликите помеѓу сигурната и несигурната афективна поврзаност кај испитаниците во однос на влијанието на цртите на личноста од сегментот на темната тријада.Постојат многу истраживања на концептот афективна поврзаност каде се истражувани односите кон многу различни варијабли и кон особините на личноста. Меѓутоа истражувањата на односот на цртите на личноста од спектарот на темната тријада се многу ретки. Исто така е и со концептот Темна тријада врз другите варијабли. Во истражувањето на Jonason, Lyons &Bethell (2013), се испитувани концептите темна тријада и афективната поврзаност на примерок од H=352, и е добиена позитивна поврзаност на макијавелизмот со сите три несигурни обрасци анксиозност, одбегнување и дезорганизираност на афективната поврзаност. Додека со сигурниот образец има негативна поврзаност. Психопатијата е позитивно поврзана со одбегнувачкиот и дезорганизираниот образец, а негативно е поврзана со сигурниот образец на афективната поврзаност. Не е пронајдена статистички значајна поврзаност со анксиозноста. Нарцизмот е позитивно поврзан со сигурниот образец и не е поврзан со несигурниот образец на афективната поврзаност, Jonason, Lyons &Bethell (2013). Во научно истражувачкиот труд на Jonason, Lyons &Bethell, (2013), е користен прашалникот RQ кој има за секој образец опис, додека за мерење на цртите на личноста од спектарот на темната тријада се користени прашалници за секоја компонента посебно, а кои според (Maples, Lamkin, & Miller, 2014), не се поуздани и валидни како SD3 од Paulhus & Wiliams, (2002) кој има подобри метриски карактеристики. Во истражувањето на Мрђа Р., (2019)испитувани се концептите на темната тријада и афективната поврзаност на примерок H= 354, и користени се инструментите српска верзија на SM-ECR-R, (Hanak & Dimitrijević, 2013) за мерење блиските односи и SD3 од (Paulhus & Wiliams, 2002) за мерење на темната тријада. Прашалникот SM-ECR-R, (Hanak& Dimitrijević, 2013), претставува инструмент за мерење на афективните блиски односи кој се состои од 36 ајтеми на кои се даваат одговори преку седмостепената ликертова скала. Прашалникот има две супскали кои

се состојат од по 18 ајтеми од кои едната е супскала за мерење на димензијата анксиозност, а другата супскала е за мерење на димензијата избегнување. Со вкрстување на овие две супскали се добиваат 4 обрасци, односно стилови на афективна поврзаност. Според Hanak & Dimitrijević, (2013), поузданоста е *Alpha=.89*за супскала одбегнување и *Alpha=.90*за супскала анксиозност.

Прашалникот SD-3 за мерење на конструктот темна тријада има 27 ајтеми и содржи три супскали за мерење на варијаблите макијавелизам, нарцизам и психопатија. Одговорите се даваат на петостепената ликертова скала. Поузданоста е ***за*** *психопатија .71, за нарцизам .68 и за макијавелизам .74.* Сите варијабли имаат нормална дистрибуција. Со анализата на варијансата дибиени се значајни разлики помеѓу сите варијабли од двата концепти. Добиените резултати покажуваат дека дезорганизираниот стил, односно испитаниците кои го имаат тој стил имаат највисок скор на скалите макијавелизам и психопатија, додека на скалата нарцизам највисок скор има испитаниците со преокупираниот стил на афективна поврзаност.Исто така е утврдена и добрата поузданост на двата теста кои беа користени во ова истражување.

Kamenov i Jelic(2003), спроведоа свое истражување, а еден од целите на тоа истражувањебеше да се покуша да се смали бројот на ајтемите - тврдењата и со тоа да се скрати изворниот прашалник на Brennan, Clark i Shaver, кој до сега претставува најдобра мерка за мерење на афективната приврзаност кај возрасната популација. Како резултат на нивното истражување тие добија скратен прашалник кој содржи 18 ајтеми – тврдења, за секоја димезија по 9 ајтеми – тврдења, и кои воедно ја задржа факторската структура со двата фактори анксиозност и избегнување, сите карактеристики на изворниот прашалник и високата сигурност. Сигурноста Според Cronbach alfa коефициентот *за супскалата анксиозност изнесува помеѓу .80 и .88, додека за скалата избегнување изнесува помеѓу .80 и .83***.**

1.4. Општа цел и проблеми на истражувањето

Поврзано со содржината од уводниот и теоретскиот дел од ова истражување видливо е дека значењето на квалитетот на обрасците на афективната поврзаност која се воспоставува од почетокот на животот на секоја единка има влијание и на квалитетот на функционирањето низ целиот животен век. Влијанието на обрасците на

афективната поврзаност во блиските односи се присутни во целиот комуникативен и емоционален сегмент на еден поединец. Понатаму сакаме да ја провериме предиктивноста на афективната приврзаност врз изразувањето на компонентите на супклиничкиот конструкт темна тријада и исто така изразувањето на генералната Темна тријада. Цел на истражувањето е да се испита факторската структура на прашалникот за проценување на афективната приврзаност кај партнерските блиски врски Модифицирана верзија на Бренановиот инвентар за искуствата во блиските врски (Kamenov i Jelić, 2003) и прашалникот на темната тријада СД - 3 (Short Dark Triad,SD3; Jones i Paulhus, 2014), за проценување на темните црти на личноста кај предметниот примерок. После проверувањето на латентната структура на прашалниците, ќе го испитаме односот и поврзаноста на цртите на личноста од спектарот на темната тријада со стиловите на афективната приврзаност кај партнерските односи. Истражувањето е емпириско и од зависноста на карактерот на дистрибуцијата на податоците ќе користиме параметриска или непараметриска статистика. Сакаме да видиме со помош на добиените резултати каков е карактерот на поврзаноста помеѓу кај сигурните со несигурните испитаници со оглед на цртите на личноста од спектарот на темната тријада, односно какво е влијанието на афективната приврзаност врз супклиничкиот конструкт темни особини на личноста - темна Тријада. Понатаму сакаме да ја провериме предиктивноста на афективната приврзаност врз изразувањето на компонентите на супклиничкиот конструкт темна Тријада и исто така изразувањето на генералната Темна тријада. Согласно со поставената општа цел на ова истражување наведени се следните прблеми:

1. да дефинираме дали постои статистички значаен однос помеѓу стиловите на ефективната приврзаност во однос на темните особини на личноста.

2. да дефинираме дали постои статистичка значајна разлика помеѓу стиловите на афективната приврзаност во однос на темните особини на личноста.

3. да дефинираме дали постои значајна предиктивност помеѓу стиловите на афективната приврзаност според темните особини на личноста.

Хипотези

Согласно со целта на ова истражување и добивање одговори на наведените проблеми ќе ги поставиме следните истражувачки хипотези:

Х1. Се очекуваат статистички значајни разлики помеѓу партнерските стилови на афективната приврзаност во однос на изразеноста на темнита особина супклиничка психопатија.

Х2.Се очекуваат статистички значајни разлики помеѓу партнерските стилови на афективната приврзаност во однос на изразеноста на темната особина манипулација.

Х3. Се очекуваат статистички значајни разлики помеѓу партнерските стилови на афективната приврзаност во однос на изразеноста на темната особина репутација.

Х4. Не се очекуваат статистички значајни разлики помеѓу партнерските стилови на афективната приврзаност во однос на изразеноста на темната особина самопретставување.

Х5. Не се очекуваат статистички значајни разлики помеѓу партнерските стилови на афективната приврзаност во однос на изразеноста на темната особина скромност.

Х6. Се очекуваат статистички значајни разлики помеѓу партнерските стилови на афективната приврзаност во однос на изразеноста на геенералниот фактор на темните особини

II.МЕТОДОЛОГИЈА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

2.1. Популација и примерок

Во истражувањето планираме да учествуваат околу 140 испитаници и тоа од студентската популација на студентки и студенти со редовен и вонреден статус од сите факултети на Меѓународниот Славјански Универзитет Гаврило Романовиќ Державин во Битола. Примерокот планираме да беде пригоден, составен од испитаниците кои ќе бидат достапни во моментот на испитувањето. Податоците ќе ги земаме преку потребните психолошки инструменти со методата *хартија - молив* пред да започнат предавањата и со *on line* методата преку социјалната друштвена мрежа *facebook*. Примерокот ќе го сочинуваат присутните студентки и студенти кои ќе сакаат доброволно да пристапат на истражувањето, после деталното објаснување дека истражувањето е во потполност анонимно и на доброволна основа во кое се слободни ако сакаат да одустанат, тоа можат да го направат во било кое време во текот на истражувањето и дека причината за истражување е научно истражувачка цел.

2.2 Инструменти

За ова истражување планираме да користиме три инструменти. Прв инструмент би бил прашалникот со демографските податоци за испитаниците, кој ќе биде конструиран така да би бил составен од прашања за возраста, полот, факултетот, на кој студираат, годината на студирање, потоа дали испитаникот е во партнерска врска, број на врски и време на траење на партнерските врски. Втор инструмент е прашалникот за афективните искуства во блиските партнерски врски, кој е конструиран од авторите Kamenov i Jelic(2003), врз основа на изворниот прашалник кој направен од авторите Brennan, Clark i Shaver, (1995), СпоредStefanovic-Stanojevic, 2005). Овој скратен прашалник содржи 18 ајтеми - тврдења и кој воедно ја задржа факторската структура

со двата фактори анксиозност и избегнување и ги задржа сите карактеристики на изворниот прашалник и висока сигурност. Сигурноста Според *Cronbach alfa коефициентот за супскалата анксиозност* изнесува помеѓу *.80 и .88,* додека за скалата избегнување изнесува помеѓу*.80 и .83***.** За секој фактор се одредени по девет специфични ајтеми- тврдења. На скалата од 18 ајтеми - тврдења, парните броеви се дел од содржината на супскалата за мерење на анксиозноста, додека непарните броеви се дел од супскалата за мерење на избегнувањето. Испитаниците имаат задача кога ќе го пополнуваат прашалникот, да го изразат степенот на согласувањее со секое тврдење кое е дадено во прашалникот. Степенот на согласување се изразува на Ликертовата скала од седум степени (1- сосема не се согласувам, 2 - делумно не се согласувам, 3 - не се согласувам, 4 - нити се согласувам нити не се согласувам, 5 - се согласувам, 6 - делумно се согласувам, 7 - потполно се согласувам). Резултатот на секој испитаник се одредува со собирање на проценките за секој ајтем- тврдење за секоја субскала посебно. Предходно е потребно да се изврши рекодирање на три ајтеми кои беа зададени во спротивна насока. Минимален збир е 9, додека максимален може да биде 63 за секоја супскала. Собирањето се врши оделно за парните ајтеми – тврдења кои се однесуваат за димензијата анксиозност и за непарните ајтеми - тврдења кои се однесуваат за димензијата одбегнување(Kamenov i Jelic,2003). Образецот на афективната приврзаност кај блиските партнерски односи за секој испитаник се одредува врз основа на неговите резултати на димензиите анксиозност и одбегнување и при тоа се користи меридијан = 36 како што е прикажано во табелата бр.1.Сигурноста на двете димензии од прашалникот за афективната приврзаност кај партнерските односи кој се однесува на овој примерок е примерена и изнесува *(α = .76 за анксиозноста и α = .76 за избегнување.*

Прикажување на формирањето на образоците на афективната приврзаност кај партнерските врски е во табелата бр.

	ОДБЕГНУВАЊЕ	
	≤36	>36

АНКСИОЗНОСТ	≤36	СИГУРНА ПРИВРЗАНОСТ	ОТФРЛУВАЧКА ПРИВРЗАНОСТ
	>36	ПРЕОКУПИРАНА ПРИВРЗАНОСТ	ПЛАШЛИВА ПРИВРЗАНОСТ

Табела бр. 1. Brennan, Clark i Shaver, (1995), Според Stefanovic-Stanojevic, 2005)

Третиот инструмент екраткиот прашалник на Темната Тријада, (Short Dark Triad,SD3; Jones i Paulhus, 2014) кој ги мери цртите на личноста од спектарот на темната тријада. Прашалникот се состои од три супскали:

1.супскалата за проценување на димензијата макијавелизам е претставена со 9 ајтеми,

2.супскалата за проценување на неклиничката димензија нарцизам е претставена со 9 ајтеми

3. супскалата за проценување на неклиничката димензија психопатија е претставена со 9 ајтеми.

Секоја супскала содржи по девет ајтеми- тврдења, што значи дека прашалникот СД2 има 27 ајтеми – тврдења од кои првите девет ајтеми се за мерење на димензијата макијавелизам, другите девет ајтеми се за мерење на димензијата супклинички нарцизам и третите девет ајтеми се за мерење на димензијата супклиничка психопатија. Задача на секој испитаник е да го означи степенот на согласување со тврдењето кое е содржано во прашалникот. Степенот на согласување се означува на Ликертовата скала од 5 степени (1- сосема не се согласувам, 2- не се согласувам, 3 – нити се согласувам нити не се согласувам, 4 - се согласувам, 5 – сосема се согласувам). Најмал резултат на секоја супскала може да биде 5, додека највисок резултат резултат може да биде 45. Пред да се обработаат податоците добиени во прашалникот, потребно е да се изврши декодирање на одредени ајтеми. Резултатите на секоја супскала се собираат и потребно е да се обработаат на почетокот со дескриптивната статистика при која ќе се добие за секој испитаник просечна вредност на резултатот на ајтемите од секоја супскала. Вредноста на резултатот ја означува и изразеноста на цртата на личноста од спектарот темна тријада. Сигурноста на изворниот прашалник СД3 мерена

со Cronbach alfa коефициентот изнесува α = .74 за макијавелизам, α = .77 за нарцизам и за психопатија α =.80 и за темната тријада .77.

Сигурноста на димензиите од конструктот темна тријада која е добиена на овој примерок ни укажува дека постои потреба да се спроведе факторска анализа со цел на попрецизно одредување на латентните димензии. (α = .62 за макијавелизам, α = .50 за нарцизам и α = .72 за психопатија).

2.3. Организација и тек на истражувањето

Во истражувањето е користена методата пригоден избор на испитаници. Испитаниците се изабрани од Интернационален Славјанскиот универзитет Битола од сите факултети. За потребите на ова истражување направена е он лине верзијana на потребните прашалници преку Google form и која беше поставена на друштвената мрежа Facebook. На испитаниците при отварањети на адресата дадено им е упатство и информации во врска со предметното истражување. Пред да се пристапи кон пополнувањето на прашалникот испитаниците се информираат со темата на предметното истражување и со етичките норми во врска со тоа што нивното учество е на доброволна база и е анонимно. Исто така дека се слободни во било кој момент во текот на пополнувањето на прашалникот да можат слободно да го прекинат нивното учество. Ито така даена е и информацијата за мојата е маил адреса како контакт ако се потребни додатни информации од нивна страна во врска со ова истражување. Дадени се информации и упатство за начинот на пополнување на прашалникот по усмен и писмен пат и која гласи:

Почитувани,

Пред Вас е прашалник со кој сакаме да спроведиме истражување за односот на цртите на личноста од спектарот на темната тријада и афективната партнерска (љубовна) поврзаност, со цел изработка на мастер труд на факултетот за психологија. Се состои од три дела и потребното време ви е околу 10 мин. Добиените резултати ќе се користат исклучиво за статистичка анализа со цел проверка на научните хипотези.

Истражувањето е сосема анонимно во кое нема точни и неточни одговори и ве молиме да на дадените изјави одговорите што поискрено. Важно е да се нагласи дека истражувањето не е анализа на резултатите на поединци него исклучиво обработка на групните резултати. Учеството е доброволно и ако не сакате да одговорите на прашањата можете слободно да прекинете. Од ова истражување можите и вие да имате корист бидејќи ќе промислите за себе, вашите чувства и односот кон другите. За повеќе информации околу истражувањето можите слободно да ме контактирате на

E-mail:dragan_jovanovski05@yahoo.com

Исто така дадени се и упатства за секој прашалник поединачно.

За пополнување на прашалникот *Инструмент за мерење на темната тријада (SD3, Jones i Paulhus, 2014)* дадено е следното упатство:

УПАТСТВО - Во овој прашалник се наоѓаат 27 изјави кои се однесуваат на вашите ставови според наведените изјави. Ве молиме внимателно да ја прочитате секоја изјава и да одговорите во која мерка се согласувате со неа

За пополнување на прашалникот за мерење на афективната приврзаност кај партнерските врски дадено е следното упатство:

УПАТСТВО - Во овој прашалник се наоѓаат 18 изјави кои се однесуваат на вашите чувства во љубовните (партнерските) врски. Нас не интересира како вие ОПШТО се осеќате во било која врска со љубовниот партнер (девојка, дечко, сопруг, сопруга), а не во некоја конкретна врска. Ве молиме внимателно да ја прочитате секоја изјава и да одговорите во која мерка се согласувате со неа.

III. РЕЗУЛТАТИ

Во истражувањето ќе го користиме квантитативниот метод бидејќи постојат квалитетни и проверени инструменти за мерење на наведените варијабли на скалите кои користат емпириски вредности, а кои ги одбравме во ова истражување. Според (Milas, 2009), квантитативниот начин на истражување е природен и адекватен во истражувањата каде се користат емпириски претпоставки со цел да се зголеми сознанието за објективната стварност.Добиените резултати ќе се внесат во програмата Excel каде ќе се направи база од сите податоци кои ќе се добијат со методата *хартија-молив* и исто така и податоците кои ќе се добијат преку *GOOGLE формата* ќе се внесат во Excel. Така добиената база на податоци ќе се преконтролира и ќе се израчунаат основните операции преку дескриптивната статистика. После тоа во ***статистичката програма "Р"***ќе се внесат сите варијабли кои се предмет во истражувањето, а со цел да се проверат истражувачките хипотези кои ги поставивме. Во статистичката програма ***"Р"*** ќе се проверат дистрибуциите на податоците дали се нормални како би знаеле кои статистички операции ќе ги употребиме од инференцијалната статистика, односно параметриска или непараметриска статистика. Прикажувањето на резултатите е организирано во повеќе помали целини. После проверката на факторска структура на инструментите, прикажани се дескриптивните податоци и матриците на корелациите кои се израчунати на добиените латентни димензии, додека во наредниот дел е спроведена регресивната анализа со цел да се утврдат предиктивностите на оделните стилови на афективната приврзаност за супклиночкиот конструкт Темна тријада- темни особини.

Анализа на латентните димензии на инструментите

Во овој дел прикажани се постапката и резултатите на анализата на латентните димензии на употребените инструменти. При тоа прво се проверува факторската структура на темната тријада, а потоа инструментот на афективната приврзаност.

Инструмент за мерење на темната тријада (SD3, Jones i Paulhus, 2014)

Пред спроведувањето на самата факторска анализа, со Kaiser-Meyer-Olkin тестот проверена е примерноста на матрицата на корелациите помеѓу варијаблите во оваа постапка. Проценката која е пресметана за нивото на целата скала ни покажа дека

во матрицата на корелациите постојат одредени образоци кои би требало да овозможат екстракција на валидни фактори (MSA = .72). При тоа релијабилноста за супскалата макијавелизам изнесува кронбах алфа α = .62, за супскалата нарцизам кронбах алфа α = .50, за супскалата психопатија изнесува кронбах алфа α = .72, додека за супконструктот темна тријада изнесува кронбах алфа α = .72.

Со цел да се одреди примерен број на фактори во обзир се земени резултатите од Velicerovog MAP тест кои додатно се проверени со резултатите на Паралелната анализа. Спроведувањето на овие два теста ни показа дека постојат различен број на примерени фактори. Velicer MAP тестот покажа дека постојат три фактори што е во согласност со теориските поставки, додека тестот на Паралелната анализа ни показа дека постојат пет примерени фактори. Со оглед на овие резултати одлучивме дека ќе ги прикажиме двата добиени пристапи во понатамочното истражување.

Табела2.

Заситување на поединиите ајтеми со димензиите на темната тријада од инструментот SD3 во трифакторскиот модел

	Компонента 1	Компонента 2	Компонента 3	h^2	u^2
m1	-.14	.01	**.64**	.38	.62
m2	.27	**.61**	-.25	.48	.52
m3	.08	**.54**	-.03	.31	.70
m4	**.33**	.08	**.31**	.28	.72
m5	**.40**	**.44**	.10	.47	.53
m6	.02	.08	.29	.10	.90
m7	.01	**.31**	**.51**	.42	.58
m8	.06	.30	.24	.19	.81
m9	-.13	**.47**	-.05	.21	.79
n1	.02	**.63**	-.02	.39	.61
n2	-.19	.29	-.19	.13	.87
n3	-.04	**.51**	.21	.33	.67
n4	.20	**.36**	.24	.31	.69
n5	-.21	**.39**	**.52**	.45	.55
n6	-.20	.20	.03	.06	.94
n7	.24	.01	.13	.09	.91
n8	-.16	**.31**	**-.48**	.32	.68
n9	-.02	.01	**.57**	.33	.67
p1	**.69**	.03	-.10	.46	.54
p2	.20	.14	**-.52**	.26	.74
p3	**.65**	.03	.00	.44	.56
p4	**.62**	-.19	.01	.37	.63
p	**.59**	.01	.01	.36	.64

5						
6	p	**.67**	.12	.07	.53	.47
7	p	.00	.21	**-.65**	.41	.59
8	p	**.74**	.17	-.21	.58	.42
9	p	**.53**	**.45**	-.07	.55	.45

Забелешка: m = макијавелизам, n = нарцизам, p = психопатија

Табелата 2. ги приказува резултатите на трифакторското решение кое е екстрахирано со анализа на главните компоненти со помош на косоаголната ротација promax (со Kaiser нормализација), кое вкупно завзема 35% варијанса од ајтемите во инструментот (14% првата компонента, 11% втората компонента і 10% третата компонента), со просечна комплексност на ајтемите од 1.5 и корен од просечниот квадрат на резидуалите од .08 (RMSR = .08). При тоа екстрахираните димезии имаат ниска меѓусебна корелација(r_{12} = .20, r_{13} = .26, r_{23} = .18). Можиме да видиме дека димензиите по својот состав не одговараат по теориските поставки. Така да ова решение иако квантитативно одговара, квалитативно не е складно по теориските поставки и нема да го користиме во понатамошниот дел на истражувањето.

Табела3.


Заситување на поедините ајтеми со димензиите на темната тријада од инструментот SD-3 во петфакторскиот модел

	Компонента 1	Компонента 2	Компонента 3	Компонента 4	Компонента 5	h^2	u^2
1	-.02	-.25	**.70**	-.16	.12	50	50
2	.13	**.73**	-.10	.22	-.08	55	45
3	-.02	**.59**	.09	.12	-.07	36	64
4	.30	.07	.14	-.30	-.01	30	70
5	.26	**.58**	.11	-.01	-.27	58	42
6	-.02	.11	.14	-.26	-.08	12	88
7	.06	.09	**.62**	-.10	.12	48	52
8	.09	.19	**.54**	.27	-.12	44	56
9	-.21	**.51**	.11	.18	-.07	27	73
1	-.12	**.72**	-.06	-.10	.04	51	49
2	-.05	-.04	-.02	.10	**.77**	58	42
3	-.04	**.34**	.28	-.08	.30	37	63
4	.21	.20	.18	-.24	**.34**	44	56
5	-.14	.11	**.63**	-.12	.27	51	49
6	.03	-.27	**.38**	.27	**.70**	58	42
7	.21	.01	-.24	**-.53**	.29	53	47
8	-.11	.19	-.12	**.49**	**.31**	36	64
9	-.05	.03	**.52**	-.20	**-.33**	45	55
1	**.69**	.05	-.15	-.03	.02	48	52
2	.27	.06	-.06	**.69**	.06	47	53
3	**.66**	.02	.00	-.01	-.02	45	55
4	**.70**	-.26	.12	.16	-.08	49	51


5	**.68**	-.13	.19	.20	.05	49	51
6	**.67**	.10	.09	.00	-.04	54	46
7	.05	.12	-.22	**.66**	.21	50	50
8	**.70**	.23	-.24	.01	.03	61	39
9	**.44**	**.51**	-.06	.00	.01	57	43

Забелешка: m = макијавелизам, n = нарцизам, p = психопатија


Табелата 3. ги прикажува резултатите од петфакторското решение кое е екстрахирано со анализа на главните компоненти при што е користена косоаголна ротација promax (со Kaiser нормализација), кое вкупно завзема 46% варијанса од ајтемите во инструментот (13% прва компонента, 11% втора компонента, 9% трета компонента, 7% четврта компонента и 6% петта компонента),со просечна комплексност на ајтемите од 1.8 и корен од просечниот квадрат на резидуалите од .07 (RMSR = .07). Факторите меѓусебно се слабо поврзани ($r < .30$). Содржината ја прават првата компонента е психопатија, втората компонента е манипулацијата од стратегиската манипулација од макијавелизмот, третата компонента е репутација настаната од прикривањето на недостатоците од макијавелизмот и грандиозноста од нарцизмот, четврта компонента е самопредставување која се формира од самоперцепираната надмоќност од нарцизмот и избегнувањето на ризикот од психопатијата, додека петта компонента е скромност која ги завзеде негативните кодирани ајтеми. Наведените пет компоненти ќе ги задржиме и ќе ги користиме во натамошната анализа. Нивните корелации се прикажани во табелата 2а. .




Графикон бр. 5. Паралелна анализа на (Short Dark Triad,SD3; Jones i Paulhus, 2014) СД-3 со 5 компоненти.




Графикон бр. 6.Густината на резултатите на димензијата манипулација




Графикон бр.7. Густината на резултатите на димензијата психопатија



Графикон бр. 6. Густината на резултатите на димензијата репутација



Графикон бр. 8. Густината на резултатите на димензијата самопредставување



Графикон бр. 9. Густината на резултатите на димензијата скромност

Табела 3а.

Корелација помеѓу добиените пет димензии на Темните особини на личноста

	(1)	(2)	(3)	(4)	(5)
(1) психопатија	1	.31	.21	-.21	.03
(2) манипулација		1	.22	-.21	.15
(3) репутација			1	-.13	-.09
(4) самопредставување				1	-.14
(5) скромност					1

Поради стекнување на увид во односот на стиловите на афективната приврзаност со генералната димензија над екстрахираните пет димензии од спектарот на Темната тријада спроведовме уште една факторска анализа. И поред тоа што КМО тестот ни покажа нешто послабо пополнета матрица на интеркорелациипомеѓу пет темни црти на личноста (MSA = .62), и Велицер МАР тестот и Паралелната анализа конгруентно покажаа на постоење само една компонента(Темна тријада) која потоа е екстрахирана во облик на факторски вредности кој е примерен за спроведување на

регресиски анализи со помош на анализа на главните компоненти. Заситувањето на темните црти на личноста со поединачни димензии е прикажано во табелата 2б.

Табела 3б.

Заситување на поединачните димензии на темните црти на личноста со генералната темна црта на личноста

	темна црта на личноста
психопатија	**.677**
манипулација	**.721**
репутација	**.521**
самопредставување	**-.597**
скромност	.276

***Инструмент за мерење на стиловите на афективната приврзаност(Kamenov i Jelić, 2003*)**

Со цел да постигне што поголема прецизноста на класификацијата на испитаниците , проверена е и факторската структура на на инструментот за мерење на стиловите на афективната приврзаност. Резултатите на КМО тестот ни укажаа на примерена пополнетост на матрицата на корелации која би требало да ни овозможи екстракција на валидни фактори (MSA = .79). Сигурноста на двете димензии во прашалникот на партнерските стилови на афективната приврзаност е примерена и изнесува кронбах алфа за анксиозностаα = .76, додека за избегнувачкиот стил е кронбах алфа α = .76.

Со цел да се одреди примерен број на фактори повторно е направен Velicer MAP тестот и дополнително се проверени со резултатите на Паралелната анализа. После самото спроведување на тестовите, два истражувачки пристапи ни покажаа на различен број на примерени фактори: Velicerov MAP тест со анализата на главните компоненти ни покажа постоење на три димензии, додека Паралелната анализа ни покажа постоење на две димензии што е во склад со теориските поставки. Ние ќе ги прикажеме двете факторски решенија.


Табела 3.

Заситување на поедините ајтеми со димезиите на инструментот за афективна приврзаност во трифакторскиот модел

	Компонента 1	Компонента 2	Компонента 3	h^2	u^2
изб1	**.65**	-.18	-.20	.37	.63
анк1	.19	**.59**	-.05	.47	.53
изб2	**.50**	.27	.25	.46	.54
анк2	.28	**.31**	**-.35**	.40	.60
изб3	**.67**	.19	-.01	.57	.43
анк3	.04	**.62**	-.10	.45	.55
изб4	**.82**	-.01	.16	.72	.28
анк4	-.17	**.86**	.23	.59	.41
изб5	.02	.20	**.78**	.56	.44
анк5	.19	**.61**	.01	.48	.52
изб6	**.85**	-.17	-.11	.65	.35
анк6	-.05	**.72**	.01	.49	.51
изб7	.10	.12	**.78**	.59	.41
анк7	-.26	**.49**	.01	.22	.78
изб8	**.56**	.00	.25	.40	.60
анк8	-.23	**.37**	**-.40**	.40	.60
изб9	.01	-.04	**.79**	.65	.35
анк9	.13	.08	**-.47**	.27	.73

Забелешка: анк = анксиозностt, изб = одбегнување

Табелата3. ги прикажува резултатите на трифакторското решение на инструментот за мерење на партнерските стилови на афективната приврзаност по пат на анализа на главните компоненти со косоаголна ротацијаpromax (со Kaiser нормализацијата), која вкупно завзема 49% варијанса на ајтемите во прашалниот (18% е првата компонента, 17% е втората компонента, а третата компонента е 14%) со просечна комплексност на ајтемите од 1,4 и корен од просечниот фактор на резидуалите од .07 (RMSR = .07). Деталниот преглед на горната табела ни открива дека ајтемите кои се извоиле како трет фактор заправо се спротивни ајтеми на инструментот кои се спротивно кодирани споредругите и всушност претставуваа повеќе методолошки него содржински фактор.



Графикон бр. 10. Паралелна анализа на инструментот (Kamenov i Jelić, 2003)

Табела 5.


Заситување на поединиte ајтеми со димензиите на инструментот на партнерските стилови на афективната приврзаност во двофакторскиот модел

	Избегнување	Анксиозност	h^2	u^2
изб1	**.45**	.04	.21	.79
анк1	**.37**	**.50**	.44	.56
изб2	**.67**	.01	.46	.54
анк2	.23	**.54**	.39	.61
изб3	**.69**	.17	.54	.46
анк3	.23	**.57**	.41	.59
изб4	**.83**	-.13	.67	.33
анк4	.26	**.47**	.33	.67
изб5	**.42**	**-.52**	.38	.62
анк5	**.41**	**.46**	.44	.56
изб6	**.69**	-.03	.47	.53
анк6	.23	**.55**	.39	.61
изб7	**.47**	**-.57**	.46	.54
анк7	-.05	**.36**	.13	.87


изб8	**.62**	-.20	.39	.61
анк8	-.24	**.62**	.40	.60
изб9	**.33**	**-.71**	.53	.47
анк9	-.05	**.47**	.21	.79

Забелешка: анк = анксиозност, изб = одбегнување

Според досега наведеното како мерка за мерење на афективната приврзаност ќе се користи двофакторското решение кое е составено од двете димензии анксиозност и одбегнувањекое е прикажано во Табелата 5. каде во инструментот *(Kamenov i Jelić, 2003*), се објаснува 40% од варијансата на ајтемите, (21% одбегнување и 19% анксиозноста), со просечна комплексност на ајтемите од 1.4, RMSR od .09 и корелација помеѓу димензиите од r = .15.




Графикон бр. 11. Густината на резултатите на димензијата анксиозност



Графикон бр. 12. Густината на резултатите на димензијата избегавање

После утврдувањето на факторската структура на прашалникот со следниот чекор пристапивме на иницијалните анализи, а со цел да направиме дескрипција на примерокот со оглед на стилот на афективната приврзаност. Со оглед на тоа дека факторската структура на прашалникот за мерење на стиловите на афективната приврзаност е потврдена сега целта ни е да ја направиме класификацијата како што е поставена во теоретскиот дел од авторките на овој прашалник. Групирањето на испитаниците се пристапи на следниот начин: испитаниците кои на двете скали постигнаа резултат поголем од 36 поени категоризирани се како испитаници со дезорганизиран образец на приврзаност. Испитаниците кои на двете скали постигнаа резултат помал од 36 поени категоризирани се како испитаници со сигурен стил на приврзаност. Испитаниците кои на скалата за анксиозност постигнаа повеќе од 36 поени категоризирани се како испитаници со окупиран образец на приврзаност. Испитаниците кои на акалата за одбегнување постигнаа резултат поголем од 36 поени категоризирани се како испитаници со отфрлувачки стил на приврзаност.Со наведеното групирање се направени категориите на испитаниците во партнерски стилови на афективната приврзаност кои се приказани во графот 1.



Графикон бр. 13. Категоризација на испитаниците во примерокот со оглед на стилот на афективната приврзаност

1. Сигурни 29% = 40 испитаници
2. Отфрлувачки 26% = 37 испитаници
3. Окупирани 19% = 26 испитаници
4. Дезорганизирани 26% = 37 испитаници

Дескриптивни податоци и иницијални анализи

Табела 6. Дескриптивни податоци на варијабли на темноте црти на личноста во однос на стилот на приврзаноста на испитаниците

			SD	*C*	*min*	*max*	*raspon*
отфрлувачки (n = 37)	психопатија	0.02	1.08	-0.04	-1.74	2.57	4.31
	манипулација	-0.13	1.01	-0.17	-1.96	2.06	4.01
	репутација	-0.38	1.15	-0.42	-2.86	1.86	4.72
	самопредставување	0.17	1.10	0.09	-2.27	2.71	4.98
	скромност	-0.14	0.93	-0.05	-2.55	1.63	4.18
	темна особина	-0.25	0.98	-0.50	-2.76	1.50	4.26
окупирани (n = 26)	психопатија	0.20	0.95	0.20	-1.62	1.98	3.60
	манипулација	0.12	0.82	0.13	-1.17	2.24	3.40
	репутација	0.22	0.90	0.30	-1.63	1.54	3.17
	самопредставување	-0.31	0.76	-0.39	-1.76	1.23	2.99
	скромност	0.39	0.85	0.36	-0.92	2.27	3.19
	темна особина	0.37	0.77	0.28	-0.73	1.99	2.72
дезорганизирани (n = 37)	психопатија	0.26	1.09	0.03	-1.97	2.77	4.74
	манипулација	0.35	1.03	0.19	-1.67	2.85	4.52
	репутација	0.38	0.78	0.50	-1.66	1.84	3.50
	самопредставување	0.01	1.03	0.03	-2.09	2.06	4.15
	скромност	-0.14	1.04	-0.17	-2.74	1.69	4.43
	темна особина	0.34	0.90	0.26	-1.13	2.06	3.19
сигурни (n = 40)	психопатија	-0.38	0.78	-0.38	-1.91	1.41	3.32
	манипулација	-0.25	1.01	-0.41	-1.83	3.14	4.97
	репутација	-0.09	1.00	0.22	-2.94	1.35	4.30
	самопредставување	0.07	1.03	0.12	-2.39	2.55	4.94
	скромност	-0.06	1.08	-0.03	-1.96	2.44	4.41
	темна особина	-0.33	1.10	-0.50	-2.03	2.67	4.70

Табелата 6. прикажува одредени образоци кои се јавуваат во примерокот на испитаниците. Така на пример сигурно приврзаните испитаници имаат најповеќе негативни аритметички средини на темните особини на личноста кога се гледа поединечно и најнизок резултат на генералната мерка на темната личност. Додека од друга страна можеме да видиме дека профилот на дезорганизираните испитаници опишува најнеповолен сплет на особините: високи се на сите темни особини, додека ниско се на скромноста која се темели доминантно на ајтемите на нарцизмот кои се

мерени во спротивниот смер во однос на поголемиот број. Исто така варијабилноста на скалата на темните особини на личноста кај окупираните е нешто помала од варијабилноста на другите групи. И поред тоа што профилите на сигурните и отфрлувачките испитаници меѓусебно се слични, табелата укажува на разлики на аритметичките среддини на скалите за на манипулација и репутација чие тестирање е прикажано во наредниот дел од табелата.И поред тоа што формираните групи се приближни во однос на нивната големина, сепак релативно големите стандардни девијации во споредба со разликите меѓу аритменичките средини ја намалуваат снагата на спроведените постапки на инференцијалната статистика и со тоа од посебна важност е во анализата да се пристапи со одредена доза на внимателност.

Табел 7.

Карта на корелации помеѓу темните особини на личноста, димензиите на приврзаноста и контролните фактори со примена на Бонфероииевата корекција на нивото на значајноста.

	(1)	(2)	(3)	(4)	(5)	(6)	(7)	(8)	(9)	(10)	(11)	(12)	(13)
(1) возраст	1												
(2) спол	.22	1											
(3) најдолга врска	.26	-.08	1										
(4) број на врски	.42*	.16	.04	1									
(5) моментално во врска	.07	-.11	.07	.06	1								
(6) психопатија	-.08	.08	0	-.13	.02	1							
(7) манипулација	-.03	-.06	.03	.05	-.02	.30*	1						
(8) репутација	-.23	-.18	0	-.10	.01	.21	.22	1					
(9) самопредставување	-.09	.05	-.07	-.10	-.08	-.21	-.21	-.13	1				
(10) скромност	-.11	-.05	.03	-.01	.29*	.04	.17	-.08	-.14	1			
(11) темна особина	-.10	-.07	.05	-.03	.08	.68*	.72*	.52*	-.60*	.28*	1		
(12) анксиозност	.05	-.02	.10	.11	.03	.30*	.30*	.28*	-.07	.10	.38*	1	
(13) избегнување	-.04	.05	-.08	-.01	-.18	.15	.15	.06	.14	-.23	.05	.07	1

*$p_{adj} < .10$

Во табелата7. на предметната матрица на корелации можиме да видиме дека најсилно се истакнуваат корелациите на поединечните темни црти на личноста со генералната темна црта на личноста (*r* = .68 со психопатија,*r* = .72 со манипулација, *r* = .52 со репутација, *r* = -.60 со самопредставување,*r* = .28 со скромност) и корелацијата помеѓу возраста и бројот на претходни партнерски врски (*r* = .42).

Регресиски анализи

Во овој дел се претставени резултатите одХиерархиската повеќекратна, односно секвенцијалната регресија, со која варијаблите ќе ги внесуваме постепено во блокови и по одреден распоред.

Стиловите на афективната приврзаност како предиктори на психопатијата

Резултатите од тестирањето на трите модели кои се предиктори на психопатијата прикажани се во табелата 8а. во која можиме да видиме дека Q-Q графиконот укажува на минимални одстапувања од нормалноста додека односот на Cook дистанцата и мерките на влијание кои се израчунати за поединечниот испитаник не покажаа присуство на влијателните случаеви кои би можеле да ја зголемат пристрасноста на резултатот. Сите три модели се покажаа статистички значајни $F(3, 136) = 3.25$, $p = .024$, $R^2_{adj} = .046$ за модел 1,$F(5, 134) = 2.35$, $p = .044$, $R^2_{adj} = .046$ за модел 2 $F(8, 126) = 2.10$, $p = .040$, $R^2_{adj} = .062$ за модел 3.


Табела8 а.

Резултати на линеарните регресии со психопатијата како критериум

	модел 1			модел 2			модел 3		
	B	*ст. грешка*	*t*	*B*	*ст. грешка*	*t*	*B*	*ст. грешка*	*t*
(сигурни)	-0.38	0.155	-2.44*	-0.04	0.340	-0.11	-0.29	0.467	-0.63
окупирани	0.58	0.247	2.35*	0.60	0.248	2.42*	0.73	0.253	2.90**
Отфрлувачки	0.40	0.224	1.80	0.40	0.224	1.78	0.53	0.228	2.34*
дезорганиз	0.64	0.224	2.87**	0.62	0.224	2.81**	0.67	0.226	2.95**
возраст				-0.01	0.014	-1.21	-0.01	0.017	-0.17

спол	0.24	0.234	1.02	0.29	0.243	1.21
број наврски				-0.09	0.044	-2.01**
траење најд. врска				-0.02	0.119	-0.17
трен.статус				0.13	0.177	0.74

абелешка: * p < .05, ** p < .01



Граф. Q-Q, 8а. Графиконотна супклиничката психопатија укажува на минимални одстапувања од нормалноста.

Прикажаниот регресиски модел покажува на значајни разлики кај психопатијата во односот Според стиловите на приврзаноста.Додека односите помеѓусигурниот и окупираниот, и сигурниот и дезорганизираниот стил на приврзаноста се покажаа релативно робусни на додавањето на предиктори, контролирање на искуствените предиктори или поточно бројот на предходните партнерски врски, посочи на постоење разлики помеѓу сигурниот и отфрлувачкиот

стил на приврзноста. Прикажаните разлики доследно укажуваат дека психопатијата е најслабо изразена кај поединците со сигурен стил на афективната приврзаност

Стиловите на афективната приврзаност како предиктори на манупулацијата

Резултатите од тестирањето на трите модели на предиктори кон манипулацијата прикажани се во табелата 8б.каде можиме да видиме дека Q-Q графиконот укажува на минимални одстапувања од нормалноста, додека односот на Cook-дистанцата и мерките на влијание кои се израчунати за поединечен испитаник не укажа на присуство на влијателни случаеви кои би можеле да ја зголемат пристрасноста на резултатите. Од трите модели само првиот модел се покажа дека е значаен, што покажува дека додавањето на предикторите не резултираше со подобро предвидување на критериумот, односно зависната варијабла. Од трите модели само првиот модел се покажа дека е значаен, што ни покажува дека додавањето на предикторите не резултираше со подобро предвидување на критериумот, односно зависната варијабла. ($F(3, 136) = 2.75$, $p = .045$, $R^2_{adj} = .036$ за модел 1, $F(5, 134) = 1.75$, $p = .044$, $R^2_{adj} = .026$ за модел 2 te $F(8, 126) = 1.19$, $p = .309$, $R^2_{adj} = .011$ за модел 3).


Табела 8 б.

Резултати на линеарни регресии со манипулацијата како критериум

	модел 1			модел 2			модел 3		
	B	*ст. грешка*	*t*	*B*	*ст.грешка*	*t*	*B*	*ст.грешка*	*t*
(сигурни)	-0.24	0.156	-1.59	-0.17	0.344	-0.48	-0.01	0.481	-0.02
Окупирани	0.37	0.248	1.50	0.38	0.251	1.52	0.33	0.26	1.26
отфрлувачки	0.12	0.225	0.55	0.14	0.227	0.59	0.20	0.235	0.83
дезорганизирани	0.60	0.225	2.67**	0.61	0.227	2.68**	0.55	0.233	2.38*
возраст				-0.01	0.014	-0.2	-0.01	0.017	-0.75
пол				-0.16	0.237	-0.68	-0.16	0.25	-0.64
бр. на врски							0.05	0.045	1.11

траење на најдо. врска	0.06	0.122	0.49
момен тален статус	-0.12	0.183	-0.68

Забелешка: * p < .05, ** p < .01



Графикон 8б. Q-Q графиконот на темната особина манипулација укажува на минимални одстапувања од нормалноста.

Прикажаниот регресиски модел покажува дека од сигурно приврзаните испитаници значајно се разликоваат само испитаниците со дезорганизираниот стил на афективна приврзаност, при што дезорганизираните испитаници повеќе ја користат манипулацијата од сигурно приврзаните испитаници. Овој наод се покажа робусен на додавањето на блокови со контролните предиктори. Другите предиктори не се покажаа статистички значајни.

Стиловите на афективната приврзаност како предиктори на репутацијата


Резултатите на тестирањето на трите модели предиктори на репутацијата прикажани се во табелата 8ц. Q-Q графиконот укажува минимални одстапувања од нормалноста, додека односот на Cook- дистанцата и мерките на влијание кои се израчунати за секој поединечениспитаник, не покажува на присуство на влијателните случаево кои би можеле да ја зголемат пристрасноста на резултатите. Сите три модели се покажаа статистички значајни ($F(3, 136) = 4.35$, $p = .005$, R^2_{adj}= .067 за модел 1, $F(5, 134) = 4.76$, $p < .001$, R^2_{adj}= .151 за модел 2 te $F(8, 126) = 2.52$, $p = .014$, R^2_{adj}= .083 за модел 3).

Табела 8ц.

Резултати на линеарните регресии со репутацијата како критериум

	модел 1			модел 2			модел 3		
	B	*ст. грешка*	*t*	*B*	*ст грешка*	*t*	*B*	*ст.грешка*	*t*
(сигурни)	-0.09	0.154	-0.61	0.67	0.328	2.05*	0.64	0.45	1.43
окупирани	0.32	0.245	1.29	0.37	0.239	1.57	0.38	0.244	1.56
Избегавачки	-0.29	0.222	-1.31	-0.24	0.216	-1.14	-0.19	0.22	-0.89
Дезорганизирни	0.47	0.222	2.12*	0.48	0.216	2.21*	0.45	0.218	2.06*
возраст				-0.03	0.013	-2.45*	-0.04	0.016	-2.27*
пол				-0.31	0.226	-1.37	-0.24	0.234	-1.01
Бројна врски							0.03	0.042	0.74
траење на најдолгата врска							0.03	0.115	0.28
момента статус							-0.04	0.171	-0.22

Забелешка: * p < .05, ** p < .01



Граф8и9н8ц. Q-Q графиконот на темната особина репутација укажува на минимални одстапувања од нормалноста.

Прикажаниот регресиски модел укажува на значајни разлики во репутацијатасо оглед на афективните стилови на приврзаноста, при што се дезорганизираните приврзани испитаници повеќе се грижат за репутацијата одколку сигурно приврзаните испитаници. Другите стилови на афективната приврзаност во овој контекст не се разликуваат од сигурно приврзаните. Како додатен предиктор на репутацијата с истакнува возраста при што повозрасните поединци во просек имаат постигнато пониски резултати од помладите испитаници на скалата репутација.

Стиловите на афективната приврзаностсакако предиктори на самопредставувањето

Резултатите од тестирањето на трите модели предиктори на самопредставувањето прикажани се во табелата 8д. Q-Q графикотот укажува на минимална одстапувања од нормалноста додека односот на Cook-растојанието и мерките на влијанието кои се израчунати за поединечните испитаници не укажува на присатност на влијателните случаеви кои би ја зголемиле пристраноста на резултатите. Ниеден од овое три модели не се покажа статистички значаен $F(3, 136) = 1.21$, $p = .306$, $R^2_{adj} = .005$за модел 1, $F(5, 134) = 1.04$, $p = .399$, $R^2_{adj} = .001$ за модел 2 te $F(8, 126) = .60$, $p = .777$, $R^2_{adj} < .001$ за модел).


Табела 8 д.

Резултатите на линеарните регресии со самопредставувањето како критериум

	модел 1			модел 2			модел 3		
	b	*ст. грешка*	*t*	*b*	*ст. грешка*	*t*	*b*	*st.. грешка*	*t*
(сигурни)	0.07	0.159	0.47	0.40	0.349	1.14	0.58	0.493	1.18
окупираниі	-0.38	0.253	-1.51	-0.36	0.255	-1.43	-0.33	0.267	-1.22
избегнувачки	0.09	0.229	0.40	0.09	0.23	0.40	0.03	0.24	0.13
дезорганизиран	-0.06	0.229	-0.29	-0.08	0.23	-0.33	-0.11	0.238	-0.45
возраст				-0.02	0.014	-1.10	-0.01	0.017	-0.75
пол				0.19	0.241	0.81	0.17	0.256	0.65
број на врски							-0.02	0.046	-0.36
време на најдолга врска							-0.04	0.125	-0.32
момент статус							-0.06	0.187	-0.30

Забелешка: * p < .05, ** p < .01

Во склад / соодветност со резултатите кои се добиени на целиот модел можеме да видиме дека ниеден од предикторите не се покажа статистички значаен. Ваквите резултати покажуваат отсуство на значајни разлики во самопредставувањето како како темна црта со оглед на стилот на приврзаноста.



Граф. 8д. Q-Q графиконот на темната особина самопредставување укажува на минимални одстапувања од нормалноста.

Стиловите на афективната приврзаност како предиктор на скромноста


Резултатите на тестирањето на трите модели на предиктори прикажани се во табелата 8е. Q-Q графиконот укажува на минимални одстапувања од нормалноста, а односот на Cook-растојанието и мерките на влијание кои се израчунати за за секј поединечен испитаник не укажа на присатност на влијателни случаеви кои би ја зголемиле пристрасноста на резултатите. Од трите модели кои се проверени само последниот модел покажува статистичка значајност ($F(3, 136) = 1.88$, $p = .136$, $R^2_{adj} = .019$ за модел 1, $F(5, 134) = 1.59$, $p = .166$, $R^2_{adj} = .021$ за модел 2 te $F(8, 126) = 2.39$, $p = .019$, $R^2_{adj} = .077$ за модел 3).

Табела 8е.

Резултати на линеарните регресии со скромноста како критериум

	модел 1			модел 2			модел 3		
	b	*ст. грешка*	*t*	*b*	*ст. грешка*	*t*	*b*	*ст.грешка*	*t*
(сигурни)	-0.05	0.156	-0.38	0.38	0.344	1.11	-0.51	0.447	-1.13
окупирани	0.45	0.250	1.82	0.49	0.250	1.94	0.44	0.243	1.83
избегнувачки	-0.08	0.226	-0.34	-0.06	0.227	-0.25	0.02	0.219	0.09
дезорганизирани	-0.08	0.226	-0.35	-0.08	0.226	-0.36	-0.01	0.217	-0.05
возраст				-0.02	0.014	-1.39	-0.03	0.016	-1.99*
пол				-0.06	0.037	-0.27	0.02	0.233	0.07
број на врски							0.03	0.042	0.73
најдолга врскаај							0.10	0.114	0.86
момент статус							0.49	0.170	2.91**

Белешка: * p < .05, ** p < .01



Граф. 8е. Q-Q графиконот на темната особина скромност укажува на минимални одстапувања од нормалноста.

Приказаните резултати укажуваат на одсутност на разлики кај скромноста во контекст на темните црти на личноста со оглед на стилот на приврзаноста. Статистички значајни предиктори возраста и моментален статус на партнерската врска се појавија дури во третиот модел. При тоа возраста не беше статистички значајна како предиктор во вториот модел што укажува дека со вклучувањето на третиот модел со блокот на преддиктори дојде до супресија која го зголеми предиктивниот допринос на варијаблата возраст. Во наведениот контекст повозрасните во просек постигнуваа пониски резултати на скалата скромност од позиција на темните црти на личноста.Од друга страна испитаниците кои беа во врска постигнуваа повисоки резултати на скалата за скромност од испитаниците кои во времето кога се спроведуваше истражувањето не беа во партнерски врски.

Стиловите на афективната приврзаност како предиктори на генералната темна црта на личноста


Резултатите од тестирањето на трите модели на предиктори на ганералната темна црта на личноста прикажани се во табелата 78ф. Q-Q графиконот покажува минимални одстапувања од номалноста додека односот на Cook-растојанието и мерките на влијание кои се израчунати за поедините спитаници не укажа н присутноста на влијателни случаеви кои би ја зголемиле пристраноста на резултатите. Сите три модели се покажаа статистички значајни ($F(3, 136) = 5.23$, $p = .002$, $R^2_{adj} = .084$ за моделот 1, $F(5, 134) = 3.58$, $p = .004$, $R^2_{adj} = .085$ за моделот 2 и $F(8, 126) = 2.12$, $p = .039$, $R^2_{adj} = .063$ за моделот 3).

Табела 8 ф.

Резултати на линеарните регресии со генералната компонента на темните особини на личноста како критериум

	модел 1			модел 2			модел 3		
	b	*ст. грешка*	*t*	*b*	*ст. грешка*	*t*	*b*	*ст.грешка*	*t*
(сигурни)	-0.33	0.152	-2.16*	0.04	0.333	0.11	-0.22	0.460	-0.48
окупирани	0.70	0.242	2.89**	0.73	0.243	3.00**	0.74	0.249	2.98**
отфрлувачкиі	0.08	0.219	0.36	0.10	0.220	0.46	0.23	0.225	1.03
дезорганизиранііі	0.67	0.219	3.06**	0.67	0.220	3.07**	0.68	0.222	3.06**
возраст				-0.02	0.014	-1.15	-0.02	0.016	-1.12
пол				-0.15	0.230	-0.64	-0.08	0.239	-0.33
број на врски							0.01	0.043	0.15
најдолга врска							0.06	0.117	0.50
момент статус							0.09	0.175	0.51

Белешка: * p < .05, ** p < .01



Граф. 8ф. Q-Q графиконот на генералната темна црта укажува на минимални одстапувања од нормалноста

Како во случајот кај психопатијата резултатите укажуваат на постоење статистички значајни разлики помеѓу испитаниците со различни стилови на афективна приврзаност со оглед на генералната темна црта на личноста. Сигурни приврзаните испитаници кроз сите три модели се покажаа помалку темни од испитаниците со окупираниот и дезорганизираниот стил на приврзаноста, додека од испитаниците си отфрлувачкиот стил на приврзноста не се разликоваат значајно. Со додавањето на контекстуалните предиктори во моделот не дојде до промени во нивото на статистичката значајност на стиловите на афективната приврзаност како предиктори, што е можно да се со тоа укажува на маргинален ефект на искуството во партнерските врски во однос на генералната темна црта на личноста.

IV. АНАЛИЗА НА ИСТРАЖУВАЊЕТО И ДИСКУСИЈА

Во теорискиот дел се прикажани теоретските поставки и содржини на супклиничкиот конструкт темна тријада, односно темните особини од личноста кои ги претставуваат супклинички делови од нивните континуитети, макијавелизмот, супклиничкиот нарцизам и супклиничката психопатијаJones&Paulhus, (2011). Исто така ја прикажавме и теоријата на афективната приврзаност кај блиските односи, односно кај партнерските врски преку варијаблите кои ги изразуваат димензиите на афективната приврзаност, анксиозноста и избегнувањето, а кои се за потребите на ова истражување расподелени во 4 стила на афективната партнерска приврзаност (Bartholomew, 1991, СпоредStefanovic-Stanojevic,2011).Можи да се види дека поставивме два различни теоретско психолошки концепти за кои преку прегледот на психолошката литература можиме да видиме дека се често предмет на истражувањата во нивниот однос кон други психолошки конструкти, меѓутоа за испитувањена нивниот меѓусебен однос,не постојат многу истражувања. Од нашите сознанија постои научен труд со истражувањето на сличен однос помеѓу актуелните варијабли од Петар.М.,(2017) и научен труд од Joy B., Krumenacker(2019).

Прашалник на темната тријада (Short Dark Triad,SD3; Jones i Paulhus, 2014)

Првата цел на ова истражување ни беше да ја провериме факторската структура на прашалниците за мерење на Темната Тријада, (Short Dark Triad,SD3; Jones i Paulhus, 2014)и прашалникот за мерење на афективната приврзаност кај партнерските блиски врски Kamenov i Jelic(2003). Факторската анализа на прашалниците е потребнаи се користи најчесто во ситуациите каде примерокот е формиран по неслучаен пат или е релативно мал со оглед на бројот на варијаблите, исто така кога се работи за примеро со неискусни испитаници кој е формиран на комбиновани начин,кога прашалниците се невалидирани за предметната популација и за други истражувачки цели и задачи. Пред постапката на самата факторска анализа врз прашалникот за мерење на Темната Тријада, (Short Dark Triad,SD3; Jones i Paulhus, 2014), направенаесо Kaiser-Meyer-Olkin тестот проверка на примереноста на матрицата на корелациите помеѓу предметните варијабли и при тоа е добиена вредноста (MSA = .72, која покажува дека во самата матрица на корелациите постојат образоци кои би требало да овозможат екстракција на валидни латентни

фактори.Бројот на факторите е проверен coVelicer MAP тестот и со Анализата на главните компоненти и при тоа се добиени три латентни компоненти макијавелизам, нарцизам и психопатија во состав на конструктот Темна тријада кои се во склад со теоретската поставка.Резултатите од оваа постапка се прикажани во Табелата 1.кои покажуваат дека заедничката варијанса изнесува 35% односно првата компонента макијавелизмот има 14%, втората нарцизмот има 11% и третата психопатија означува 10% од заедничката варијанса. Овој начин претставува еден истражувачки пристап, додека другиот истражувачки пристап води до употреба на паралелната анализа која претставува теоретски одговор на добиените резултати. Паралелната анализа е посовремена статистичка постапка.Резултатите од наведената постапка се прикажани во табелата 2. При таа постапка добиени се пет латентни компоненти: (1) психопатија со 13% заситена варијанса, (2) манипулација со 11% која потекнува од макијавелизмот, односно од стратешката манипулација, (3) репутација со 9% заситена варијанса која потекнува од макијавелизмот, односно од прикривањето на недостатоците и од нарцизмот, односно од грандиозноста, (4) самопредставувањето со 7% заситена варијанса која потекнува од нарцизмот, односно од самоперцепираната надмоќност и од психопатијата, односно од избегнувањето на ризикот,(5) скромноста со заситена варијанса од 6% која потекнува од негативните кодирани ајтеми. Овие пет компоненти се добиени со факторската анализа и означени се како Темни особини. Во Табелата 2а. се прикажани меѓусебните корелации помеѓу компонентите каде можиме да видиме дека има поголеми корелации помеѓу психопатијата со манипулацијата, репутацијата и самопредставувањето.

Од истражувањата на Moshagenet al.(2018), кои во своето истражување врз основа на факторската анализа и користењето на Паралелната анализа на прашалникот (Short Dark Triad,SD3; Jones i Paulhus, 2014)и примерок n= 304, добиени се 9 компоненти како темни особини:(1) егоизам, (2) макијавелизам, (3) аморалност, (4) нарцизам, (5) привилегија, (6) психопатија, (7) садизам, (8) личен интерес и (9) пркос- противење. Според резултатите кои се добиени во нивното истражување, се покажува дека постои темен фактор кој можи да се претстави како генерален фактор, односно јадро на темните особини и при тоа неговите особините се дефинираат како манифестации на тој фактор.Конструктот темна тријада е само дел од темниот фактор односно јадро што се согласува со резултатите од наведеното

истражување на Moshagenet al.(2018). Во понатамошнио тек на истражувањето се одлучив да ја користам посовремената статистичка постапка со која се добиени пет компоненти на темниот фактор. Поради добивањето на увид во односот помеѓу стиловите на афективната приврзаност со генералниот темен фактор спроведена е уште една факторска анализа со која е потврдено постоењето на генералниот фактор. Во Табелата 3б. се приказана резултатите од наведената постапка каде е добиена вредноста на меѓусебната корелација помеѓу пет компоненти MSA=.62 и заситеноста на компонентите со варијансата на генералниот темен фактор.

Прашалник за стиловите на афективната партнерска приврзаност (Kamenov i Jelic2003)

Со цел да се постигне попрецизна класификација на испитаниците.По стиловите на афективната партнерска приврзаност спроведена е факторска анализа на прашалникот за мерење на афективната партнерска приврзаност. Добиена е примерена пополнетост на матрицата на корелациитеMSA=.79, која би требало да овозможи екстракција на валидни компоненти. При тоа се конзултирани резултатите од Velicer MAP тестот и проверена е примереноста на резултатите со Паралелната анализа. После спроведената анализа двата истражувачки пристапи покажаа различни број на примерени компоненти. Velicer MAP тестот ни појажа постоење на три главни компоненти, додека Паралелната анализа покажува постоење на две главни компоненти. Двете факторски решенија се прикажани во табелите 4 и 5. Во Табелата 4. трите компоненти: (1) првата компонента анксиозност е заситена со 18% заедничка варијанса од ајтемите во прашалникот, (2) втората компонента одбегнување е заситена со 17% варијанса од ајтемите во прашалникот и93) третата компонента која е методска е заситена со 14% варијанса од ајтените во прашалникот. Ајтемите кои се издвоени во третата компонента се супротно кодираните ајтеми и представуваат повеќе методска него содржинска компонента. Од наведенотово натамошниот тек на истражувањето како мерка за стиловите на афективната партнерска приврзаност ќе се користи решението со две компоненти чии резултати се прикажани во Табелата 5. каде можиме да видиме дека двофакторското решение со димензиите анксиозност и езбегавање се објаснува 40%

варијанса од ајтемите на прашалникот или 19% анксиозност и 21% одбегнување. Меѓусебната корелација е r= .15.

После утврдувањето на факторската структура на прашалникот преку иницијалната анализа се пристапи на дескрипција и одредување на стиловите на афективната партнерска приврзаност со што се добиени 4 стила од кои најголем број на испитаници се класифицирани со сигурен стил 29%, со отфрлувачки стил се класифицирани 26%, со окупирани стил се класифицирани 26%, додека со дезорганизиран стил се класифицирани 19%.Добиените резултати се конзистентни со резултатите во истражувањата кои ги имаат добиено авторките на предметниот прашалник (Kamenov i Jelic2003).

Во Табелата 6. се прикажани формите на образоците кои се појавуваат во примерокот на испитаниците. Така на пример сигурно приврзаните испитаници имаат најповеќе негативни аритметички срединина на темните особини на личноста ако гледаме поединечно и најниски резултати на генералниот темен фактор. Испитаниците со дезорганизираниот стил на приврзаност имаат највисока корелација со сите темни особини, со исклучок во односот со скромноста. Кај окупираниот стил имаме помал варијабилитет од другите групи. Кај отфрлувачкиот стил имаме еднаквост со сигурниот стил освен разликите врз репутацијата и манипулацијата. Пред да се пристапи кон спроведувањето на регресиските анализи, пресметана е матрицата на корелации која графички е прикажана во табелата 7. Со оглед на размерно големиот број на варијабли меѓу кои е пресметана меѓукорелацијата, постои вероватност дека барем некои од наведените корелации би биле неправедно прогласени како статистички значајни, а што го изразува поимот *familywise грешка тип* I(Howell, 2010). Попрецизно во врска со наведеното, односно кај повеќестраното тестирање треба да наведеме дека нул- хипотеза, ако не се земе во предвид вероватноста на позадината на *p – вредноста* може да, по случај дојде до статистички значајни резултати. Со оглед на тоа што предметната табела содржи 13 варијабли, тоа значи дека бројот на нул-хипотези е 78, односно некоригираната вероватност на барем една погрешно отфрлена нулта хипотеза е 78* .05=390%, што објаснува дека е вероватно, да е повеќе од една погрешно отфрлена нул – хипотеза. Бидејќи големината на примерокот испитаници е 140, појавата на изоставувања не некои одговори во прашалниците, потребата за корекција на нивото на значајноста

поради повеќестраните споредувања, на резултатите е е применета Бонферониевата корекција, при што нивото на веројатноста барем на една погрешка од тип I е задржана на 10%.Во табелата 7. исто е претставено преку корелациите кои се непосредно поврзани со поставените истражувачки проблеми дека со анксиозноста во односите корелираат психопатијата (r = .30), манипулацијата (r = .30) ирепутацијата (r = .28), како и генералната компонента на темните особини на личноста(r = .38),што би значело дека анксиозноста како димензија на афективната приврзаност е доминантна кај поединците кои имаат повисок степен на изразеност на темните особини на личноста. Додека од друга страна, резултатите покажуваат на негативен односна цртата скромност и димензијата одбегнување иако тој однос после корекцијата не се покажа статистички значаен (r = -.23, p_{adj}= .546).

Утврдување на корелации, разлики и предиктивности помеѓу стиловите на афективната приврзаност кај партнерските односи и темните особини на личноста

Регресиски анализи

Во овој дел се претставени резултатите од Хиерархиската повеќекратна, односно секвенцијална регресија, со која варијаблите ќе ги внесуваме постепено во блокови и по одреден распоред. Регресиските модели се блокови на варијабли со кои ќе ги провериме разликите во изразеноста на поединитe особини на личноста од спектарот на темните црти на личноста во примерокот на испитаниците кои се класифицирани во одередени стилови на афективната приврзаност. Со оглед на тоа што со факторската анализа се добиено пет димензии од прашалникот на темната тријада и потоа од тие пет димезии со додатна екстракција е добиена една општа димензија,како темно јадро на темните црти на личноста, анализата е спроведена посебно за секоја од наведените зависни варијабли. При тоа кај секоја зависна варијабла тестирани се три модели: (1) да е без контролни фактори,(2) два со контролни фактори како би можела да се провери робустноста на добиените резултати. Во вториот модел на стиловите на афективната приврзаност се додаваат спол и возраст како контролни фактори, додека во третиот модел на сите наведени фактори од вториот модел се додаваат и факторите кои се поврзани со искуството во партнерските односи како што се број на претходните врски, тренутен партнерски статус и времетраењето на најдолгата партнерска врска. Со оглед на тоа дека се

работи за регресиска постапка во која категоријална варијабла е предиктор од интерес, а тоа е стилот на приврзаноста. Според тоа што истражувањата покажаа дека во супклиничата популација повеќе од 60%припаѓа на сигурната афективна приврзаност, во склопот на анализата таа е рекодирана на начин да групата на сигурно приврзаните испитаници е одабрана како индикатор, односно резултатите од преостанатите категории на приврзаноста се успоредуваат со сигурно приврзаните испитаници од примерокот.

Хипотеза1.

Во тебелата 8а. се прикажани резултатите од анализата на варијансата помеѓу стиловите на афективната приврзаност и темната особина супклиничка психопатија. Стиловите на афективната приврзаност се групиранина таков начин да сигурно приврзаните од процентуалната застапеност и структурни причина, претставуваат референтна точка во споредувањето за утврдувањето на статистичките разлики помеѓу стиловите на афективната партнерска приврзаност.

Добиените резултати покажуваат постоење на статистичка значајна разлика помеѓу***сигурниот и окипираниот стил*** на афективната партнерска поврзаност во однос на темната особина супклиничка ***психопатија,*** а тоа значи дека испитаниците со сигурен стил покажуваат поголема разлика во однос на испитаниците со окупиран стилкон изразеноста на темната особина психопатија. Прикажаните разлики доследно укажуваат дека психопатијата е послабо изразена кај испитаниците со сигурниот стил него што се изразени кај испитаниците со окупираниот стил на афективната партнерска приврзаност. Психопатијата е изразена со патолошка егоцентричност и неспособност за љубов, површни емоционални односи и безначаен, безличен и слабо интегриран сексуален живот. Додека кај партнерските односи сигурниот стил на афективната приврзаност е изразен со ниска анксиозност и ниско одбегнување, односно претставен е со поголемо поверение, задоволство, отвореност и меѓусебна зависност. Окупираниот стил е изразенпреку негативен внатрешен модел за себе и позитивен внатрешен модел за другите (висока анксиозност и ниско одбегнување), преголемо инвестирање во партнерот поради страв од напуштање и слабо почитување.

Исто така утврдивме дека постои позитивна разлика помеѓу***сигурниот и отфрлувачкиот стил***меѓутоа таа не е статистички значајна. Отфрлувачкиот стил е дефиниран преку внатрешните модели како позитивен за себе(ниска анксиозност) и негативен за другите(високо одбегнување), при тоа можеме да видиме од теоретските поставки дека овие особи се посматраат себеси како супериорни и самодоволни и од тие причини тие не градат отворени односи со своите партнери, него само површни и краткотрајни односи. Долгите врски на личностите со овој стил се карактеризираат со научени правила за дружење со емотивно растојание, затвореност, неповерение и секој на своја страна која претставува сигурна база. Во сите заеднички функционирања и активности постои заедничка соработка меѓутоа без искрени емоции. Од наведените теоретски поставувања видливо е постоењето на сличности помеѓу овој стил и некои карактеристики на супклиничката психопатија како што се супериорноста, самодостатностаи површната емоционалност. Разликата помеѓу ***сигурниот и дезорганизираниот стил*** е статистички значајна и во однос на предходните стилови таа е најповеќе изразена. Разликата е статистички значајна кај сите три модели од регресивната анализа. Резултатите приказани за овој стил ја потврдуваат неговата теоретската поставка, односно неговото претставување преку внатрешниот модел за себе кој е негативен(висока анксиозност) и негативен за другите(високо одбегнување), споредкои личностите со дезорганизираниот стил, во односот со другите се многу зависни и преку таа зависност тие ја бараат потврдата за сопствените вредности, додека во исто време се плашат од другите поради своите негативни очекувања и ја избегнуваат близината како би ја избегнале болката поради потенцијалната загуба и отфрлувањето. (K. Bartolomew,1990, споредStefanovic-Stanojevic,2011).Слични резултати се добиени и во истражувањето на Mrdja, П.,(2019), каде психопатијата е значајно статистички негативно поврзана со сигурниот стил, додека меѓу психопатијата и окупираниот стил не е пронајдена статистички значајна врска во ова истражување.Нашите резултати се совпаѓаат со резултатите од ова истразување посебно кога се работи за односот помеѓу супклиничката психопатија и дезорганизираниот стил каде е најголема поврзаноста, додека во трудовите на (Jonason, Lyons & Bethell, 2013), најголема е поврзаноста помеѓу супклиничката психопатија и отфрлувачкиот стил ($r=.21$; $p<.05$), додека со дезорганизираниот стил е послаба ($r=.16$; $p<.05$).Од добиените резултати можиме да заклучиме дека ***првата хипотеза*** е во поголемиот дел потврдена.

Во табелата 8а. има прикажани резултати од регресиската анализа добиени преку воведување на три модели кои се наведени во истражувањето. Сите три модели се покажаа статистички значајни $F(3, 136) = 3.25$, $p = .024$, $R^2_{adj} = .046$ за модел 1,$F(5, 134) = 2.35$, $p = .044$, $R^2_{adj} = .046$ за модел 2 $F(8, 126) = 2.10$, $p = .040$, $R^2_{adj} = .062$ за модел 3., * p< .05, ** p < .01. Можиме да видиме дека во првиот чекор се внесени само стиловите на афективната приврзаност и при оваа постапка имаме 4.6% објаснета варијанса на супклиничката психопатија со партнерските стиловите како предиктори и моделот како целина е статистички значаен. Најголем поединечен предикторски допринос е од страна на варијаблата дезорганизиран стил .64 и p < .05, **. Во вториот модел ги внесовме варијаблите возраст и спол кои влијаеја врз сигурниот стил на таков начин да ја намалија неговата предиктивност врз супклиничката психопатија. Оправдано е објаснувањето дека како можна причина е тоа што примерокот е доста млад и внесена е повишена анксиозност. Според Blackburn,R.(1993), секундарната супклиничка психопатија уклучува појава на анксиозност при негативните доживувања за разлика од примарната психопарија каде им отсуство на анксиозност. Најголем поединечен предиктор во овој модел е дезорганизираниот стил.62 и * p < .05. Во вториот модел имаме 4.6% објаснета варијанса на зависната варијабла супклиничката психопатија. Во третиот чекор ги внесовме искуствените предиктори како што се број на врските, времетраењето на најдолгата врска и моменталниот партнерски статускои покажаа дека е статистички значајна разлика помеѓу сигурниот и отфрлувачкиот стил. Најголем поединечен предиктор во овој модел е окупираниот стил со .73 и ** p < .01., што е во склад со теоретските поставки. Можиме да ја потврдиме и заедничката варијанса која сега изнесува 6,2% во овој модел, што ни покажува да заклучиме дека искуствените предиктори ја зголемија предиктивноста на овој модел.

Хипотеза 2.

Во Табелата 8б. прикажани се резултатите помеѓу сигурниот и окупираниот стил во однос на манипулацијата кои покажуваат дека не постои статистички значајна разлика меѓу сигурниот и окупираниот стил во однос на темната особина манипулација. Исто така не постои статистички значајна разлика помеѓу сигурниот и отфрлувачкиот стил али је вредноста на разликата помала во однос на сигурниот и окупираниот стил. Во изразеноста на конструктот манипулација, помеѓу сигурниот

и дезорганизираниот стил резултатите ни покажаа дека постои статистички значајна разлика од што можиме да заклучиме дека испитаниците со дезорганизираниот стил повеќе се користат со манипулациите во своите партнерски врски. Теоретските поставки на дезорганизираниот стил го дефинираат овој стил како негативен за себе и негативен за другите, односно со висока анксиозност и високо одбегнувањеи споредтоа личностите од овој стил се високо зависни од другите, односно од својот партнер и тие на тој начин бараат потврди за своите вредности и квалитети. За остварување на овие потреби тие се служат со емоционални манипулации како лажна приврзаност, претерано и неуверливо покажување на љубов и лажно почитување. Манипулацијата во ова истражувањее негативна особина на личноста којае изразена како емоционална манипулација која се појавува во облици на негативно и позитивно поткрепување, лажна приврзаност, бомбардирање со љубов, крокодилски солзи и површна емпатија Admin(2013). Одова истражувањеконструктот манипулација е добиен врз карактеристиките од макијавелизмот како што е стратешката манипулација која е застапена преку манипулативните планирања и однесувања. Овие карактеристики се супротни од карактеристиките на сигурната приврзаност, а во помала мерка и кај окупираната приврзаност што покажуваат и резултатите во ова истражување. СпоредOpat,N. (2017), анксиозноста во партнерските врски е позитивно поврзана манипулативните страни на личноста, односно со тактиките на манипулација како што се индиректните тактики за повладување. Склоноста кон анксиозното барање на топлина, блискост и стално барање на одобрување од партнерот и при тоа со стално присатна несигурност во своите квалитети, поврзана е манипулативната стратегија да се постигне некоја цел.

Во истото истражување е утврдена статистички значајна разлика помеѓу сигурните и несигурните испитаници во употребата и искажувањето на тактики на манипулација со цел да се постигне планираната цел, односно партнерот да направи нешто со што би се остварила целта. Испитаниците со несигурниот стил на партнерската афективна приврзаност во ова истражување ги користе манипулативните тактики. Од добиените и обработени резултати можиме да потврдиме дека ***хипотезата 2. во поголемиот дел не е потврдена освен*** во делот на разликите помеѓу сигурниот и дезорганизираниот партнерски стил на афективната приврзаност. Во табелата 8б. имаме прикажани резултати од

регресиската анализа добиени преку воведување на три модели кои се наведени во истражувањето. Од трите регресиски модели само првиот модел се покажа значаен. $F(3, 136) = 2.75$, $p = .045$, $R^2_{adj} = .036$ за model 1, $F(5, 134) = 1.75$, $p = .044$, $R^2_{adj} = .026$ za model 2 te $F(8, 126) = 1.19$, $p = .309$, $R^2_{adj} = .011$ za model 3), * p < .05, ** , p < .01. Можиме да видиме дека во првиот чекор се внесени само стиловите на афективната приврзаност и при оваа постапка имаме 3,6% објаснета варијанса на темната особина манипулација со партнерските стиловите како предиктори и моделот како целина е статистички значаен. Најголем поединечен предикторски допринос е од страна на варијаблата дезорганизиран стил .60 и **p < .01.Во вториот модел ги внесовме варијаблите возраст и спол кои влијаеја врз сигурниот стил на таков начин да ја намалија неговата предиктивност врз манипулацијата. Во вториот модел имаме 2,6% објаснета варијанса на зависната варијабла манипулација. Во третиот чекор ги внесовме искуствените предиктори како што се број на врските, времетраењето на најдолгата врска и моменталниот партнерски статус кои не покажаа дека е статистички значајни разлико помеѓу партнерските стиловите на афективната приврзаност. Најголем поединечен предиктор во овој модел е дезорганизиранио стил со .55 и * p < .05., што е во склад со теоретските поставки дека личностите со дезорганизиран стил се високо зависни од своите партнери од кои очекуваат потврди за сопствените вредности и воедно се плашат поради своите негативни очекувања од партнерот. Ја избегаваат близината како би ја избегле можната болка поради отфрлувањата кои ги очекуваат и можните други губитоци. Нивната дезорганизираност односно контрадикторност во врска со нивните очекувања ги прави неспособни за озбилни и адекватни врски. Поради тоа, во реалниот живот тие манипулираат со своите и емоциите од своите партнери, а во себе си замислуваат идеални врски и односи со партнерот. Можиме да ја потврдиме и заедничката варијанса која сега изнесува 1,1% во овој модел. Од добиените резултати можиме да видиме дека внесувањето на варијаблите од вториот модел (1) возраст и (2) пол немаат влијание на статистичката значајност резултатите што се потврдени во првиот модел. Третиот модел со варијабли на искуствата од времетраењето на врските, бројот на врски и моменталниот партнерски статус не доведоја до појава на статистички значајни промени. Наведените резултати ни покажуваат дека се согласни со резултатите од истражувањето на (Jonason, Lyons & Bethell, 2013), каде се добиени резултати (r= .29; p<.01), кои се со највисоки скорови помеѓу дезорганизираниот стил и макијавелизмот, азнаеме дека во овој труд конструктот

манипулација најповеќе се темели на стратегиската манипулација од скалата на макијавелизмот.

Хипотеза 3.

Во табелата 8ц. се прикажани резултатите од анализата на варијансите на партнерските стилови на афективната приврзаност во однос на темната особин, односно конструктот репутација која како негативна особина во ова истражување е претставена со три ајтеми од макијавелизмот преку кои е изразена склоноста на криењето на сопствените недостатоци со што се искажува неповерението во околината и склоноста на манипулацијата како би се градела лажна репутација. Исто така содржи елементи од нарцизмот кои се претставени преку изразувањето на грандиозноста.Од резултатите можеме да видиме дека статистички значајна разлика постои само помеѓу сигурниот и дезорганизираниот стил на партнерската афективна приврзаност во однос на изразеноста на конструктор репутација кој во овој контекст на предметното истражување претставен како темна особина. Со оглед на теоретските поставки на дезорганизираниот стил на афективната приврзаност личностите од овој стил повеќе имаат изразени елементи на конструктот репутација кои се манифестираат преку криење на недостатоците, неповерение во партнерот, страв од блискост, а се со цел како би се сочувала перцепираната репутација. Поради овие елементи разлика та со сигурниот стил е статистички начајна, додека разликите помеѓу сигурниот и окупираниот и сигурниот и отфрлувачкиот стил не се статистички значајни. Од наведените резултати можеме да потврдиме дека ***хипотезата3. во поголемиот дел не е потврдена*** освен во делот на разликоте помеѓу сигурниот и дезорганизираниот стил на афективната партнерска приврзаност..

Од Табелата 8ц. каде се прикажани резултатите од трите модели на предикторите на конструктот репутација можиме да потврдиме дека ти се статистички значајни за сите три модели:

($F(3, 136) = 4.35$, $p = .005$, $R^2_{adj} = .067$ za model 1, $F(5, 134) = 4.76$, $p < .001$, $R^2_{adj} = .151$ za model 2 te $F(8, 126) = 2.52$, $p = .014$, $R^2_{adj} = .083$ za model 3), * p < .05, ** p < .01.

Кај првиот модел предикторите претставени преку стиловите на партнерската афективна приврзаност детерминираат 6,7% заедничка варијанса кај зависната варијабла, односно конструктот репутација.Како поединечен предиктор кој највисоко ја предвидува репутацијата е дезорганизираниот стил е*b=.47.* Кај вториот модел имаме изразена статистичка значајност на предикторот возраст, која можиме да ја анализираме дека постарите испитаници покажуваат во просек пониски вредности од помладите испитаници во предметниот примерок на ова истражување. Предикторите во вториот модел ја детерминираат варијансата на зависната варијабла конструктот репутација со 15.1%. Предиктор кој најповеќе ја предвидува репутацијата е сигурниот стил *b* = .67. Додека кај третиот модел застапен со предикторите стиловите на партнерската афективна приврзаност, и искуствените варијабли претставени преку бројот на партнерски врски, времетраењето на врските и моменталниот статус присутна е заедничка варијанса од 8.3%. Најдобар поединечен предиктор кој ја предвидува репутацијата е сигурниот стил *b=.64.*

Хипотеза 4.

Во табелата 8д. се прикажани резултатите од анализата на варијансите на партнерските стилови на афективната приврзаност во однос на темната особина, односно конструктот самопретставување(self-presentation) која како негативна особина во ова истражување е претставена со два ајтеми од нарцизмот преку кои е изразена перцепираната надмоќност и одбегнувањето на ризични ситуации од конструктот психопатија. Карактеристиката перцепирана надмоќност не е подржана со други негативни карактеристики и како таква е безначајна во дефинирањето на овој конструкт. Со оглед на тоа дека е претставен како димензија која има свој континуитет и позитивен и негативен пол, добиените резултати се во склад со претставената теорија на овој конструкт. Според(Leunissen, Sedikides i Wildschut, 2017), испитаниците кои имаат изразен нарцизам, да би ја одржале перцепирана надмоќност го кориестат самопредставувањето за да ја одржат таа перцепирана надмоќност, при тоа се користат со манипулативни тактики. Смопредстатвувањето е исто изразено и преку карактеристиката на психопатијата за одбегнување на ризикот. Овие две карактеристики на личноста во прашалникот се кодирани

Резултатите од анализата на варијансите покажуваат дека не постојат статистички значајни разлики помеѓу сигурниот и окупираниот стил, помеѓу

сигурниот и отфрлувачкиот стил и помеѓу сигурниот и дезорганизираниот стил на партнерската афективната приврзаност, Според изразеноста на конструктот, односно темната особина самопретставување која е екстрахирана со факторската анализа на конструктот темна тријада и добиена е како димензија која е компонента на јадрото на темните особини. Теоретските поставки на конструктот самопретставување не се изразени со негативни карактеристики како останатите добиени конструкти и се во склад со добиените резултати од анализата на варијансите и за непостоењето на статистички значајни разлики. Од наведените резултати можеме да потврдиме дека***хипотезата 4. е во целост потврдена***.

Од табелата 8д. во која се прикажани резултатите од регресивната анализа која е претставена преку трите модели на предикториможиме да видиме дека ниеден модел на предиктивноста не е статистички значаен и заедничката варијанса со која се детерминира варијансата на зависната варијабла, односно конструктот самопретставување е многу ниска и изнесува за првиот модел 5%, за вториот 1% додека за третиоте помала од 1%. ($F(3, 136) = 1.21$, $p = .306$, $R^2_{adj} = .005$ za model 1, $F(5, 134) = 1.04$, $p = .399$, $R^2_{adj} = .001$ za model 2 te $F(8, 126) = .60$, $p = .777$, $R^2_{adj} < .001$ za model 3),* p < .05, ** p < .01.Варијаблата која најповеќе ја предвидува изразеноста на конструктот самопретставување е окупираниот стил на партнерската афективна приврзаност со вредност$b = -.38$ од првиот модел, додека од вториот модел е варијаблата сигурен стил на партнерската афективна приврзаност чија вредност е$b = .40$ и во третиот модел е варијаблата сигурен стил со вредност$b = .58$.

Хипотеза 5.

Во табелата 8е. се прикажани резултатите од анализата на варијансите на партнерските стилови на афективната приврзаност во однос на темната особина, односно конструктот скромност која како негативна особина во ова истражување е претставена со пет ајтеми од нарцизмот преку кои е изразена склоноста конперцепираната надмоќност и правото на привилегии во однос на околината.Од добиените резултати не постојат статистички значајни разлики помеѓу сигурниот и окупираниот стил, сигурниот и отфрлувачкиот стил и сигурниот и дезорганизираниот стил на партнерската афективна приврзаност. Во склад со добиените резултати можиме да видиме дека ***хипотезата5. е во целост потврдена***. Според резултатите прикажани во табелата 8е. од трите модели на

регресивната анализа само третиот модел се покажа како статистички значаен, (F(3, 136) = 1.88, p = .136, R^2_{adj}= .019 za model 1, F(5, 134) = 1.59, p = .166, R^2_{adj}= .021 za model 2 te F(8, 126) = 2.39, p = .019, R^2_{adj}= .077 za model 3),* p < .05, ** p < .01. При тоа, првиот модел оправдува 1.9%од варијансата на зависната варијабла, додека вториот модел детерминира 2.1% а третиот модел 7.7%. Во првиот модел како поединечна варијабла која најповеќе придонесува во варијансата на зависната варијабла конструктот скромност е окупираниот стил со вредноста b=.45, во вториот модел е исто окупираниот стил со вредноста b=.49 и во третиот модел варијаблата тренутен партнерски статус придонесува во варијансата на зависната варијабла конструктот скромнотссо вредноста b =.49.

Во третиот модел варијаблите возраст и тренутен партнерски статус се јавуваат како статистички значајни предиктори на начина да постарите испитаници покажуваат пониски резултати на скалата скромност.Додека испитаниците кои имаат високи резултати на варијаблата тренутен партнерски статус покажуваат повисоки резултати на скалата скромност во однос на испитаниците кои не се во тренутен партнерски статус.

Хипотеза 6.

